Службен гласник

На општина Шуто Оризари

БР.22

Декември, 2024 година

## Содржина :

1. Предлог – Одлука додлување на еднократна парична помош за три лица со тешки социјални услови за живот.

2. Прелдлог – Одлука за усвојување на Програма „Ф“ Урбано планирање на Опшина Шуто Оризари – Скопје за 2025 година.
3. Предлог – Одлука за усвојување на Програма „Ј“ за Комунални дејности на Општина Шуто Оризари- Скопје за 2025 година.
4. Предлог – Одлука за усвојување на програма (РА) , за заштита на животна средина средина и природа за 2025 година.
5. Предлог – Одлука за усвојување на програма за работа на овластен градежен инспектор за 2025 година, на Општина Шуто Оризари –Скопје.
6. Предлог – Одлука за усвојување на Оперативен план за зимско одржување на локални улици, тротоари и други површини кои се во надлежност на Општина Шуто Оризари - Скопје за 2025 година.
7. Предлог – Одлука за усвојување Програма за управување со отпад на територија на Општина Шуто Оризари – Скопје 2025 година.
8. Предлог – Одлука за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави во Општина Шуто Оризари – Скопје , за 2025 година.
9. Предлог – Одлука за усвојување Програма за работа на одделението за комунална инспекција, инспекција за заштита на животна средина и одделението за комунални редари во Општина Шуто Оризари – Скопје за 2025 година.
10. Предлог – Одлука за утврдување на приоритетни проекти во Општина Шуто Оризари за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфрастуктура на општините во Северна Македонија обезбедени од Европска Инвестициона банка, Фаза 2 од проектот „Водоснабдување и одведување н отпадни води“ , Проектите за Изградба на атмосверска канализација на ул. Гвадалахара крај 1, 2 , 3 , Изградба на фекална канализација на ул.Слан Дол и ул.Злетовска крак 1, 2, 3 и Изградба на атмосверска канализација на дел од ул.Вашингтонска крак 1, 2, 3, и крак 4 во Општина Шуто Оризари за 2025 година.
11. Предлог – Одлука за Нацрт – Изјава, дека Општина Шуто Оризари ги исполнува условите со снабдување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, оваа надлежност ја врши ЈП Водовод и канализација која е под надлежност на Град Скопје.
12. Предлог – Изјава дека Општина Шуто Оризари ги исполнува условите за снабдување со вода преку ЈП Водовод и канализација за следните проекти:Изградба на атмосверска канализација на ул.Гвадалахара крак 1, 2, и крак 3; Изградба на фекална канализација на ул.Слан Дол и Злетовска крак 1, 2 и крак 3; Изградба на атмосверска кализација на дел од ул.Вашингтонска крак 1,2,3 и крак 4;
13. Предлог – Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант заем кај Европската Инвестициска Банка по финаскиски договор за проекти Подобрување на водната инфраструктура на Општина Шуто Оризари во Северна Македонија,(„Сл.Весник на РСМ“ бр.166 од 4.08.2023 год.)

14. Предлог – Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за грант за согласно Договор за финансирање SERAFIS бр. 20018-0837 - Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија.
15. Предлог – Одлука за усвојување на Програма „Љ“ за активност на Општина Шуто Оризари во областа на заштита и спасување, противпожарна заштита и управување со кризи во 2025 година.
16. Предлог – Одлука за усвојување на Програма „К4“ Програма за култура, културни манифестации и творештво во Општина Шуто Оризари – Скопје за 2025 година, „К4“ со подпрограма К4О и КАО.
17. Предлог – Одука за усвојување на Програма „Л“ ,Програма за спорт и рекреација во Општина Шуто Оризари – Скопје за 2025 година, ЛО со подпрограма ЛОО и Ла.
18. Предлог – Одлука за усвојување на Програма „Г“ Одделение за Локален економски развој во Општина Шуто Оризари – Скопје за 2025 година
19. Предлог – Одлука за усвојување на годишна програма за Социјална заштита во Општина Шуто Оризари – Скопје, за 2025 година.
20. Предлог – Одлука за усвојување на програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на Општина Шуто Оризари, Скопје за 2025 година.
21. Предлог – Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година.
22. Предлог – Одлука за усвојување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во општина Шуто Оризари за 2025 година.
23. Предлог – Одлука за усвојување на Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила на општина Шуто Оризари 2025 година.
24. Предлог – Одлука за усвојување на Програмата за работа на Советотот на општина Шуто Оризари за 2025 година.
25. Предлог – Одлука за усвојување на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари за 2025 година.
26. Предлог – Одлука за Барање на Еднократна парична помош (опожарена куќа) на ул.Плачковица бр.13, за лицето Бајрам Зекиров.
27. Предлог – Одлука за Барање на Еднократна парична помош (опожарена куќа) на ул.Волт Дизни бр.15а, за лицето Фејзула Ерѓун .
28. Предлог – Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на млади во Општина Шуто Оризари за 2025 година.
29. Предлог – Одлука за усвојување на Програма за активности на Општина Шуто Оризари во областа на еднакви можности меѓу мажи и жени за 2025 година.
30. Предлог – Одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Браќа Рамиз и Хамид“ – Шуто Оризари , Скопје.
31. Предлог – Одлука за усвојување на финански план за распределба на средства на О.О.У.„Браќа Рамиз и Хамид“ - Општина Шуто Оризари, Скопје за 2025 година.
32. Предлог – Одлука за усвојување на финански план за распределба на средства на О.О.У.„26-ти Јули“ – Општина Шуто Оризари , Скопје за 2025 година.
33. Предлог – Одлука за усвојување на финански план за распределба на средства за Ј.О.У.Г.Д.„8-ми Април„- Општина Шуто Оризари, Скопје за 2025 година.
34. Предлог – Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Шуто Оризари – Скопје за 2025 година.
35. Предлог- Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година.

36. Предлог – Одлука за усвојување на Буџетскиот календар на општина Шуто Оризари за 2025 година
37. Прелдог – Одлука за извршување на Буџет на Општина Шуто Оризари за 2025 година.
38. Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2025 година.
39. Предлог – Одлука за усвојување на Правилник за методологија за утврдување на критериум за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачје на општина Шуто Оризари за 2025 година.
40. Предлог – Одлука за усвојување на Правилникот за методологија за утврдување на критериум за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните општинските установи – детски градинки за подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година.
41. Предлог – Одлука за усвојување на Процедура за начинот на отпочнување, превземање финансиски обврски и извршување плаќања од Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година.

Врз основа на член 22, став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 36, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Шуто Оризари ("Службен гласник на Општина ШутоОризари" бр.1/97), а во врска со член 15, став 1, точка 1 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04, 158/11), член 11, 12 и 26 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18и „Службен весник на РСМ“ 32/20, 111/23, 73/24, 171/24), а согласно член 43 и 48 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.144/12, 153/12, 59/13 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ 275/19, 101/21), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница, одржанана 25.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕНА ПРОГРАМАТА (Ф)**

**УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува ПРОГРАМАТА (Ф) УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 година, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член2**

Составен дел на овaа Одлука, е ПРОГРАМАТА (Ф) УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 година, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Шуто Оризари''.

**Бр.08-1104/24**
**Дата: 30.12.2024 год.**

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**с.р Сеад Исмаил**

# ПРОГРАМАТА (Ф) ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

•

**ПРЕДЛАГАЧ:**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

**ИЗГОТВУВАЧ:**

Одделение за урбанизам и заштита на животна средина и комунални дејности

## ПРЕДСТАВНИЦИ:

Клинчаревски Георги дипл.инг.арх.

## ПОВЕРЕНИЦИ:

Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина

## ОСНОВ:

ЗАКОН ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

## НАДЛЕЖНОСТ:

СОВЕТ НА ОПШТИНА

ШУТО ОРИЗАРИ, СКОПЈЕ –декември2024 година

Врз основа на член 22, став 1,точка 1од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 36, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Шуто Оризари ("Службен гласник на Општина Шуто Оризари" бр.1/97), а во врска со член 15, став 1, точка 1 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04, 158/11), член 10 13 и 27 од Законот за урбанистичко планирање и „Службен весник на РСМ" 32/20, 111/23, 73/24, 171/24), а согласно член 43 и 48 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.144/12, 153/12, 59/13 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16,142/16,190/16 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 101/21), Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница, одржана на 25.12..2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**(Ф)**
**УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ „Ф" НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПОДПРОГРАМИ:**

I. Ф.1-ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
II.Ф.2-ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
(тековно оперативни трошоци)
III.Ф.А-ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
(капитални трошоци)
1.ФА0- Уредување на градежно земјиште
(капитални трошоци)

**ПОДПРОГРАМА**

**(Ф1)**
**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО**
**НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ, ЗА 2025 ГОДИНА**

**Подпрограмата содржи:**

**I. Извори на финансирање на Подпрограмата**
**II. Начин на распределба на средствата за финансирање на подпрограмата**
**III. Урбанистичко планирање**
**IV. Средства наменети за урбанистичко планирање**

**V. Динамика за извршување на Подпрограмата**
**VI.Преодни и завршни одредби**

## I.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата за урбанистичко планирање за 2025 година се финансира од Буџетот за 2025 година.

## II.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА Ф1. ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи за урбанистичко планирање на Општина Шуто Оризари, Скопје се:

| Основна ставка | Под-ставка | Ред. бр. | Видови расходи | | | Планирано (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ф10.УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | | |
| **Вкупни расходи** | | | | | | **600.000,00** |
| 42 | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | **600.000,00** |
| | 425640 | 1. | Изработка на просторни и урбанистички планови, ревизија на иститеи изработка геодетски елаборати и ажурирани подлоги | | | 500.000,00 |
| | 425920 | 2. | Копирање, печатење и издавање документи | | | 0 |
| | 426 | 3. | Приватни и други иницијативи заодобрување | | | 0 |
| | 425990 | | Други договорни услуги- Излагање на парцели во катастар,подземен катастар историја движење на имот и др. | | | 100.000,00 |
| **485** | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ (Капитални расходи)** | | | | | **0** |
| | 485230 | | Компјутерски софтвер | | | 0 |
| | | 5. | ГИС (Географски информативен систем) | | | 0 |
| | | 6. | Интернет платформа за поддршка при презентација на урбанистички планови | | | 0 |

*Насловите на секој урбанистички план по потреба може да бидат описно дополнети/изменети во текот на постапките, поради полесно согледување на локацијата на опфатот.
*Одлуките за урбанистичко планска документација ќе се донесуваат по потреба и насловите на истите ќе зависат од локацијата.
*Плановите од оваа Програма ќе се изменуваат и донесуваат во редовна постапка, со утврдување на Нацрт план и донесување на Предлог план, пропишан во член 27 став (1-9) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24).

Во текот на реализацијата на Програмата може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, по потреба, за што одлучува Советот на Општина Шуто Оризари, Скопје.

**#Образложение на постапката 425 Договорни услуги**

Имајќи во предвид дека изработувањето и донесувањето на урбанистичките планови, и урбанистички проекти е континуиран процес и јавен интерес и е од особено значење за општината Шуто Оризари, потребно е општината во својата динамика за урбанистичко планирање, да има отворени можности за интервенирање во истите, континуирано следејќи ги измените во законската регулатива. Подонесувањето на Генералниот Урбанистички план (ГУП) на Град Скопје донесен со Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година објавена во Службен гласник на Град Скопје бр.18/12, општината Шуто Оризари треба да ги усогласи деталните урбанистички планови од целата своја територија со донесување урбанистичка планска документација, усогласена со одредбите од новиот ГУП 2022-2032.. Објавување за јавни анкети и презентации како и консултански услуги за надворешни членови (стручни лица од обласа на урбанистичкото планирање) на Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот која одобрува плански програмии дава мислења по урбанистичките планови изработени од овластена фирма за урбанистичко планирање, согласно член 27 став 1,2,3,4,5,6,7.8,9 и член 38 став 5, 6, 8 и 9 од Законот за урбанистичко планирање, а во текот на изработката на Планските програми и Урбанистичките планови согласно член 46 од Законот за урбанистичко планирање свое мислење предлози и сугестии дава и Партиципативното тело на општина Шуто Оризари.

**#Образложение на постапката 426**

Секоја иницијатива и самоиницијатива за донесување на Детален урбанистички план (ДУП), Урбанистички план вон населено место (УПВН) и Урбанистички план за село (УПС), како и урбанистички проект (УП), согласно Законот за урбанистичко планирање може да се поднесуваат во текот на целата календарска година во архивата на Општина Шуто Оризариили во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Согласно член 39 од наведениот закон, за објавувањето и изработката на наведените Урбанистички планови, можат да поднесуваат и иницијативи и да ја финансираат со сопствени средства и заинтересирани правни и физички лица чии програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општина Шуто Оризари, Скопје и се во рамките на важечките закони.

**#Образложение на постапката 485 Капитални расходи**

Со компјутерски софтвер, предвидени се надградба и одржување на ГИС софтверот за издавање изводи од ДУП како и интернет платформа за поддршка при презентација на урбанистичките планови на територија на општина Шуто Оризари на начин разбирлив за поширoката публика и целата постапка за донесување на истите по електронски пат.

**а) Планирани локалитети за изработка на Детални урбанистички планови:**

***Населбата во Граници на ГУП:***

- **Четврт С06:** Источна страна: ул. Шуто Оризари, западна страна: ул. Шуто Оризари 31 и Локален пат Шуто Оризари - Визбегово, северна страна: Локален пат (ул. Александар Урдаревски), јужна страна: железничка пруга Скопје-Белград - ***домување и мешана намена.*** **За оваа четврт донесен е и усвоен Детален урбанистички план за блок С.06 блок 01 и со претежна намена домување во станбени индивидуални објекти и колективни станбени згради и е предвидено да се изградат и две колективни станбени згради со 51 стан за социјално загрозени лица и лица со посебни потреби. За Блок С.08 изработката на ДУП е реализирана но има поднесено две приватна иницијатив за измена и дополнување од кои едната е на делот околу зелениот пазар на КП 1910/1 КО Бутел и постапката е во тек на работна верзија. Вторaта** ***поднесена приватна иницијатива е барање за измена и дополнување***

*на Детален урбанистички план на дел од Градска четврт С.06.блок 08 на КП 1728/2 и 1728/25 на потегот околу плоштадот на општина Шуто Оризари.Поради барање на Комисијата за урбанизам на Општина Шуто Оризар иза дополнителна документација, иницијативата не е прифатена и подносителот не поднел нова иницијатива.***За блок 2,3,4,5,6,7,9,10,11,12,13 и 14.***Постапката е во тек и е дадена на одобрување до Министерството за транспорт и врски.*

*б)Планирани локалитети за изработка на Урбанистички проекти вон границите на ГУП и вон опфат на урбанистички план*

*-Урбанистички проект вон рамките на ГУП и вон опфат на урбанистички план, во атарот на село Горно Оризарина КП 62 КО Горно и Долно Оризари со површина од 8,7 ха со проширување на планскиот опфат и планирање на мини населба за домување на социјално загрозени лица и лица со посебни потреби во склоп на стопански дворсо потребната инфраструктура каде се предвидува изградба на 100-150 станбени индивидуални со површина од 50м2-80 м2 за социјално загрозени лица и лица со посебни потреби.После изработката на физибилити студија , од страна на Архитектонскиот факултет,изготвена е и одобрена е Планската програма и постапката за изработка на Урбанистичкиот проектза донесување на истиот ќе биде продолжена во 2025 година.Иницијативата е поднесена од страна на Општина Шуто Оризари, а аплицирано е е за финансирање и изработка до Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство .Постапката е во тек.*




**Скица бр. 1**


село Горно Оризари
Легенда:
Рурален дел 36.80 ха
Лесна индустрија
Градски гробишта
Спорт и рекреација
Домување
Затвор
Центар-мешовита намена
Крак-1 Л=166.70м

**Скица бр.2.**

## III.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Оваа програма Ф1-Урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Шуто Оризари ќе се финансира од Буџетот на Општина Шуто Оризари и од други финансиски извори, предвидени за 2025 година и од други внатрешни и надворешни субјекти, а средствата ќе бидат обезбедени од:

- **Надоместок за користење (уредување) на градежно земјиште**
- **Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови од Буџетот на Град Скопје.**
- **Надомест за донесување на урбанистички планови и ДУП по барањесо приватни иницијариви од правни и физички лица**
- **Продавање и откуп на градежно земјиште испод легализирани објекти и дворни површини каде што е донесен ДУП. Според изработената Програма на општината започнат е процесот со располаганје со градежно земјиште на нејзина територија кое е во сопственост на Република Северна Македонија.**
- **Министерство за транспорт, Буџет на РСМ, Европска унија, Светска Банка УНДП, МСИП, , Хабидад, ИПА фондови и други домашни и странски донатори.**

## IV.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на програмата, во најголема мера, е условена од обемноста и сложеноста на постапката за изработување и донесување на Урбанистичките планови, согласно правната регулатива, но и од актуелните технички услови во помала мера, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште , уредување правен статус на бесправно изградени објекти и финансиската поддршка од другите горе нведени фактори.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, преку Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина.

## ПОДПРОГРАМА
## (Ф2)
## УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
## НА ПОДРАЧЈЕТО
## НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025ГОДИНА

**Подпрограмата Ф2 содржи:**

I. **Извори на финансирање на подпрограмата**
II. **Начин на распределба на средствата за финансирање на подпрограмата за уредување на градежно земјиште**
III. **Динамка за извршување на подпрограмата**
IV. **Преодни и завршни одредби**

## I.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година се финансира од Буџетот на Општина Шуто Оризари и од други надворешни и внатрешни субјекти.

## II.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходите за реализација,според намената и по поедини видови елементи за уредување на градежно земјиште на Општина Шуто Оризари, Скопје се:

| Основна ставка | Подставка | Ф20.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | Планирано |
|---|---|---|---|
| **42** | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **100.000,00** |
| **425** | | **Други договорни услуги** | **100.000,00** |
| | 425940 | Рушење-одстранување на објекти | 100.000,00 |
| | 425970 | Консултански услуги | 0 |

## III.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од обезбедените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.Општината нема овластен градежен инспектор.Дадени се два огласи за вработување на овластен градежен инспектор, но на двата огласи не се пријави ни еден кандидат, за што е известен и Државниот градежен инспекторат, ЗЕЛС, Министерството за локална самоуправа.и со писмен допис се известени сите Општини во Град Скопје.Решението ќе се бара со склучување на Договор за меѓуопштинска соработка и давање на нов оглас за прием на овластен градежен инспектор, преку Агенцијата за администрација.

## IV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Шуто Оризари преку Одделението за инспекциски работи и комунални редари.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одделението за инспекциски работи-Општински инспекторат врши инспекциски надзор над работите од подрачјата за кои е формиран, според Законот за инспекциски надзор и важечките матрејални закони кои поединечно ги уредуваат надлежностите во следните подрачја:

**1.Градежништво и урбанизам:**

Овластен градежен инспектор во рамки на надлежностите утврдени со Законот за градење има право да врши инспекциски надзор во текот на изградбата, како и инспекциски надзор на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита. Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над примената на Законот за урбанистичко планирање и прописите донесени врз основа на него.

**2. Комунални дејности, јавна чистота и заштита на животна средина**:

Овластениот комунален инспектор врши инспекциски надзор над работењето на јавните претпријатија за вршење комунални дејности, основани од Градот, правни и физички лица на кои општината им доверила вршење комунални дејности согласно закон, примена на одредбите од Одлуката за комунален ред, согласно Законот за комунални дејности, како и инспекциски надзор на јавните површини и на отворени простори на јавните објекти кои се од јавен интерес од локално значење согласно Законот за јавна чистота. Овластен инспектор за животна средина врши инспекциски надзор над правата и должностите на правните и физичките лица во обезбедување услови за заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите на

животната средина заради остварување на правото на граѓаните за здрава животна средина.Општина Шуто Оризари нема овластен инспектор за комунални дејности и за животна средина и со Град Скопје е склучен Договор за меѓуопштинска соработка.

**Шифра 425940....Присилно административно извршување на донесени управни акти на овластените инспектори –** отстранување на времени објекти, бесправни градби, архиктектонски бариери и друг вид на пречки на јавни површини, расчистување на депонии, мерење бучава и слично.

## ПОДПРОГРАМА „ФА"
## УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
## (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)

**ПОДПРОГРАМА ФА0 содржи:**

**I.Просторот на уредување**

**II.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежно земјиште**

**III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште**

**IV.Начин на распределба на средствата за финансирање на подпрограмата за уредување на градежното земјиште**

**V.Динамика на извршување на програмата**

**VI.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште**

**VII.Висина на надоместокот и негова распределба**

**VIII.Начин на распределба на средствата за финансирање изградба на инфраструктура**

**IX.Образложение**

**X.Преодни и завршни одредби**

### I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изградените и неизградените градежно земјиште на подрачјето на Општина Шуто Оризари определено со донесените Урбанистички планови

### II. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,

•расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот за уредувањето на градежното земјиште со објекти на инфраструктура и начинот на уредување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, со инфраструктура од значење за Општина Шуто Оризари согласно ДУП-ови, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:

•изградба на јавен пат и други површини согласно Урбанистичките планови

•изградба на атмосферска и канализациона мрежа;

•изградба на topловодна мрежа/приклучоци;

•изградба на јавно осветлување;

•изградба на јавно зеленило.

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

•изградба на водоводна мрежа до водомерна шахта;

•изградба на фекална канализациона мрежа до последната шахта;

•изградба на топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни претпоставки, технички услови и материјални средства.

## IV. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГАМАТА ФА (ФА0) ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

| Основна ставка | Подставка | Оддел | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | Планирано |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **4.750.000,00** |
| **Ф10** | **425-426** | | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | **600.000,00** |
| **Ф20** | **425-426** | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | **100.000,00** |
| **ФА0** | **48** | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **4.050.000,00** |
| | **481** | | **Градежни објекти** | **0** |
| | **482110** | | **Подготвување на проекти на деловни објекти** | 0 |
| | | | | |
| | | | | |
| | **482** | | **Други градежни објекти** | **4.050.000,00** |
| | **482110** | - | **Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици и патишта** | **4.050.000,00** |
| | | **1.** | **Проекти за водоводна мрежа** | **500.000.,00** |
| | | - | Проекти за водоводна мрежа по локација | 500.000,00 |
| | | - | Ревизија на Проекти за водоводна мрежа | 0 |
| | | - | Проекти за приклучок од главна мрежа до урбана парцела (Обврска на општината од потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и физички лица) | 0 |
| | | - | Проекти за дислокација на мрежи | 0 |
| | | **2.** | **Проекти за фекална канализација** | **500.000,00** |
| | | - | Проекти за фекална мрежа | 500.000,00 |
| | | - | Ревизија на Проекти за фекална мрежа | 0 |
| | | - | Проекти за приклучок од главна мрежа до урбанистичка парцела. (Обврска на општината од потпишани договори за комунално | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | уредување на градежно земјиште со правни и физички лица) | 0 |
| | | - | Проекти за дислокација на фекални мрежи | 0 |
| | | 3. | **Проекти за атмосверска канализација** | **300.000,00** |
| | | - | Проекти за атмосферска мрежа по локации | 300.000,00 |
| | | - | Ревизија на Проекти за атмосферска мрежа | 0 |
| | | - | Проекти за приклучок од главна мрежа до урбанистичка парцела.(Обврска на општината од потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и физички лица) | 0 |
| | | - | Проекти за дислокација на атмосферски мрежи | 0 |
| | | 4. | **Проекти за ниско напонска електрична мрежа** | **0** |
| | | - | Проекти за ниско напонска електрична мрежа по локации | 0 |
| | | - | Ревизија на Проекти за ниско напонска електрична мрежа по локации | 0 |
| | | - | Проекти за дислокација на нисконапонски електрични мрежи | **0** |
| | | 5. | **Проекти за коловоз** | **2.550.000,00** |
| | | - | Проекти за коловоз по локации | 2.450.000,00 |
| | | - | Ревизија на Проекти за коловоз | 100.000,00 |
| | | - | Проекти за приклучок од главна коловозна мрежа до урбанистичка парцела. (Обврска на општината од потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и физички лица | 0 |
| | | 6. | **Проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки** | **0** |
| | | - | Проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки | 0 |
| | | - | Ревизија на Проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки | 0 |
| | | 7. | **Сообраќајни планови, Сообраќајни проекти, Проекти за режим на сообраќај и Проекти за обележување на сообраќајна вертикална и хоризонтална сигнализација** | **200.000,00** |
| | | 8. | **Геодетски елаборати** | **500.000,00** |
| | | - | Геодетски елаборати по локации | 500.000,00 |

## V. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на ФА0 и ФАА програмите ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти и продажба на земјиштето испод легализираните објекти и пеодажба на дворните места каде што е донесен ДУП, како и добиени средства добиени од износот на комунални давачки со издавање на одобрение за градба во соодност 60% за Град Скопје и 40% за Општината. Динамиката на извршувањето на ФАА ќе зависи и од добивањето на донација од достапни ЕУ фондови и финансиски средства од Град Скопје, Владата на РСМ и од други донатори.

## VI. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.

**а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат**:

Трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната и секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и за погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

**б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат:**
Трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната и секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

**в) Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат:**
Трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

**в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретна градежна парцела** што паѓаат на товар на градот или општините опфаќаат:

•износот на надомест даден како предлог-надомест во постапка за експропријација на објекти според пазарната вредност на становите или деловниот простор во најблиската околина до експропријаните објекти или објектите што се експропријаат, намалена за износот:

-на вложените средства во објектите за комуналната инфраструктура (водоводна, фекална, топлификациона, нисконапонска електрична, ТТ инсталација, лифт и засолниште), кои не се изведени во експропријаниот објект,

-на надоместок за уредување на градежно земјиште што не е платен за објекти кои се експропријаат, а се изградени по 01.01.1966 година и о на степенот на амортизацијата на објектот.

•износот на надомест даден како предлог-надомест во постапка за експропријација на објекти што заради својата природа не се во промет и за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, зидови), според пазарната вредност на материјалот и работната рака, потребна за изградба на тие објекти, намалена за износ на амортизација;

•трошоците за селидба на сопствениците и уривањето на експропријаните објекти, според тековни цени;

•износот на надомест даден како предлог-надомест за земјиште што треба да се одземе и тоа 22% од основните комуналии за земјиштето.

•износот на надомест даден како предлог-надомест за насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето што се одзема, врз основа на елементите со помош на кои според обичаите на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

**в.2)** Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, се пресметуваат со претпоставени количини според приложениот проект за изведување на објекти од комуналната инфраструктура.
Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, за делот во границите на градежната парцела, ги сноси корисникот во износ од 50% од направените трошоци. Останатите трошоците од 50% ги сноси Општина Шуто Оризари (40%) и Градот Скопје (60%) од комуналната инфраструктура.
Изградените објекти од комуналната инфраструктура кои останува во границите на градежната парцела на корисникот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени.Корисникот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да достави техничка документација од соодветна комунална организација и да побара писмена согласност од соодветните јавни претпријатија на Град Скопје и за заштита на тие објекти.Трошоците за заштита на објектите ги сноси корисникот.

Корисникот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови и енергетска согласност за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со корисникот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата.Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и корисникот, се должни да ги надоместат на Општина Шуто Оризари.

## VII. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

### •Надоместок

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што корисникот го склучува со Општина Шуто Оризари и Град Скопје за инфраструктура во соодносс 40%-60%.
Договорите од предходниот став се склучуваат во писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2025 год.изразена во денари/м2 нето изградена површина и истата месечно се усогласува со промената на индексот на пораст на цените на мало. За месеците за кои не е објавен индексот со промената на цената на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа најмногу до 12 (дванаесет) месечни рати за сите физички и правни лица. Првата рата во висина од 30% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, за кои инвеститорот е должен да достави банкарска гаранција, до сектор за финансии.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и Општина Шуто Оризари и истата претставува збир на висината на трошоците од точка 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

### 1.Трошоци за заедничка комунална потрошувачка

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата.

### 2.Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:
• Водоводна мрежа -----------------------------------------1,50%
• Фекална канализациона мрежа -------------------------1,50%

**•Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,30 % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот**.

•Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ТТ-мрежа и ниско напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 1% од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

## 3. Трошоци за поранешно расчистување

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што корисникот е должен да им ги надомести на Градот и на Општина Шуто Оризари за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени. Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од Градот и Општина Шуто Оризари опфаќаат:

• надомест за одземено земјиште и за експроприрана или национализирана недвижност, што е исплатен;
•трошоци за селидба, уривање на експроприраните и национализираните објекти, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
•дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

## •Распределба

Надоместокот се распределува во следниот сооднос:

- 60% за Градот Скопје за изградба на инфраструктура
- 40 % за Општина Шуто  Оризари за изградбана инфраструктура

## VIII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:
- приходите од надоместок,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси,
- средствата акумулирани од поранешни вложувања и
-други стредства, кои се уплатуваат на сметка на Градот Скопје и Општина Шуто Оризари за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

• Трошоците за уредувањето на градежното земјиште се распоредуваат 60% на Градот Скопје и 40% на Општина Шуто Оризари за инфраструктура за една градежна парцела. Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Шуто Оризари да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во ставка

VII.**„ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА"**, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општина Шуто Оризари без надомест.

• Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и ОпштинаШуто Оризари, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови.

• За овие локалитети, мора да има и исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти.При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

• Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општина Шуто Оризари, со што ќесе овозможува приклучување на нови корисници, кои надоместокот го плаќаат на Градот и ОпштинаШуто Оризари.

• Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општина Шуто Оризари, договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.

• Градот и Општина Шуто Оризари со акт и евидентен лист ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.

• При регулирање на надоместок корисникот е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградена инфраструктура, после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку не докаже со документација дека истиот го регулирал).

• Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу ЈПВодовод иканализација и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела, од корисникот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од ЈПВодовод и канализација.Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на ЈПВодовод и канализација.

• Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши по исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и ОпштинаШуто Оризари.

• Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без согласност на Градот Скопје и Општина Шуто Оризари, Градот и Општина Шуто Оризари нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општина Шуто Оризари и корисникот.

• Корисникот е должен да овозможи Комисија од Општина Шуто Оризари да ја утврди дефинитивно изградената површина согласно договорот за надоместокот за уредување на градежното земјиште. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

**IX. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Програмата за Урбанистичко планирање Ф за 2025год. ја сочинуваат 3под- програми и тоа :

**1.ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ИЛИ ПОДПРОГРАМА Ф1**

**2.ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ) ПОДПРОГРАМА Ф2**

**3.ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) ПОДПРОГРАМА ФА (ФА0)**

Главен извор за финансирање на Програмата Ф е :

-Надоместок за уредување на градежно земјиште кој го плаќаат физички и правни лица,
-Надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти
-Надомест за откуп на градежно земјиштесопственост на РСМ на површина испод бесправно изградени објекти со легализиран статус
-Надомест за откуп на дворно место-градежно земјиште сопственост на РСМ за објекти со утврден правен статус каде што има донесено ДУП во рамките на ГУП,
-Надомест за комунални давачки добиени преку Одобренија за градба во соодност 60% за Град скопје и 40% за Општината
-Капитални трансфери од други нивоа на власт и фондови од ЕУ
- Приходи на донации

Вкупните приходи за програмата за урбано планирање Ф по сите основи изнесуваат**4.750.000,00**денари и истите се распределуваат во програмите : Ф1 , Ф2 и ФА.

- Во подпрограмата Ф1 вкупните расходи се планираат во износ од **600.000,00**денари. Овие расходи се планираат и од надоместокот за изработка на просторни и урбанистички планови.

- Во подпрограмата Ф2 вкупните расходи се планираат во износ од **100.000,00** денари, кои средства се наменети за рушење наобјекти,надомест за употреба на градежно земјиште за град Скопје во износ од 60% за доизградба и надградба на административната општинска зграда , консултански услуги,пајак служба и др. во функција на реализација на програмата ФА, расчистување диви депонии, плаќање надомест за градежно земјиште и сл.,отстранување хаварисани возила, користење пајак служба за дислоцирање на паркирани возила и за објавување на огласи

- Во подпрограмата ФА0 која се состои од: **4.050.000,00** денари, и се финансира во најголем дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, од надоместокот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти и со поднесување на апликации до надлежни министерства за изведба и реконструкција на инфраструктурни објекти.
Реализација на инфраструктура– реконструкција и изградба (развојна програма)- вкупни планирани расходи изнесуваат денари, а ќе зависат од добивањето на донација од достапни ЕУ фондови, со оглед на тоа што се предвидени од донации за финансирање на оваа програма, а се учество на општината доколку се одобри донација. Финансиите од оваа подпрограма се наменети за опремување на градежното земјиште до градежните парцели, односно за исполнување на договорните обврски кон корисниците на градежно земјиште. Овие обврски се однесуваат на:

-Подготовка и изработка на проекти за изградба на комунална инфраструктура, јавни објекти, јавно осветлување, коловоз тротоари, пешачки и велосипедски патеки, паркиралишта и др.

-Изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици кои се финансираат 100% од Општина Шуто Оризари и мал дел од обврските меѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари,за исполнување на договорни услуги кон корисниците на градежно земјиште (60% за Град Скопје и 40% за Општина Шуто Оризари).

-Подготвување и изготвување на проекти вклучувајки и дизајн на мостови, фонтани и др.објекти и нивна изградба. Во под-програмата ФА даден е подетално начинот на распределба на средствата за пооделни ставки.

**ПРЕГЛЕД НА РАБОТИ КОИ ЌЕ СЕ РАБОТАТ ВО 2025 год. - ПРОГРАМА ,,УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ,, НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ - ПОДПРОГРАМА ,,ФА,,**

## ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)

**482110-Подготвување на проекти вклучувајќи дизајни режим на сообраќај на улици и патишта**

**1.Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа**

-Ул.,,Смилевска'' од ул,,Брсјачка Буна'' на потегот од ул.,,Нов живот'' во правец на Долно Оризари-Визбегово на локациите од десна страна.
-Ул.,,Вашингтонска'' на потегот од ул.,,Нов живот'' од десна страна на локацијата спроти спортското игралиште за кошарка.до ул.,,Гвадалахара''и на потегот околу улицата Селечка Планина
-Ул, ,,2'' на потегот до ул.,,Индира Ганди'' до село Горно Оризари
-Спортски рекреативен центар и локалитетот околу новата спортска сала
-Од улица Гвадалахара на потегот по улицата покрај ресторантот Мевче Палас
-Други локации интервентно за кои Одлука ќе донесе Советот на Општина Шуто Оризари, согласно одобрените основни пеоекти и финансиски средства.

**2.Проекти и ревизија на проекти за фекална канализациона мрежа**

- Основен роект **за** доизградба на фекална канализациона мрежа на улица „2'' за поврзување на крак 1 од село Горно Оризари на потегот од кај отпадот Раис транс покрај патот за село Визбегово до спојот на улицата Индира Ганди и на дел со спојување до улицата Брсјачка буна
-Ул.,,Волт Дизни''
Улица Селечка планина и соседните улици
-Ул.,,Брсјачка Буна'' на потегот од ул.,,Нов живот'' по улицата Смилевска '' во правец на Долно Оризари-Визбегово
-Ул.,Диме Мечето'' на потегот од ул.Индира ганди до ул.Селечка планина
-Ул.,,Кипарска''крак 1, крак 1 и крак 3
- Ул.,,Улица ,,Клисурска со крак 1, крак 2 и крак 3
--Ул.,, Карбуница'' крак 1, крак 2 и крак 3
-Ул.,,Брсјачка буна крак 3 и крак 4 на потегот од улица ,,Брсјачка буна'' првите две улици десно во правец на улица ,,Смилевска''
-Други улици и локации за кои интервентно ќе донесе Одлука Советот на Општина Шуто Оризари., согласно одобрените финансиски средства.

**3.Проекти и ревизија на проекти за атмосверска канализациона мрежа**

-Ул.,,Пелагонија''
-Ул.,,Плачковица''
-Ул.,,Иљо Војвода''

-Ул.,,Брсјачка буна крак 3 и крак 4 на потегот од улица ,,Брсјачка буна'' првите две улици десно во правец на улица ,,Смилевска''
- Основен роект **за** изградба на атмосверска канализациона мрежа на улица „2' на потегот од кај отпадот Раис транс покрај патот за село Визбегово до спојот на улицата Индира Ганди и на дел со спојување до улицата ,,Брсјачка буна''
-Спортско рекреативен центар
-Други улици за кои интервентно ќе донесе Одлука Советот на Општина Шуто Оризари, согласно одобрените финансиски средства.

**4.Проекти за реконструкција и ревизија на проекти за коловоз**
УЛИЦА ,,Гвадалахра '' крак 4 на потегот од улица ,,Хаџи Јован Шишко'' до улица Брасјачка Буна''
-Ул.,,Црноок''
Одделението планира спроведување на проекти за селекција на отпадот, восоработка со здруженија на граѓани, колективни постапувачи за отпад, основниучилишта и др.
Досега, спроведени се неколку проекти за селекција на пластика и хартија какои селекција на отпадни батерии во рамките на партнерските проекти создруженија на граѓани. Планот за управување со отпадот опфаќа: организиранаселекција на хартија и пластика со колективни постапувачи за отпад, со целповторна употреба на отпадот,

селекција на други фракции, како отпаднибатерии, електронски и електричен отпад, кабаст отпад и др.
Со цел успешно спроведување на активностите, планирана е соработка со ЈПКомунална хигиена, колективни постапувачи со отпадот (фирми со дозвола зауправување со отпадот), здруженија на граѓани и фондации.

**6. Соработка со институции и организации**

- Редовна соработка со Секторот за комунални работи и Секторот за животнасредина на Град Скопје, како и со ЗЕЛС и Министерството за животна средина ипросторно планирање, за спроведување заеднички проекти и теренскиактивности.
- Редовна соработка со ЈП Комунална Хигиена и ЈП Паркови и зеленило, зареализирање на тековни активности за собирање отпад, кастрење и сечењедрвја и гранки, косење и поправка на хидрантска мрежа за полевање на јавнизелени површини.
- Соработка со ЈП Водовод и канализација околу поставување и реконструкцијана системи за полевање и бунарски системи на различни локации, подготовкана документација, теренски посети и др.
- Планирана е соработка со здруженија на граѓани, за реализирање напартнерски проекти, меѓународни организации и фондации.

**7. Учество на семинари, настани и конференции**

Планирано е учество на семинари, работилници и конференции за животнасредина и одржлив развој, во земјава и странство, во организација на ЗЕЛС,Министерството за животна средина, Центарот за Скопски плански регион,меѓународни организации и фондации, со цел едукација и соработка напартнерски проекти.

**8.Преглед на финансиски средства за реализација на Програмата за животна средина на Општина Шуто Оризари - Скопје за 2024 година**

| **Ред бр.** | **Програ-ма Р1** | **Заштита на животна средина и природата** | Планирано ( ден.) |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Подпрограма РА** | , | **2.180.000,00** |
| **1.1** | **424** | **Тековно одржување комунални услуги, комуникација, транспорт, поправки** | |
| | 424590 | Одржување и расчистување на други зелени и јавни површини и локации од комунален отпад | 2.000.000,00 |
| **1.2.** | **425** | **Договорни и консултански услуги** | **0** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 425920 1. | Услуги за печатење, копирање и издавање | 0 |
| | 425970 | Консултански услуги | 0 |
| | 1. | Ангажирање консултанти за проекти | 0 |
| | - | Консултанти за изработка на Катастар на загадувачи | 0 |
| | - | Проекти со здруженија на граѓани | 0 |
| | 2. | Ангажирање на консултанти за мерење на бучава, чадни гасови и квалитетот и исправноста на водата за пиење и Договор со овластена фирма за спроведување на активноста | 0 |
| **1.3.** | **426** | **Други тековни расходи** | **180.000,00** |
| | 426990 | Други оперативни расходи за преземање мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина, изградба на заграден простор со жичана ограда од 100 м2 за шетање на домашни миленичиња | 70.000,000 |
| | 1. | Изработка на Катастар на загадувачи | 0 |
| | 2. | Проект за селекција на отпад, кампања ипрактична селекција на хартија, пластика иотпадни батерии со основни училишта | 0 |
| | 3. | Организирањенастани и манифестацииповододбележувањенаеколошкипразници со основни училишта (Ден на пролетта, Ден на планетаземја, Светски ден на екологија) | 0 |
| | 4. | Спроведување на Еколошката програма од ЕМАС стандардот како и активности од КАФ проектот | 0 |
| | 5. | Присуство на семинари,меѓународни конференции | 0 |
| | 6. | Обезбедување на локација со плац со потребната инфраструктура за времено складирање на кабаст, електронски, електричен отпад, стари батерии, акумулатор и сл. | 110.000,00 |
| **1.4.** | **464** | **Разни трансфери** | **0** |
| | 464990 | Други тековни трансвери,едукација, предавања и сл. | 0 |

## Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А

**1.1.424 Тековно одржување комунални услуги, комуникација, транспорт, поправки–Одржување и расчистување на други зелени и јавни површини..........................................................................2.000.000,00 МКД**

**1.3.426 Други тековни расходи........................................................... 180.000,00 МКД**

**Вкупно:... 2.180.000,00 МКД**

**IV. Завршни одредби**

Прегледот на потребните финансиски средства за реализација на Програмата е составен дел на оваа Програма. Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Шуто Оризари, Скопје.

*Образложение:* Согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18) и („Сл.весник на РСМ" бр.89/22, 171/22), и Програмата Ра за заштита на животна средина и природата за 2024 година, општина Шуто Оризари ќе ги спроведува законските прописи и ќе спроведува активности и мерки за здрава животна средина.

Бр: 08-1104/26
Дата: 30.12.2024 год.

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на**

**ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ПРОГРАМАТА РА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се прогласува одлуката усвојување на Програмата РА за заштита на животна средина и природа за 2025 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/61
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 131 и 132 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23), а во врска со член 15 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10,162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен Гласник на општина Шуто Оризари“ бр. 1/97), по

предлог на Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2025 ГОДИНА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

Член 1

Се усвојува ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

Член2

Составен дел на оваа Одлука, е ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

**Бр: 09-1104/27**
**Дата: 30.12.2024 год.**

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 131 и 132 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013,27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016,31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и „Сл.весник на РСМ" бр.244/19, 18/20,279/20, 227/22), а во врска со член 15 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РепубликаМакедонија" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18, 120/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) член 36 став 1 точка 5 од Статутот на

општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари“ бр. 1/97), а по предлог на Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на 25.12.2024 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

За работа на овластениот градежен инспектор за 2025 година

При утврдување на содржината на Програмата за работа на овластениот градежен инспектор за2025 година се земаат во предвид надлежностите на градежната инспекција утврдени со следните законски иподзаконски акти:

• Закон за инспекциски надзор
• ЗОУП
• Закон за локална самоуправа
• Закон за градење
• Закон за урбанистичко планирање

• Подзаконски акти, одлуки и др. донесени од органи и институции од државно и локално ниво
Овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор на примената на Закон за градење на објекти од втора категорија на територија на Општина Шуто Оризари. Во Програмата задачите и активностите што ќе ги извршува Овластениот градежен инспектор во текот на 2025 година се систематизираат по области и тоа: инспекциски надзор, обуки за инплементација на материјални и други закони, оперативни состаноци, аналитичко-информативна дејност, соработка со други сектори во Општината и други органи на државно и локално ниво, нормативна дејност и др.

1. Инспекциски надзор
Инспекцискиот надзор во надлежноста на градежната инспекција се врши по службена должност или по пријава и/или сознание од страна други државни и локални органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средствата за јавно информирање.
Овластениот градежен инспектор е овластен да врши инспекциски надзор над градбите од втора категорија што ги вршат институции, органи, правни и физички лица, во секое време и на лице место, со и без претходна најава.
Доколку со закон не е поинаку уредено, инспекторот инспекцискиот надзор го врши како: редовен,контролен и вонреден инспекциски надзор, а при тоа посебно внимание дава на:
• Контрола на документација
• Увид во градбата, како и на градежната парцела предмет на увид
• Проверка да ли учесниците во градба имаат овластување и лиценца пропишани со закон
• Издавање, наредба за одстранување на неправилности и оштетување
• Прекинување на градење
• Отстранување на градба
• Затворање на градилиште
• Означување на градилиштето-градбата која е опасна за опкружувањето
• Други мерки со цел за спречување на градење кое се изведува спротивно на Законот за градење

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор во тек на градењето градба, инспекциски надзор кога објект врши пренамена со реконструкција на конструктивни елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита во согласност со одредбите на Законот за градење.

2. Обука

Овластениот градежен инспектор ќе посетува и учествува на семинари, предавања и едукации организирани од државни локални органи, институции, организации и др., во врска со инплементација на одредбите на материјалните закони, Закон за инспекциски надзор, и ЗОУП и др. Во прилог на оваа Програмае и Известувањето од ЗЕЛС и Инспекциски совет на РСМ за условите и постапката кои треба да да се спроведат за прием и законско дејствување на овластен градежен инспектор.

3. Аналитичко информативна дејност
Овластениот градежен инспектор на општина Шуто Оризари согласно со Програмата, а врз основа на законските надлежности ќе изготви:
• Месечни и годишен извештај за извршена работа континуирано во 2025
• Годишен извештај за извршена работа на градежната инспекција во 2025 година

4. Соработка
Овластениот градежен инспектор во рамки на своите овластувања и инадлежности утврдени со закон, континуирано ќе соработува со сите одделенија во Секторот, другите сектори во Општината, ДИГУ,органите на државно и локално ниво, Град Скопје, јавни претпријатија и пред се граѓаните на општина Шуто Оризари.

5. Нормативна дејност
Овластениот градежен инспектор ќе продолжи со активности за изменување и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежни институции, со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законите и подзаконските акти во интерес на граѓаните на општина Шуто Оризари. Сектор за инспекциски работи - Општински инспекторат ќе ја спроведе оваа програма на територија на Општина Шуто Оризари со еден Овластен градежен инспектор.

6. Потребни услови за извршување на програмата
Средствата потребни за административно извршување на управните акти на овластениот градежен инспектор се планирани во Годишната програма Ф2 уредување на градежно земјиште основна ставка 425, подставка 425940.

Бр: 08-1104/27
Дата: 30.12.2024 год.

Совет на општина Шуто Оризари
Претседател
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на**

**ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2025 ГОДИНА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА.**

1. Се прогласува одлуката усвојување на Годишна Програма за работа на овластен градежен инспектор за 2025 година на Општина Шуто Оризари.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/62
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
Дудуш Курто

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весникна РМ " бр.5/02 ), член 22 став1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари" бр.1/97), и согласно Програмата (Ј) за комнунални дејности, Под програма (Ј60),а по предлог на Градоначалникот,,Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница од држанана ден 25.12.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, ТРОТОАРИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојуваОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, ТРОТОАРИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член2**

Составен дел на  оваа Одлука, е ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, ТРОТОАРИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА , во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/28
Дата: 30.12.2024 год.

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**Сеад Исмаил**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02 ), член 22 став1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари" бр.1/97), и согласно Програмата (Ј), за комунални дејности, Под програма (Ј60), Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-маседница одржана на ден 25.12.2024 година го усвои следниот:

## ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, ТРОТОАРИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА

**I.Влијание на временските услови врз сообраќајот и одржувањето на патиштата.**

Временските услови се релевантен чинител за безбедноста во одвивање на сообраќајот и техничката состојба на патиштата од безбедносен аспект. Затоа е нужно да се следи и проучува влијанието на метеоролошките елементи и појави на условите за одвивање на сообраќајот. Уште на почетокот при планирање и градење на патиштата, потребно е детално да се анализираат метеоролошките услови, затоа што тие значително влијаат на безбедноста во сообраќајот, но и на економичноста во одржувањето на патиштата. Занемарувањето на метеоролошките (временските) услови доведува до неисполнување на проектната задача, а со тоа и до зачестени сообраќајни несреќи или повремени прекини во одвивање на сообраќајот.

Метеоролошките параметри директно, или индиректно ги одредуваат параметрите кои се нужни при усвојување на најповолната градба, како и за подоцнежното рационално одржување на патиштата, безбедноста во сообраќајот, вклучително и еколошките норми. Потребата за современо ниво на безбедност во сообраќајот и сервисни информации на нашите новоизградени автопатишта, наметнува потреба од воспоставување на патно-метеоролошки мониторинг како дел од севкупната грижа за квалитетен и безбеден сообраќај и одржување на патната инфраструктура.

**II. Поделба на зимската служба Зимската служба како еден од типовите на одржување, главно се состои од три фази**:

1. подготовка за зимска служба,
2. зимска служба и
3. дополнителни активности.

**1. Подготовка за зимска служба**

Подготовките за зимската служба всушност се одвиваат во текот на целата година, пред сѐ затоа што квалитетното одржување на патиштата во зимски услови е директно поврзано со квалитетот на целокупното одржување. Интензивирање на директните подготовки е во периодот од 01.-XI. до 15.-XI. За непречено одвивање на зимската служба, без поголеми застои во сообраќајот неопходно е да се извршат следните подготовки:

- - подготовка на оперативен програм кој е основен документ за организираноста на зимската служба,
- - подготовка на депониите за материјалите за посипување

- - набавка на доволно средства за посипување, топење на снегот и мразот и абразивни средства
- подготовка на пунктовите за престој на учесниците во зимската служба (дежурни, возачи, машинисти, патари и др. )
- - оспособување на целата потребна механизација, опрема и специјална механизација, за работа во зимска служба,
- - заштита на челичните и бетонските површини (мостови, огради и сл.) кои ќе бидат во контакт со агресивната сол за зимско одржување на патиштата,
- - подготовка на патиштата и поставување соодветна вертикална сигнализација и опрема која е во функција на зимската служба,
- - поставување на насочници со поголема висина, кои би биле видливи и по формирањето на висока снежна покривка,
- - проверка, поправка и поставување штитници од снежни намети и лавини,
- - спроведување на обука на учесниците во зимската служба,
- - организирање на протокол за правовремено известување на учесниците во сообраќајот, медиумите и надлежите органи.

Годишен акционен план за зимско одржување на патиштата

Појдовна основа за изработка на Годишен акционен план за зимско одржување на патиштата се:

- ЗаконотзаЈавнитепатишта,
- Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните собирни, станбении сервисни улици и локалниот општински пат за село Горно Оризари и дел од патот за село Визбегово.

Во Годишен акционен план за зимско одржување на патиштата, дефинирани се приоритети на одржување на истите во зимски услови. За зимското одржување, патиштата се класифицирани во два приоритети. Класификацијата се врши врз основа на интензитетот на сообраќајот, стопанското значење, местоположбата во патната мрежа и оперативните и финансиските можности:

- - рамничарски А и
- - рамничарски Б.

Истите се организираат по степени на подготвеност. Периодите за нивното организирање се утврдени за секој вид посебно, со тоа што истите не се фиксни. Роковите се одредени со цел да се извршат соодветни 15 подготовки, а дадена е можност, во зависност од временските услови, тие да бидат променети, согласно на потребата.

Оперативната програма за зимско одржување на локалните патишта ги содржи следниве поглавја:

**-Времетраење на степените на подготвеност**

Условите за одвивање на сообраќајот на патиштата во текот на зимската сезона се многу променливи. Од тие причини, постои неопходна потреба за често информирање на корисниците за проодноста на патната мрежа. Информирањето, квалитетно и благовремено, преку средствата за јавно информирање може да го реализира ЈП „Македонија пат“, Автомото сојузот на Македонија, Центарот за известување и тревожење. Поради тоа ЈП „Македонија пат“ покрај дежурствата во пунктовите организира редовни и вонредни дежурства во Подружниците и Диспечерскиот центар за јавно информирање. Диспечерско информативната служба во секое време мора да располага со комплетни информации за состојбата и проодноста на патиштата. Работи непрекинато во текот на сите 24 часа на денот, во текот на целата година.

Обврска на службата е на учесниците во сообраќајот покрај информациите да дава совети, упатства, препораки за возењето, за изменет режим на сообраќај и во соработка со надлежните органи по потреба го пренасочува сообраќајот на помалку фрекфентни патни правци, сè со цел превентивно да се делува во зголемувањето на безбедноста во сообраќајот. Контактите со работните единици, секциите и пунктовите, дежурната интервентна служба, механизацијата и друго, ги реализира преку радио и телефонска врска.

Од тука ги црпи актуелните информации за состојбата на патиштата како и за временските услови за сите делници поодделно. Службата информациите ги дистрибуира до раководните лица на одржувачот, ЈП за државни патишта, надзорниот орган, АМСМ, Центарот за известување и тревожење, а може да ја информира и директно јавноста преку средствата за јавно информирање. Особено важно е нејзиното беспрекорно функционирање во текот на зимската сезона. За време на зимската сезона во сите степени на подготвеност од дежурните работници во седиштата на зимските пунктови до диспечерско информативната служба се доставуваат информации во точно определени термини.

Информацијата треба да ги содржи следниве податоци:

- временска состојба,
- температура на воздухот,
- висината на снегот,
- појава на голомразица,
- магла,
- состојба на секоја делница од патот, проодноста и др.

Овие информации понатаму службата ги обработува, ги сублимира и во форма на билтен ги проследува до спомenатите институции. Во случај на елементарна непогода или прекин во сообраќајот овие информации се проследуваат на секој час сè до нормализирање на состојбата. Развојот на стопанството во голема мера зависи од сообраќајот, поради тоа со „Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата" и „Законот за јавни патишта" се наложува потребата сообраќајот на патиштата да се одвива непречено и безбедно во сите годишни времиња, а истото се овозможува со редовно одржување на патиштата.

Временските услови имаат големо влијание во безбедноста на сообраќајот, затоа во рамките на одржувањето на патиштата посебен акцент се става на зимското одржување. Квалитетното и навремено одржување во зимски услови, зависи од повеќе фактори кои меѓусебе се разликуваат од еден до друг регион или пункт за одржување, поради што и не може работните задачи целосно да се извршуваат по однапред утврдена единствена шема на организација на работење. Факторите кои имаат влијание на состојбата на патната мрежа во зимски услови, во најчест случај не се појавуваат поединечно.

Најчесто истовремено делуваат во синергија повеќе фактори за состојбите на поедини делници на патот и тоа:

- -големинагорнини
- - остри кривини,
- - густина и структура на сообраќајот,
- - интензитет на снежните врнежи кој може да биде со или без ветер,
- - појава на голомразица при ниски температури особено под -7 оС

Змската служба опфаќа мноштво активности и работи, потребни за овозможување на проодност на патиштата и безбеден сообраќај во зимски услови кои се изведуваат кога поради зимските појави снег, голомразица, мраз и друго, загрозено е нормалното одвивање на сообраќајот. Затоа, во склад со законот, нужно е да се организира квалитетна служба за зимско одржување на патиштата.

**-Дополнителниактивности**

Дополнителнителните активности се иведуваат по завршување на зимската служба, односно од 15-III до 15-IV, кога почнува да се интензивира редовното одржување, што зависи од временските услови, односно должината на зимата.

Работи кои ги опфаќа оваа фаза во смисла на одржување на патиштата се:

- чистење на објектите од бетон кои се загрозени од агресивното дејство на солта (мостови, пропусти, рабници,огради и др),
- чистење, метење на остатоците од сол и ризла по рабовите од коловозот и риголите,
- отстранување, чистење и складирање на зимската сигнализација,
- отстранување чистење и складирање на високите насочници,
- уредување и чистење на депониите за складирање на зимски материјали,
- уредување и чистење на зимските пунктови.

Воедно продожуваат активностите кои се изведуваат и во текот на зимската служба кога нема интервенции, односно во деновите со позитивни температури и без врнежи, а тоа се:

- крпење ударни дупки со ладна асфалтна маса,

- чистење на вертикалната сигнализација и патна опрема,
- чистење на канали, риголи, шахти, пешачки патеки на мостови,
- решавање на одводнувањето таму каде вода се излева на коловозот,
- кастрење, отворање на видици,
- контрола на патиштата
- интервентни поправки и останати работи доколку има потреба и средства.

**-Основни критериуми за организација на зимската служба**

За димензионирање на капацитетите и спроведувањето на организацијата на работењето разработени се следните поими:

- интензитет на снежни врнежи,
- класификација на патната мрежа по приоритети
- степени на подготвеност.

**Интензитет на снежни врнежи**

Интензитетот на снежните врнежи од аспект на зимско одржување на патиштата се дели на:
умерени..........................................................................................до 20
cmсредни..........................................................................................до 50 cm
високи..........................................................................................до 80 cm
многувисоки.................................................................................... над 80 cm

Врнежите со послаб интензитет и мали прекини се сметаат за континуирано паѓање на снег. Престанок на врнежите во времетраење повеќе од 8 часа се смета за прекин на снежниот бран. Во случај на врнежи од снег со истовремено дејство на ветер со појак интензитет кој прави намети, без разлика на висината на снежните врнежи, делницата од патот или пунктот добиваат третман на загрозеност со многу јака заснеженост, односно елементарна непогода.

**Класификација на патната мрежа по приоритети**.

Бидејќи од економски аспект не е прифатливо високо ниво на услуги во зимското одржување за целата патна мрежа, патиштата во општината се класифицирани во три зимски приоритети, што истовремено претставува приоритет за интервенција при отстранување или ублажување на негативното влијание на зимските услови врз патната мрежа. Класификацијата е извршена врз основа на интензитетот на сообраќајот и стопанското значење на патот. По престанок на врнежите, очистениот коловоз треба да обезбеди сигурно одвивање на сообраќајот при намалени брзини и внимателно возење, согласно со одредбите од Законот за безбедност во сообраќајот и Законот за јавните патишта.

Со превентивно посипување со сол се настојува да се спречи појава на голомразица на коловозот, а доколку настанала голомразица треба да се работи перманентно до нејзиното отстранување на целата должина од патот. Чистењето започнува со почетокот на врнежите и трае до дефинитивно расчистување, при тоа сообраќајот не може да се прекинува. Расчистувањето и ширините на коловозот треба да бидат постигнати најдоцна во рок од 12 часа по престанокот на врнежите. Коловозот на очистената широчина треба да биде прооден и оспособен за безбедно возење при смалена брзина и зголемено внимание. Неопходно е редовно да се пrземаат превентивни мерки за спречување на голомразицата, а до колку се формирала, треба да се работи перманентно до нејзиното отстранување.

Во координација со сообраќајната полиција, за непречено, побрзо и поквалитетно чистење на снегот, сообраќајот може да се прекинува во времетраење од 2 часа во периодот од 22 часот до 05 часот. Затворање на патиштата од трет приоритет е дозволено во интервал од 5 часа во период од 20 до 5 часот.

**Степенинаподготвеност**

Неповолните зимски појави како врнежи од снег, ветар кој прави намети и ниските температури, се јавуваат со различен интензитет и времетраење. Не е економично е и општествено е неоправдано на пунктот да се стационира непрекинато целата механизација и работна рака за целиот зимски период, од првата појава на снег или голомразица, па сè до последните појави, а за тоа да нема потреба, односно тоа не го бара календарскиот термин или временската ситуација. Поради тоа за димензионирање на капацитетите и спроведувањето на организацијата на зимското одржување се воведуваат степени на подготвеност. Критериуми за определување на степенот на подготвеност е очекуваната и актуелната временска ситуација. Разликуваме 3 (три) степени на подготвеност.

- **Прв степен на подготвеност**

Во првиот степен на подготвеност се организира постојана дежурна служба на еден дел од пунктот на почетокот и крајот на зимскиот период. За овој степен во зависност од должината, приоритетот на патните правци на тој пункт, се определуваат потребниот број возила и работна рака.

- **Втор степен на подготвеност**

Во вториот степен на подготвеност пунктовите се димензионираат за да можат со успех да вршат посипување на патиштата против голомразица на целата должина и чистење на снег при умерени и средни врнежи според утврдените приоритети. Овој степен се воведува календарски, односно кога температурите осцилираат околу 0 $^0$C.

- **Трет степен на подготвеност**

Третиот степен на подготвеност не се организира календарски. Кон негово организирање се пристапува по потреба при појава на натпросечни зимски врнежи (високи или многу високи врнежи или умерени и средни врнежи со ветер кои формираат намети) во одредени пунктови, региони или целата Република.

Преминувањето од вториот во третиот степен на подготвеност и спротивно се врши во зависност од временските пригоди. Времетраењето на степените на подготвеност по правило се дефинира во "Оперативната програма за зимско одржување". Во зависност од временските пригоди утврдените рокот за организирање на пунктот во првиот или вториот степен на подготвеност може да бидат поместени со согласност помеѓу нарачателот на работите и извршителот.

## ПРЕДЛОГ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ, ТРОТОАРИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025ГОДИНА

Зимско одржување на улиците и тротоарите во општината во 2025 година од Подрачјето на нашата општина е под влијание на изменета континентална со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативно благи зими со мали врнежи од снег, со исклучок во ридско планинското подрачје над 1000 мнв, каде што има пообемни врнежи кои се задржуваат и подолго време. Снежните врнежи во скопската котлина се мали,најмногу 10-15 см и со краткотрајно задржување.

Во последните неколку години зимските температури, падавините на снег и појавата на голомразици варираат, поради што однапред не може да се предвиди каква ќе биде зимата во градот Скопје и општина Шуто Оризари. ЈП на Град Скопје веќе имаат преземено мерки за исполнување на задачите предвидени со оваа програма во смисла на подготовка на работните машини кои ќе учествуваат о расчистувањето на снегот, воспоставување на дежурства и набавка на сол и песок. За улиците и другите јавни површини за кои е надлежен Градот Скопје.

Во општината Шуто Оризари, Градот Скопје е надлежен за одржување само на улицата ,,Индира Ганди'' и евентуално ул.,,Нов Живот'' на делот каде што сообраќаат автобусите на Јавниот градски превоз. Сите други локални собирни, станбени и сервисни улици ги одржува општина Шуто Оризари, како и локалниот пат од населбата Шуто Оризари до село горно Оризари. Зимската програма за 2024година е премногу обемна и техничките и финансиски капацитети на Општина Шуто Оризари не се соодветни за нејзина потполна реализација.

Бидејки општината Шуто Оризари, не располага со соодветна механизација за расчистување на снеготот и поради технички причини и промената на локалната власт, во тек е постапка за избор на економски оператор за одржување и расчистување на горенаведените локални улици и другите јавни површини кои се во надлежност на општина Шуто Оризари, Скопје.

Избраниот економски оператор кој ќе биде задолжен за зимската служба и одржувањето и чистењето од снег и мраз и посипување со ризла мора да ја поседува следната механизација и човечки ресурси:

- Багер – скип со предна и задна корпа ком 2
- Камион кипер за утовар и растовар на снег и мраз ком 2
- Камион-сеалка за сол и ризла ком 1
- Камион сандучар за утовар на индустриска сол и ризла за растурање со лопати рачно ком 1
- Ракувачи на градежни машини ком 3
- Возачи на камиони ком 5
- Работници за расфрлање на сол и ризла со лопати ком 6

Согласно Законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред во Општина Шуто Оризари, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарот пред своите домови и дуќани. Контролата и реализацијата на овие обврски ќе ги врши комуналната инспекција и комуналните редари при Локалната самоуправа.

Превентивни мерки на заштита со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период општината ќе ги преземе следните превентивни мерки на заштита:

- ја утврдува потребната работна сила, механизација, моторни возила и друга опрема и средства за расчистување на снежни намети од улиците, тротоарите и другите јавни површини
- ја утврдува потребата од сол и песок за посипување на улиците, тротоарите и другите јавни површини воопштината;
- го утврдува начинот на активирање и интервенции на расположливата механизација и работна сила;
- го утврдува приоритетот на чистење и одржување на патиштата во општината.

- **Времетраење и степен на приправност**

Времетраењето на приправноста од I степен е од 01.11.2024 г. до 15.12.2024 г., и од 01.02.2025 г. до 01.03.2025 г. Во тој период ќе бидат дежурни 1 одговорно лице, 1 возач, 2 работника и 1 машинист (на повик).

Времетраењето на приправноста од II степен е од 16.12.2024 г. до 31.01.2025 г. Во тој период ќе бидат дежурни 1 одговорно лице, 2 возачи, 1 машинист и 4 работника (со една дежурна екипа за интервенција). Продолжувањето на времетраењето на соодветен степен на приправност ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при Локалната самоуправа и во координација со дежурните оперативни служби при МВР и при Градскиот кризен штаб, Регионалниот центар за управување со кризи Чаир и Дирекцијата за заштита и спасување-Чаир .

- **Преглед на улици и места на интервенции по приоритети**

При укажување на потреба од интервенција ќе се започне со расчистување од снег и голомразици по редослед на улиците од 1 приоритет за интервенција наведен подолу:

*Приоритет за интервенција при голомразица или врнежи од снег:

1.Улици од прв приоритет

- Нагорнини на ул.,,Индира Ганди'' на потегот од затворот до ОУ,,26-ти јули'' и по целата должина од почетокот на општината ,кај железничкиот надвозник до мостот на патот за село Горно Оризари (одговорен за целата улица е Град Скопје).
- Ул.,,Нов живот'' и јавната површина кај почетната автобуска постојка за јавен градски превоз на патници како и делот спрема улицата ,,Александар Урдаревски"
- Ул.,,Јордан Хаџи Шишков''.
- Ул.,,Виничка''-,,Че Ге Вара'' на потегот од ул,,Индира Ганди'' покрај ОУ ,,Браќа Рамиз и Хамид'' и Средното училиште,,Шаип Јусуф'' до ул.,,Мелничка''
- Ул.,,Бутелски Венец''
- Ул.,,Гвадалахара'' на потегот од Пунктот на ЈП,,Водовод''-Скопје до ул.,,Индира Ганди''
- Ул.,,Вашингтонска''
- Улицата од ул.,,Идира Ганди'' во правец на село Визбегово (Делот до претоварната станица за собирање на комунален смет ќе го исчисти ЈП,,Комунална хигиена'' –Скопје
- Општинскиот пат О 18 и 19 до село Горно Оризари

По расчистувањето на улиците од прв приоритет за интервенција ќе се пристапи кон расчистување на улиците од втор приоритет по следниот редослед:

- Ул: „Брсјачка Буна "
- Ул: „Гарсија Лорка "
- Ул.,,Мелничка''
- Општински ,,Плоштад"
- Ул: ,,Пелагонија "
- Ул.,,Че Ге Вара''
- Ул.,,Иљо Војвода''
- Ул.,,Плачковица''
- Ул.„ Овчеполска"

Останатите улици се од трет приоритет и истите ќе се чистат по редослед кој накнадно и на лице место ќе биде утврден.(Во прилог на овој оперативен план е приложена табела на сите улици во општина шуто Оризари).

- ул: „Новопроектирана " покрај затворот спрема село Визбегово

- **Планирано ангажирање на работна рака и механизација**

Дел од планираната работна рака и механизација е напоменета во одделот I. Времетраење и степен на приправност. Истата ќе биде ангажирана согласно потребите за интервенција зависно од интензитетот и времетраењето на снежните наноси. Планирана работна рака: Бројот на возачи и работници ќе биде во склад со степенот на приправност.

Чистењето на тротоарите од натрупаниот снег ќе го вршат рачно со лопати и сезонските работниците кои работат во општината за одржување јавна чистота и вработените лица од ЈП ,,Комунална хигиена'' за улиците за кои енадлежна во општината . Во деновите на поголеми снежни врнежи и јака голомразица се планира да има дежурна екипа во ноќниот период која интервентно ќе посипува сол и песок по раскрсниците и  нагорнините. Списоците на одговорни лица и работници кои ќе бидат повикани за расчистување на снежните намети и голомразици се изготвени од стручните служби во општината, а дополнително ќе бидат доставени и од избраниот оператор за одржување на зимската служба. Дежурните екипи ќе се активираат према потребите и ситуацијата на теренот.

При појава на снежни намети и јаки голомразици контактирањето со лицата одговорни за активирање и раководење за расчистувањето ќе се врши преку телефонските броеви 076- и 071-226-391, а списоците со комплетните дежурни екипи како и мобилните телефони на дежурните одговорни лица ќе се достават Градскиот кризен штаб, Регионалниот центар за управување со кризи -Чаир, Дирекцијата за заштита и спасување-Одделението во Чаир. Планирани количини на сол и абразивни материјали нема искуствата од претходните години, потребната количина на сол за расфрлање во една сезона е околу 10 тони, а потребната количина сепариран песок (гранулација 2) е околу 20 м3.

За наредната година се предвидува набавка на сол 30  тони за потребите за одржување на улици и локалните патишта во општина Шуто Оризари и 20 м3 сепариран песок со гранулација 2. Финансиска конструкција на извршувањето на работите од овој Оперативен план ќе се регулира со посебен Договор помеѓу избраниот оператор и Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, а со Програмата (Ј), Подпрограм (Ј60), за комунални дејности,  ставка 424320 за 2025 година предвидени се средства за оваа намена во износ од ...........денари.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе ги вршат службите при Локалната Самоуправа на општина Шуто Оризари, а фактурирањето за завршените работи ќе биде по ценовник кој што ќе биде во прилог на Договорот.

Одговорни лица од Локалната самоуправа за спроведување на потребните активности во зимската служба се:

**1.Градоначалник на Општина Шуто Оризари Курто Дудуш, кон.тел. 075/898-898**

**2.Демир Јашар- вработен во општина Шуто Оризари кон.тел. 070/374-499**

**3.Сами Дошљак-Вработен во Општина Шуто Оризари кон.тел. 070/630-516**

**2. Комунален редар Сали Фаик, кон.тел.076/777-618**

**3.Комунален редар Шабан Мемиши конт.тел.070/217-785**

**4.Комунален редар Абдула Ибраими кон.тел.075/276-919**

**Бр: 08-1104/28**

**Дата: 30.12.2024 год.**

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука за усвојување на оперативен план за зимско оддржување на локални улици, третоари и други јавни површини кои се во надлежност на Општина Шуто Оризари за 2025 година .**

1. Се прогласува одлуката усвојување на оперативен план за зимско оддржување на локални улици, третоари и други јавни површини кои се во надлежност на Општина Шуто Оризари за 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/63
Дата: 30.12.2024 год

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на Нацрт планот за управување со отпад на Општина Шуто Оризари за периодот 2013-2017 година, а согласно член 19 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.31/20, 121/24), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр.1/97), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на 25.12.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Се усвојува ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД за 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член2**

Составен дел на овaa Одлука, е ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД за 2025 година, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/29
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на Советот**
**на општина Шуто Оризари**
**с.р Сеад Исмаил**

Врз основа на Нацрт планот за управување со отпад на Општина Шуто Оризари за периодот 2013-2017 година, а согласно член 19 од Законот за управување со отпад („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.31/20, 121/24), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 5/02) и член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на на општина Шуто Оризари“ бр.1/97) Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на 25.12.2024 година ја усвои:

**ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

**ЗА 2025 ГОДИНА**

**1. ПРОЦЕНКА НА ВИДОТ И КОЛИЧЕСТВОТО НА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ОТПАД**

Врз основа на Планот за управување со отпад , на територија на Општина Шуто Оризари, одобрен од Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање со Решение број 11-9273/86 од 26.11.2013 год. за период во 2025 година, се очекува да се создадат 12.500 тони комунален отпад. ЈП Комунална Хигиена, врши анализа на составот на комуналниот отпад генериран во целата општина, чиј процентуален состав не очекуваме битно да се разликува од претходните години. На следниот график е даден составот на комуналниот отпад во проценти.




Графикон бр.7
(Извор на информации: ЈКП Комунална Хигиена / податоци од 2005год.)

**2. ПРЕВЕНЦИЈА НА ОТПАД**

**Информирање и едукација**

Превенцијата на отпадот е суштински заснована врз нивото на информираност и едукација на населението за вредноста на отпадот и опасностите кои доаѓаат од него и неговата директна поврзанот со исцрпување на природните ресурси. Од овие причини, оваа програма предвидува користење на различни форми за едукација и информирање на одредени целни групи и тоа:

-Едукација за превенција во училиштата и детската градинка

-Едукација за превенција во администрација и институции во Општина Шуто Оризари (општина, урбани и месни заедници, подрачни единици на министерства, амбуланти, и сл.) и

-Едукација на членовите на невладини организации и Здруженија на граѓани активни во различни области (не исклучиво врзано со здруженија на граѓани активни во областа на животната средина).

**Акции за донирање**

На акциите за донирање на различни добра, обично им се дава социјален карактер и намена. Но со оваа програма, покрај оваа карактеристика, на акциите за донирање ќе им се даде една нова димензија: јакнење на перцепцијата за користење на сеуште употребливото, иако веќе користено добро, е акт на волја да се помогне кон глобалните, националните и локалните напори во намалување на отпадот и поддршка на одржливиот развој. Од овие причини, оваа предлог Програма предвидува користење на различни форми донаторски активности на веќе користени добра, организирани од и за различни целни групи и тоа:

- Донаторски акции во училиштата (придружени со забавни активности) за учебници и тетратки (последните денови на учебната година, или во термин предложен од наставниот кадар) и
- Донаторски акции на облека и предмети со мал габарит.

Воспоставување на берза на искористени предмети преку интерактивен портал на Web страната на Општина Шуто Оризари.

Искуството на земјите кои постигнале добри резултати во превенција на отпадот регистрира активности со кои предметите кои за одреден создавач се баласт т.е. потенцијален отпад со кој треба да се справи и да направи трошоци, да бидат искористени од субјекти за кои овие предмети се потреба. Оваа ефикасна мерка се спроведува со воспоставување алатка за меѓусебна директна комуникација на понудувачите и побарувачите на користени предмети. Врз база на оваа позитивна практика на развиените земји, се планира Општината Шуто Оризари да вклучи на Web

страната понуда на искористени предмети со потенцијал за повторна употреба/рециклирање (би се вклучил отпад од различни места на создавање: домашен, комерцијален, индустриски и сл).

**3. СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОТПАД**

Програмата предвидува интервенциите во услугата "собирање и транспортирање" на мешан комунален отпад во Општината да продолжат со собирање и транспортирање со малите комунални камиони од страна на општината и со комуналните возила на ЈП Комунална хигиена. Комуналниот отпад ќе се собира и транспортира на ист начин како во 2023 година, На местата каде има поставено контењери и од кантите од индивидуалните станбени објекти и од деловните објекти комуналниот смет како и досега ќе го собира со свои камиони ЈП Комунална хигиена, а општината со свои комунални возила во две смени ќе го собира истиот од помали локални депонии и ќе бара од ЈП Комунална хигиена за целосно и секојдневно собирање на истиот, да користи поголем број на камиони со поголема тонажа и да работи во две смени. Одделението за Комунални дејности на Општината ќе биде во континуирана секојдневна комуникација со одговорните во ЈП "Комунална Хигиена" и Градот Скопје, каде на интерактивен начин би се правеле подобрувања на постојниот систем. Во овој смисол, административците во Одделението за комунални работи и за животна средина и надлежната инспекција наград Скопје и комуналните редари на општина Шуто Оризари, ќе вршат секојдневно снимања на терен , со цел да се детектираат местата каде полнењето и празнењето на контејнерите и кантите не е синхронизирано (контејнери кои се преполнуваат и контејнери кои не се полнат целосно до празнењето), местата каде се создаваат помали локални депонии и дали целосно се собира комуналниот отпад од истите и од кантите од локалното население од индивидуалните станбени објекти и од деловните објекти и за овие информации секојдневно ќе комуницираат со надлежните од ЈП "Комунална Хигиена" со цел да се подобри услугата.

**4. СЕЛЕКТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД**

Селектирањето на различни видови отпад се спроведува доколку селективно собраниот отпад може повторно да се употреби или преработи, како и за оние фракции кои претставуваат особен ризик за животната средина. Од овие причини во предлог Програмата за управување со отпад за 2025 година најголем приоритет ќе се даде на селекцијата на отпадот и како основни задачи си ги поставивме следниве:

-продолжување на селективно собирање на отпад во урбаниот дел.

-продолжување на јавната кампања за потребата од селективно собирање и рециклирање на отпадот

-реализација на јавна кампања за потребите од селективно собирање и

рециклирање на отпадот

-Воспоставување на собирни центри за собирање на одвоено собирани фракции на отпад од пакување, отпадни акумулатори и преносливи батерии и отпадна електрична и електронска опрема. (Во тек е обезбедување посебен ограден плац од страна на Општината за складирање и собирање на истиот од овластен оператор).

**5. ПРЕРАБОТКА (РЕЦИКЛИРАЊЕ И КОМПОСТИРАЊЕ) НА СЕЛЕКТИВНО СОБРАНИ ФРАКЦИИ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД**

Ако се земе предвид високата застапеност на биоразградливиот отпад во комуналниот отпад (утврдена на околу 62% на национално ниво), преработката на биоразградливиот отпад станува значаен елемент и трошок во постапувањето со отпадот. Освен што преработката на овој вид отпад би била огромен придонес на Општината кон исполнувањето на националните обврски во процесот на спроведување на законодавството на ЕУ, транспонирано во Законот за управување со отпадот, кои бараат фазно отстранување на биоразградливиот отпад од депониите (заради намалување на емисиите на стакленички гасови кои се причина за глобалното затоплување, намалување на загадувањето на подземните и површинските води од продуктите на неговата разградба при условите кои владеат на депониите), преработката носи и високи придобивки на локално ниво и тоа:

-Биоразградливиот материјал содржи супстанции кои се драгоцени за растителниот свет, а кои со депонирањето неповратно би се изгубиле,

-Рециклираниот материјал - компостот е одлично природно ѓубриво,

-Трошоците за собирање, транспортирање и депонирање се намалуваат пропорционално на количината биоразградлив отпад која нема да се фрли заедно со мешаниот комунален отпад во контејнер (се намалуваат трошоците како за корисникот, така и за давателот на услугата).

**6. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАД**

Отстранувањето на комуналниот и друг вид неопасен отпад создаден во Општината во текот на 2025 година, ќе биде со депонирање на депонијата "Дрисла" и синхронизирано со плановите на Град Скопје и активностите на ЈП "Комунална хигиена" и Општина Шуто Оризари.

Во програмата за 2025 година, се предвидува со засилено темпо продолжување на чистење од отпад и уредување на јавните површини и во урбаниот и во руралниот дел на општината во соработка со градот Скопје и Министерството за заштита на животната средина.

**7. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ**

Реализацијата на Програмата наложува континуирана соработка на надлежните органи на Општината Шуто Оризари со Градот Скопје и централната власт, а особено со МЖСПП, ЗЕЛС, како и со останатите општини во државата.

Исто така надлежните органи на Општина Шуто Оризари треба да бидат во постојана блиска комуникација и соработка со невладиниот сектор, кој е клучен актер во обезбедување одржливост на сите активности, поврзани со јакнење на јавната свест.

**8. МОНИТОРИНГ**

Општината ќе врши мониторинг врз спроведувањето на Програмата посебно насочен кон следниве активности:

-Намалување на опасностите и ризиците за животна средина од активностите на управување со отпад;

-Развој на нови системи и постројки за управување со отпад и обезбедување на посебен заграден простор за оставање и собирање на батерии, акумулатори, електрични и електронски уреди и друг електричен и електронски отпад, кој ќе го собира овластен оператор.

-Оперативност на надлежните органи (координација помеѓу Инспекторатот за животна средина и локалните инспектори);

-Оперативност на новите институционални решенија (особено во координација со град Скопје, ЗЕЛС и Министерството за заштита на животна средина), и

-Собирање на средства за да се обезбеди финансиска одржливост на системот за управување со отпадот од сите оние кои создаваат отпад (надоместоци врз основа на начелата "загадувачот плаќа" и "одговорност на производителот").

Исто така, будно ќе се следат барањата на законодавството. Донесувањето на законите и стандардите во областа на управување со отпадот не се доволни сами по себе за да гарантираат успех. Потребно е тие да се спроведат, а за да се има увид во ефикасноста на спроведувањето, треба да се воспостават основните оперативни системи и процедури. Во оваа смисла, мора да се воспостави целисходен систем за прибирање на податоци и информации, нивно чување и обработка. Системот треба да верифицира дека се постигнати и одржливи планираните подобрувања во управувањето со отпадот. Тој мора да биде релевантен извор на информации за сите заинтересирани страни. За да го обезбеди тоа, Општината (со вклучување на операторот согласно избраната алтернатива) ќе собира податоци и информации првенствено со доследно спроведување на барањата од Правилникот за евиденција и известување за постапување со отпад (Службен весник на РМ 7/2006) и Законот за управување со опад (Службен весник РСМ 216/2021), како и извештаите на

овластениот инспектор за животна средина, на Град Скопје. Последното подразбира и доследно спроведување на сите законски санкции (казнување) за сите прекршители.

**9. ФИНАНСИСКИ СРЕДТСТВА**

Како општина во состав на Град Скопје, во Општина Шуто Оризари финансирањето на управувањето со отпадот како јавна услуга, е централизирано и се обезбедува од средства на наплатени надоместоци за извршена услуга, буџет на Град Скопје, донации, грантови и наплата на казни.

Целокупниот процес околу собирање,селекција,транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, се реализира од ЈКП Комунална хигиена со додатна помош од Општина Шуто Оризари и Градот Скопје. Поради немање на доволно финансиски средства Општина Шуто Оризари не е во можност самостално да ја спроведе Програмата за управување со отпад за 2025 година дел од средствата за слична намена ги обезбедува во Програмата (Ј) за Комунални дејности за 2025 година, а за дополнителни активности од Планот за управување со отпад, ќе бара помош од Градот Скопје, Министерството за заштита на животна средина, донации, невладини организации и грантови и од Центарот за рамномерен регионален развој, на Скопски плански регион.

**10.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од големината и приливот на средства во Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2025 год.

**11.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари'', Скопје.

Бр: 08-1104/29
Дата: 30.12.204 год.

Совет на општина Шуто Оризари
Претседател
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука за усвојување на Програма за управување со отпад на територија на Општина Шуто Оризари за 2025 година.**

1. Се прогласува одлуката усвојување на Програма за управување со отпад на територија на Општина Шуто Оризари за 2025 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/64
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/02), член 126 став 3 од Законот за водите, („Сл. Весник на РМ" 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/12, 23/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ" бр.151/21), член 34, 35 став 1 и член 67 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ" 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 215/21) и член 42, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари" бр.01/97), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-та седницата одржана на ден 25.12.2024 година, донесе

## ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ

## ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Се усвојува ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука, е ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/30
Дата: 30.12.2024 год.

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ “ бр. 5/02),член 126 став 3 од Законот за водите („Сл.весник на РМ“ бр.87/08,6/09,161/09,83/10,51/11,44/12,163/12, 23/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21), член 34, 35 став 1и член 67 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,93/12, 41/14,129/15,71/16,106/16,83/18и „Сл.весник на РСМ“ 215/21) и член 42, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Шуто Оризари(„Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.01/97), а по предлог на Градоначалникот, Советот на својата 38-ма седница оддржана на ден 25.12..2024 година, донесе:

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ

# ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА

**С О Д Р Ж И Н А** :

**1. Општи карактеристики на подрачјето на општина Шуто Оризари**

* Географска положба и големина на подрачјето на општината;

* Рељефни, геолошки карактеристики и пошуменост

* Климатски услови

* Хидрографско-хидролошки карактеристики

* Број и големина на населените места

* Вид и количина на атмосферски врнежи

* Водостопанство

**2. Процена на загрозеност на подрачјето на општината од поплави**

**3. Заштита, спасување и одбрана од поплави** :

* Превентивни мерки за заштита од поплави

* Оперативни мерки за заштита и спасување од поплави

* Расположиви ресурси за спречување и отстранување на последиците од поплави (персонални и материјални)

**4. Општи карактеристики на подрачјето на општина Шуто Оризари**

* Географска положба и големина на подрачјето на општината

* Назив на Општината: ЕЛС општина Шуто Оризари, Скопје

* Површина: 7,48 км$^2$ (635 ha од кои 135 ha опфаќа урбаната населба Шуто Оризари)

* Број на жители во Општината: 25.726 (по последен попис во 2021 год.)

* Број на жители во урбана населба Шуто Оризари 25.226

*Број на жители во рурална населба с.Горно Оризари 500

* Број на населени места : 02

* Густина на населеност: 3.439,30 ж /км$^2$

**-Географска положба и големина на подрачјето на општината**

Општина Шуто Оризари како интегрален дел на Град Скопје, е лоцирана во Скопската котлина, во северниот дел на градот Скопјеи се граничи со општините Бутел и Чучер Сандево. Според член 8 од Законот за Град Скопје, граничната линија на општината Шуто Оризари, започнува од раскрсницата на трите гранични линии на општините Бутел, Шуто Оризари и Чучер Сандево и ја следи граничната линија на општина Бутел, по локалниот пат до с.Визбегово, свртува на патот кон село Визбегово,

продолжува по надворешната линија на село Горно Оризари, до раскрсницата на трите гранични линии на општина Бутел, Шуто Оризари и Чучер Сандево. Општината Шуто Оризари е составена од урбаната населба Шуто Оризари (во нејзин состав влегува и населбата Долно Оризари) и од руралната населба село Горно Оризари.

**-Рељефни и геолошки карактеристики и пошуменост**

Општина Шуто Оризари се наоѓа во Скопскиот регион, кој е распостранет во централниот дел на Балканскиот полуостров и претставува одредена целина, опкружена со планински венци на планините Скопска Црна Гора, Шар Планина, Жеден, Сува Гора, Караџица, Јакупица и Венец. Скопската котлина е на надморска висина од 245 метри и околу неа на југ се распостила планината Водно, со која се поврзани планините Караџица и Јакупица.На нејзината југозападна страна е распослана планината Сува Гора, а на нејзината северна страна е Скопска Црна Гора.На исток е отворена по долината на реката Вардар.Општина Шуто Оризари е лоцирана во северниот дел на котлината и граничи со општина Бутел и со општина Чучер Сандево и се наоѓа на надморска висина од 300 м.Рељефот е претежно равен и нема високи ридови и планини.Падот на теренот е од северна и североисточна страна, во правец на општината Бутел.

Просторот на кој се протега подрачјето на Скопје, во кој спаѓа и Општина Шуто Оризари е од тектонско потекло.Во Републиката се формираат три геотектонски различни единици. Тоа се „Вардарска област'' „Пелагонија'' и „Областа на Западна Македонија''. Влијанието на ,,Вардарска област'' преовладува. Општо земено подрачјето е сеизмолошки активно, што се одразува врз постојните тектонски движења, сврзани со сеизмичка активност на одредени блокови. Движењето на ваквите блокови во скопската котлина, во која се наоѓа подрачјето на Општина Шуто Оризари, се класифицирани во три групи и тоа: бочни, лапгитудални и трансферзални.

Анализирајќи го геолошкиот состав на заемјиштето на кое што е распостранетo Скопје, а во тој состав и општина Шуто Оризари, структурата на земјиштето е хомогена и застапени се различни видови на почви, како што се песочноглинести, делувијални, колувијални, флувијални и др.Во поголем обем земјата до 12 м длабина е составена од хумус, почва со ситни честички и ситнозрнест песок, со средно јака цврстина и со темно кафеава боја, ситнозрнеста глина ситнозрнест и крупно зрнест песок и чакал и органски примеси со средно пластична и среднојака конзистенција со кафеава боја, ситен до крупен чакал со песоклива средна и јака концетрација, со присуство на кварцна прашина и променлив процент на гранули, со светло црвенкаста и кафеава боја.

Во атарот на општината Шуто Оризари, застапени се следните геолошки серии:алувиални седименти и седименти на прва речна тераса, делувијални седименти, полувијални седименти, плиоценски седименти, миоценски седименти, карбонантна серија на флиш, масовни варовници, биотит-мусковитски шкрилци, травертин и др.

Движењата на земјиштето кои се јавуваат, јасно укажуваат на осетливоста на подрачјето од предизвикување на катастрофални земјотреси, кои можат да предизвикаат големи материјални штети и човечки загуби, затоа е потребно при одредување и спроведувањето на мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра, да се земат во предвид правците на движењата на земјиштето и распоредот на силите да биде така распореден, како би можело што поефикасно да се делува во вакви ситуации, за отстранување на последиците.

За подрачјето на општина Шуто Оризари е карактеристична Скопската котлина. Скопската котлина гравитира по течението на реката Вардар и има надморска височина од 260 до 340 метри.

Во општина Шуто Оризари нема реки, кои гравитираат на нејзината територија.Во близина на југозападниот дел од општината, тече реката Серава и не е потенцијална опасност за населението.Истата гравитира на подрачјето во општина Бутел и надлежните органи, редовно го чистат нејзиното корито.Во општината Шуто Оризари постои само еден мал поток, на северозападниот дел од општината и е потенцијална опасност од поплави на западниот дел, ако редовно не се чисти.Дел од атмосферската канализација на улицата ,,Индира Ганди'', продолжува на запад, по улицата ,,Нов Живот'' и се влева во реката Серава.

На подрачјето на општината се формирани и вододерини, суводолици, поројни водотоци, од улиците кои немаат атмосверска канализација.Ерозивни процеси на територијата на општина Шуто Оризари, се присутни во околината на место викано Коњски Дол и на северозападниот дел од општината, покрај патот за село Визбегово.

Во општината нема шумски појаси.Непошумените делови се ретко распространети и се од разновиден растителен свет: високи треви, папрат, грмушки, овошни дрвја и др. и може да дојде до ерозија на земјиштето.

Во општината се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени. Неразвиените почви се со наносно потекло и заземаат пространства посебно во атарот на селото Горно Оризари и северниот дел на општината.Значењето за земјоделието на овој тип на почви во општината, е мошне големо и ако се обработува, се одликува со голема производствена вредност.

Развиените почви на подрачјето на општината, се со глинесто и песочно потекло и го зафаќаат поголемиот дел на јужниот, источниот и западниот изграден, урбан дел од општината. Овие почви немаат значајна улога во земјоделието.

**-Климатски услови**

Скопскиот регион е под влијание на умерено континентална, средоземна клима.Тука се судираат континенталната клима, од север-преку Кумановско-Прешевската долина и медитеранска клима од југ, која особено е изразена, по течението на реката Вардар.Основната карактеристика на ваквите климатски влијанија, се остри и влажни зими и суви и жешки лета.

Максималната температура на воздухот е во месец јули, а минималната во месец јануари.Во пролетниот период, средномесечните вредности на температурите се доста зголемени. Есента е потопла од пролетта.Во текот на летните месеци, средната месечна температура е повисока од 20$^0$C, а во месец јули средниот максимум на температурата е 30$^0$C, со температура и до 40$^0$C а во месец јануари е 3,9 $^0$C.Зимските средни максимални температури се под -10$^0$C, а средните максимални температури на годишно ниво, освен во јули се исто така под +10$^0$C.

Релативната влажност на воздухот, особено просечните вредности, никогаш не ја достигнуваат максималната заситеност.Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 504 мм, со максимум во ноември и мај.Сушниот период трае од јули до септември, со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена.Просечен број на ведри денови во текот на годината има околу 86-90, облачни денови околу 185, а тмурни денови околу 95.Релативната влажност на воздухот изнесува 70%.

Средномесечните количества на врнежи за 42 годишниот период, покажуваат два максимума во текот на годината.Правило е првиот максимум да се среќава во есенско-зимскиот период, во ноември-декември-јануари, со количина од 55мм, а вториот максимум со количина од 52мм, во периодот април-мај.Теренот е изложен на северни и североисточни ветрови.Со најголем интензитет е северниот ветар од 142‰, па североисточниот ветар со интензитет од 120‰, југоисточниот со 114‰, јужниот со 82‰, северозападниот со 81‰, западниот со 74‰ и источниот со интензитет од 56‰. Во општина Шуто Оризари најизразен е северозападниот ветар од правец од планината Скопска Црна Гора, Југо од правец на планината Водно и Поварадарец по течението на реката Вардар. Брзината на ветровите се движи во просек од 2,6 м/сек, но никогаш не достигнува поголема брзина од 18,9 м/сек.

**-Хидрографско-хидролошки карактеристики**

Подрачјето на Скопскиот регион во рамките на кој е третираниот плански опфат, располага со вонредно добри хидрографско-хидролошки карактеристики.Водното богаство се манифестира со подземни и површински, односно проточни води.Хидрографските особености на територијата на општина Шуто Оризари, се многу скромни и има недостиг од вода како за пиење така и за наводнување. Нема природни и вештачки езера и нема реки, освен еден мал поток кој извира од планината Скопска Црна Гора и се слива во реката Серава. Длабочината на подземните води, во зависност од конифгурацијата на теренот се движи од 2-18 м.Нема извори, како природна површинска манифестација на подземните води во општина Шуто Оризари.Подземните води се користат во вид на фреатска (бунарска) вода, во мал дел во урбаната зона како технолошка вода, а во село Горно Оризари се користат преку четири артерски бунари длабоки од 4-12 м, во поголем дел како вода за пиење, а во помал дел за наводнување. Пороите и ерозијата на почвата како хидрографски проблеми, се последица на геолошко-морфолошките и климатските особености на Скопскиот регион, како и уништувањето на плодоносниот хумусен слој. Текот на подземните води гравитира кон реката Серава, која е дел од Вардарскиот слив.

**-Вид и количина на атмосферски врнежи**

Релативната влажност на воздухот, особено просечните вредности, никогаш не ја достигнуваат максималната заситеност.Вкупните просечни годишни врнежи се движат околу 504 мм, со максимум во ноември и мај.Сушниот период трае од јули до септември, со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена.Просечен број на ведри денови во текот на годината има околу 86-90, облачни денови околу 185, а тмурни денови околу 95. Релативната влажност на воздухот изнесува 70%.

Средномесечните количества на врнежи за 42 годишниот период покажуваат два максимума во текот на годината. Правило е првиот максимум да се среќава во есенско-зимскиот период, во ноември-декември-јануари со количина од 55мм, а вториот максимум со количина од 52мм, во периодот април-мај.

Снежните врнежи повеќе се застапени на високите планински подрачја, а помалку во Скопската котлина во која припаѓа и општина Шуто Оризари и средногодишната вредност во периодот ноември-март е околу 10-12 см наврнат снег. Најмногу врнежи во општината Шуто Оризари, има во месец јануари, просечно од 4-6 дена, а најмалку во месец ноември 0,2 дена.

Појавата на магла во општината е во ист период од годината и тоа од месец ноември до месец март, околу 50 дена, а истата е најприсутна во месец декември и месец јануари.

**-Водостопанство**

На територијата на општината, со водата за пиење стопанисува ЈП ,,Водовод и канализација'', а во село Горно Оризари, со водата за пиење која е од артерски бунари, стопанисува месното население.

**-Процена на загрозеност на подрачјето на општината од поплави**

Водотеците во Град Скопје се поделени во четири слива: река Вардар-Таор, Треска, реката Лепенец, водните акумулации, Матка, Железарница и езерото Треска. При услови на интезивни врнежи и вонредни состојби, горенаведените водотеци се главна опасност за излевање од сопствените корита и предизвикување на поплави во станбените населби и земјоделското земјиште. На локално ниво, реката Серава претставува најголема опасност во прелевање на водите од нејзиното корито и поплавување на долните зони од населба Шуто Оризари и населбата Долно Оризари. Резервоарите како и изграденоста на водоводната мрежа, овозможуваат поголем дел на подрачјата во Општината, да бидат снабдена со доволни количини со вода за пиење, освен во летниот период кога има недостиг од вода за пиење во долните делови од општината. Општината се снабдува преку водоводната мрежа, која се напојува преку 2 резервоара од кои, едниот е лоциран на највисокиот дел од населбата на улица ,,Иљо Војвода'', од каде 90% од општината се снабдува со вода за пиење од таму, додека делот од населбата Долно Оризари се снабдува преку водоводна мрежа на с. Визбегово, поврзана со резервоарот Коњски Дол, со капацитет од 1500 $м^3$. Со изградбата на новиот резервоар за вода значително е подобрено водоснабдувањето во општината. Со изградбата на атмосверските канализациони мрежи на улиците Индира Ганди, Хаџи

Јован Шишко, Брсјачка буна, Нов живот и Бутелски венец, знатно е намалена опсноста од поплавување на улиците , дворовите и станбените и други објекти.

Во услови на оштетување на водоводнат мрежа и појава на масовни пожари, ќе се појави недостиг на вода. Проценките укажуваат дека е потребно да се изградат повеќе бунари и да се изврши доградба на водоводната мрежа со хидрант.

| Реден број | Опис | |
|---|---|---|
| 1. | Микролокација | На територија на Општина Шуто Оризари најзагрозени објекти се улиците лоцирани во најниските делови од населбата: ул. ,,Пелагонија'', ул. ,,Брсјачка Буна'', дел од ул.,,Вашингтонска'', дел од ул.,,Индира Ганди'', ул,,Патрис Лумумба'', ул,,Рељо Шестокрило'',ул.,,Карбуница'',ул.,,Клисурска,ул.,,Кипарска'', ул.,,Злетовска-крак-2''дел одстанбените улици во населба ДолноОризарии улицата покрај затворот,улицата,,Гарсија Лорка'' на излезот од населбата на патот за Визбегово, локалитетот покрај улицата „2'' на потегот од улицата ,,Индира Ганди'' во правецот на село Вибегово, |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Определување на ниво на ризик од големи поплави | Ниво на мал ризик, бидејќи немареки и акумулациони вештачки езера со брани.<br><br>Ниво на среден ризик, би се случил при енормно големи поројни и долготрајни дождови и нагло топење на големинаноси од снег и поголемо излевање на реката Серава чиј тек е во близина но не е на територија на општина Шуто Оризари и нередовно чистење на единствениот мал поток-канал кој извира од планината Скопска Црна Гора и се влева во реката Серава |
| 3. | Опис на загрозени добра | Станбени и деловни објекти, дворови на деловни и станбени објекти,<br><br>помошни објекти ,трафостаници,<br><br>улици, патишта , земјоделско и<br><br>градежно земјиште и друга инфраструктура |
| 4. | Вредност на загрозени добра | Вредноста на загрозените добра ќе се одредува според проценката на комисијата за процена на штети |
| 5. | Превентивни мерки | Доизградба на системот за одвод на атмосферските води во Општина Шуто Оризари, изведба на сливни решетки на сите сервисни и станбени улици на спроевите со главните собирни улици и редовно чистење напостоечките,регулација и чистење на отворените канали-потоци и речните канали за одводнување (коритото на рекаСерава малиот потокканал) |
| 6. | Потребни материјални средства механизација и алат за превенција | Утоварувачи, багери, кипер камиони, вреќи за песок, песок, водни пумпи за црпење, алати (копачи, лопати, ашови, |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Опис на мерки за справување | -обезбедување на сообраќаен проток,<br>-контрола на системот за вода за пиење и превенција од загадување особено над резервоарите,<br>-превенција и заштита од заразни болести,<br>-отстранување на препреки на водните поплавени текови од дрвја, гранки и отпадоци,<br>-редовно чистење на постоечки сливни решеткии шахти одканализација,изведба на нови сливни решеткина сервисните и станбенитеулици и на делови одпоголемите улици каде се задржува атмосферскатаводаи по потреба поставување вреќи со песок при |
| 8. | Ниво на приоритет | Приоритет-чистење на постоечка атмосферска и канализациона мрежаи шахти, чистење на постоечкиот по ток-канал, изведба на нови сливниодводни решетки, набавка на песоки вреќи за песок, набавка на двецрпни пумпи,избор на изведувачопремен со потребна механизацијакој ќе биде на располагање приможни поплави и спречување наистите, набавка на чизми, кабаниции друг потребен алат. |

**-Мерки за заштита и спасување од поплави**

Поплавите се природни непогоди кои честопати во помал обем зафаќаат делови од подрачјето на општината Шуто Оризари, особено долните делови на југ и запад. Тие настануваат како резултат на специфичностите на рељефот, климатските услови и проток на атмосверската вода предизвикана од поројни долготрајни дождови по улиците од горниот кон долниот дел на населбата Шуто Оризари.Ова се случува при обилни дождови, бидејки во населбата, има само мал број на улици кои имаат атмосверска канализација.

Согласни процената за загрозеност од поплави потребно е да се превземат следните задачи и активности:

-редовно одржување  и чистење на одливни сливници со решетки и шахти на постоечката фекална и атмосверска канализација–рок февруари-март и постојано

-чистење на наноси  и одстранување на прекумерна развиена вегетација, гранки,  шут, смет и друг отпад на постоечкиот поток-канал во близина на ул.,,Брсјачка Буна', на северозападниот дел-рок месец февруари-март, ноември-декември и по потреба повеќе пати во годината.

-Изведба на одливни сливници со решетки, на споевите на сервисните и станбени улици со поголемите главни улици и на места каде што се задржува водата од поројните дождови и нагло топење од големи наноси од снег-рок март-декември.

-јавните претпријатија и организации, а особено Водовод и канализација, топлификација, електростпанство , телекомуникации и други, треба да имаат свои согледувања за отежнати услови на функционирање на нивните инсталации и уреди во услови на поплави и да ги дефинираат однапред критичните места и да утврдат соодветни решенија и мерки, кои ќе се превземаат од нивна страна, алтернативни решенија и слично.

Прогласувањето на поедини фази за заштита и спасување од поплави се условува од големината на протокот на реката Вардар, Треска и Лепенец, а во општината реката Серава и е во зависност од степенот на опасноста, која е дефинирана во процената на загрозеност од поплави и од обилни дождови, бидејки во општината има мал број на улици со атмосверска канализација

Општината и Општинскиот Кризен Штаб во сите четири степени го активира персоналниот состав на одделението за заштита и спасување воведува дежурство, ја следи ситуацијата и донесува соодветни решенија.

Во четвртата фаза на одбрана од поплави, се врши евакуација од загрозеното подрачје.(Според процената на загрозеност од поплави, не се очекуваат поголеми поплави од среден и висок ризик, во општина Шуто Оризари и евакуација на луѓе и матерјални добра).

Граѓани кои треба да се евакуираат во случај на големи поплави при долготрајни поројни дождови, се од следните урбани заедници, а се проценува дека евентуално би биле загрозени околу 1000 граѓани:

-**Урбана заедница Шуто Оризари**

Дел западно од главната улица,,Индира Ганди'' и дел западно од улицата ,,Јован Хаџи Шишков''(,,Виетнамска'').Населението би се евакуирало во правец по главната улица ,,Индира Ганди'' и ул.,,Виетнамска'', а собирни места би биле во дворот и просториите на  ОУ,,Браќа Рамиз и Хамид'' и  ОУ,,26-ти јули''.Местата за евакуација и престој на поплавените граѓани накнадно ќе бидат одредени во соработка со Градот Скопје,  Дирекцијата за заштита и спасување на РМ, Центарот за управување со кризи на РМ и Владата на РМ, бидејки општината нема сопствени капацитети да ги згрижи граѓаните.

**-Урбана заедница Долно Оризари**.

Населението би се евакуирало по главната улица ,,Македонско Косовска Бригада'' во правец на ул.,,Индира Ганди'', а собирни места би биле во дворот и просториите на ОУ,,26-ти јули'' и ОУ,,Браќа Рамиз и Хамид''.Местата за евакуација и престој на поплавените граѓани, накнадно ќе бидат одредени во соработка со ГрадотСкопје, Дирекцијата за заштита и спасување,Центарот за управување со кризи на РМ и Владата на РМ, бидејки општината Шуто Оризари, нема поголеми сопствени капацитети да ги згрижи граѓаните.

**-Урбано-рурална заедница с.Горно Оризари**.

Според процена на загрозеност од можни поплави, проценето е дека во овој дел нема опасност од поплави од поголеми размери.

Во случај на евентуална поплава се предвидуваат да се превземат и следниве оперативни мерки и задачи:

-постојано дежурство и контрола на водената стихија, и по потреба обезбедување на критични места со вреќи со песок и земјани насипи со постојната механизација

-настраданото население ќе се снабдува со со прехранбени артикли, вода за пиење, облека, ќебиња и средства за хигиена, со дел од средства од општината, Градот Скопје, Владата на РМ, стопански и правни субјекти во општината, други општини во РМ, Црвениот крст и други хуманитарни организации и странски институции.

-превземање мерки за евентуални потреби за ангажирање на дополнителни интервенции, сили, алат, средства, механизација и друго, со цел брзо санирање на настанатите состојби,

-барање помош од Градот Скопје, претпријатија, организации и од соседните општини ако тоа го наложува ситуацијата на теренот,

По завршувањето на активностите за заштита и спасување од поплави, односно по престанокот на опасноста од поплави, сите надлежни субјекти пристапуваат кон одстранување на последиците од предизвиканата поплава и тоа:

-формирана е комисија за процена на штетите и последиците

- во зависност од настанатите последици од поплавите се преземаат мерки за санација на подрачјето, давање неопходна помош на настраденото население, како и спроведување на здравствени и хигиено епидемиолошки мерки и др.

**-Асанација на теренот**

Мерките извлекување на настраданото население и испумпување на водата од поплавените објекти се одвиваат паралелно, веднаш штом ќе дозволат условите на теренот, а ќе ги спроведат силите со

кој располагаме, односно ке бидат вклучени потребните расположиви персонални н материјални ресурси.

Асанацијата на теренот опфаќа хигиено-технички и други мерки и активности за спречување на настанување и ширење на заразни болести и други последици од поплавите.

Во аснацијата на теренот најважни активности се:

-пронаоѓање, идентификација и погреб на загинати лица

-пронаоѓање и закоп на загинати животни

-чистење на теренот од разни глодари и инсекти;

-отстранунање на отпадоци и други штетни материјали;

-дезинфекција, дезинсекција и дератизација

-асанација на објектите за водоснабдување;

-санирање на штетите направени врз сообраќајниците во населените места и патните правци и чистење на истите од песок, кал и други наноси.

Носители на активности во спроведување на асанацијата и заштитата и спасувањето од поплави во ЕЛС општинаШуто Оризари:

-Општина Шуто Оризари

-Градот Скопје

-Дирекција за заштита и спасување –Чаир

РЦУК Чаир

-Министерство за здравсто;

-ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје

-Здравствени установи во општината и во градот Скопје;

-Ветеринарни станици во градот Скопје

-ЈП Комунална Хигиена -Скопје;

-ЈП Водовод и канализација-Скопје

-ЈП Улици и патишта –Скопје

-ЈП Паркови и зеленило-Скопје

-Јавни установи, служби, дистрибутери на енергија и др.

-Расположиви ресурси за спречување и одстранување на последиците од поплави (персонални и материјални)

За спречување, намалување и отстранување на последиците од поплави и секаков друг вид на загрозеност од природни непогоди на подрачјето на општината, општина Шуто Оризари врз основа на постоечката законска регулатива, презема низа мерки и активности, како што се постојани контакти со Дирекцијата за заштита и спасување, п.о. РЦУК Чаир, воспоставена е соработка со јавните претпријатија од Градот Скопје, приватни претпријатија и др.

Сите овие субјекти во случај на вонредна состојба-поплава, ке бидат вклучени со сите ресурси, со кој располагаат за справување со ваков вид на загрозеност, на подрачјето или на дел од подрачјето на општината.Сите подолу наведени ресурси персонални и материјални, ке бидат користени и во случај на пожар, снежни намети и други непогоди.

Расположиви човечки ресурси за интервенција и за време на поплава, со кој располага општина Шуто Оризари се: 48 припадници на ЕЛС Шуто Оризари и 10 припадници на ЈП Комунална хигиена за расчистување на наноси и асанација на теренот , 6 припадници на ЈП Водовод и канализација за поправка на водоводна и канализациона мрежа.

Потенцијални персонални ресурси, преставуваат специјализираните и универзалните просторни сили, само во случај да се обезбеди лична и материјална опрема, пропишана со закон.

Матерјални ресурси кои можат да бидат вклучени во случај на поплави се следните :

*Општина Шуто Оризари

- Два комунални камиони

-10 копачи, 5 гребла, 20 лопати, 5 ашови, 5 мотики, еден апарат за заварување, четири рачни колички, три коси за косење, 5 вили, 1 скала

-Приоритет за набавка на 2 пумпи за црпење вода, 20 пара чизми, 20 кабаници –Рок јануари-декември

*ЈП Комунална хигиена

-два мали комунални камиони, 2 камиони кипер од 10 $м^3$ , една авто цистерна за миење на улици, еден липкер-утоварувач точкаш, една цистерна за усисивање на отпадни и фекални води, два големи комунални камиони за мешан комунален отпад и смет, една дигалка за собирање на загинати животни, 1 камион за превоз на загинати животни, кои ќе се закопуваат во депонијата во Дризла.

-ЈП Водовод и канализација- 1 цистерна за отпушување и усисување на отпадни води, 2 веде пумпи за испумпување на отпадни води, 1 липкер-утоварач, 1 ровокопач, 1 камион-кипер од 4 м[1]

-Други ресурси од приватни претпријатија-накнадно ќе се утврдат и ќе делуваат по потреба.

Во спасувањето на луѓе, материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од поплава и асанација на теренот, ќе се употребат сите напред наведени расположиви ресурси, со вклучување и на останатите надлежни субјекти од подрачјето на општината: Дирекцијата за заштита и спасување на РМ, Центарот за управување со кризи, ОВР, Здравствен дом Шуто Оризари, ЈЗУ Центар за јавно здравје, приватни здравствени ординации и други правни и физички субјекти.

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник наопштина Шуто Оризари.

Бр: 08-1104/30
Дата: 30.12.2024 год.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

Одлука за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави во Општина Шуто Оризари 2025 година.

1. Се прогласува одлуката за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави во Општина Шуто Оризари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/65
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари“ бр. 1/97), а во врска со член 15 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.102/19), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општина Шуто Оризари, на својата 38-ма седница оддржана на 25.12. 2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА, ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА, ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА,во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член2**

Составен дел на оваа Одлука, е ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА, ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/31
Дата: 30.12.2024 год.

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**Сеад Исмаил**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 5/02), член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари, („Службен гласник на општина Шуто Оризари" 1/97), а во врска со член 15 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.102/19), Советот на општина Шуто Оризари, на својата 39-та седница оддржана на 25.12.2024 година, а по предлог на Градоначалникот на општина Шуто Оризари ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А

**за работа на Одделението за комунална инспекција, инспекција за заштита на**

**животна средина и Одделението за комунални редари на општина Шуто Оризари, Скопје за 2025 година**

## ВОВЕД

Во согласност со Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Скопје за 2024 година, и согласно со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ“ бр.50/10,162/10, 157/11,147/13,41/14,33/15,193/15, 53/16, 11/18, 83/18, 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.102/19), се презентира Годишната програма за работа на Одделението за комунална инспекција и инспекција за заштита на животната средина, во врска со извршувањето на инспекциските работи, во надлежност на општина Шуто Оризари, Скопје за периодот од 01.01.2025 година заклучно со 31.12.2025година. Во Годишната програма, се презентирани активностите на Одделението за комунална инспекција и инспекција за заштита на животната срединаи Одделението за комунални редари, во општина Шуто Оризари, Скопје кои ќе бидат преземени со цел, исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор, во овие области на инспекцискиот надзор, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополнувања на поединечните закони. Поради различните свери на работа, Програмата за работа е дадена и изготвена за следните одделенија:

1. **Одделение за комунална инспекција и инспекција за заштита на животната средина**
2. **Одделение за комунални редари;**

Заради различните сфери на работа, Програмата за работа е дадена и изготвена по одделенија.

Исто така потребните услови за исполнување на Годишната програма, се дадени по одделенија, согласно со нивните потреби и согледувањата од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите и комуналните редари, се предвидени со платниот биланс на Буџетот на општина Шуто Оризари, за 2025година.

За реализација на Годишната програмата за 2025 година, ќе биде изготвен Годишен извештај, а согласно со Законот за инспекциски надзор, ќе бидат изготвувани и квартални оперативни извештаи.

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

При утврдувањето на содржината на Програмата за работа на општинскиот овластен комунален инспектор за 2025 година, се имаа во предвид надлежностите на комуналната инспекција утврдени со законските и подзаконските акти:

- Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ"бр.95/12, 163/13, 42/14,44/15,147/15, 31/16, 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.302/20, 111/23),
- Закон за јавната чистота („Сл.Весник на РМ" бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12,163/13, 44/15,147/15, 31/16 и „Сл.весник на РСМ" бр.122/21),
- Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на РМ" бр.68/04, 28/06,103/08, 17/11, 54/11,163/13,10/15,147/15, 31/16),
- Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Сл.весник на РМ" 66/04, 55/07, 145/10, 136/11, 163/13, 147/15),
- Законот за гробишта и погребални услуги („Сл.весник на РМ" бр.86/2008, 156/10, 53/11,163/13,152/15, 31/16),
- Законот за управување со пакување и отпадот од пакување („Сл.весник на РМ" бр.161/2009,17/11,47/11,136/11,6/12,39/12, 163/13,146/15, 39/16),
- Законот за управување со отпадот („Сл.весник на РМ" бр.68/04,107/07,102/08,143/08,124/10,09/11,51/11,123/12,147/13, 163/13,51/15,146/15,156/15,192/15,39/16, 63/16 и „Сл.весник на РСМ" 31/20, 121/24),
- Закон за Град Скопје (Сл.весник на РМ бр. 55/2004, 158/11)
- Закон за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.38/2005, 110/2008, 51/11, 124/15, 65/18)
- Одлука за комунален ред бр.08-1103/18 од 28.12.2020 год. во општина Шуто Оризари, Скопје;

Во Предлог-програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува комуналниот инспектор во текот на 2025 година, се систематизирани по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичко-информативна дејност, соработка со другите сектори од Градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни

состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка,како и Законот за инспекциски надзор.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор се врши како:
-редовен,
-контролен
-вонреден инспекциски надзор;

Испекциските надзори се вршат над Јавните комунални претпријатија утврдени со Законот за комунални дејности и Законот за Градот Скопје, над физичките и правни лица на кои општина Шуто Оризари, Скопје им дала концесија или дозвола за вршење на комунална дејност, во однос на:

- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период,
- расчистување на снегот пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради,
- одржување и поставување на комуналните уреди и опрема,
- одржување на зеленилото на магистралните и собирни улици,
- подигање на возила од јавни зелени површини со пајак- службата,
- одржување и користење на општинските паркови, парк- шумите на подрачјето на општината, водените и спортско- рекреативни зони утврдени со ГУП,
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта од значење на општината, утврдени со урбанистички план,
- снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на Градот Скопје,
- одведување и испуштање на атмосферските води,
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води,
- одржување на чистотата на градските гробишта,
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел,
- одржување на чистотата на пазарите на големо,
- инспекциски надзор над физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги,
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни претставки од физички и правни лица,
- водење на управни постапки,
- прием на странки.

**2. Обуки:**

Комуналните инспектори ќе земат учество на семинари, предавања иедукации, организирани од страна на ЗЕЛС, надлежни министерства, разни владини и невладини институции, во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, како и Законот за управна постапка и Законот за инспекциски надзор.

**3. Проектни активности**:

Одделението за комунална инспекција заедно со Одделението за комунални редари , во 2025 година, активно ќе учествуваат во реализацијата на разни активности,со цел подобрување на чистотата во општината,
по подигнување на свеста на граѓаните и навремено и квалитетно извршување на услугите, кои ги даваат јавните претпријатија.

**4. Аналитичко-информативна дејност:**

Одделението за комунална инспекција врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2025 година, ќе изготви:

-Квартални оперативни планови за работа на Одделението за комунална инспекција;
-Квартални извешта за работата на Одделението за комунална инспекција;
Рок:контуинирано,2025година

- Годишна програма за работата на Одделението за комунална инспекција за 2025 година.
Рок:ноември,2024година

- Годишен извештај за работата на Одделението за комунална инспекција за 2025 година.
Рок:јануари-февруари,2026година

**5.Соработкана Одделението за комунална инспекција**:

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано ќе соработуваат со другите одделенија и другите сектори во општината, Градот Скопје, комуналната инспекција на Град Скопје и Државниот

комунален инспекторат, другите општински комунални инспекции, општините во градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сé со граѓаните на општина Шуто Оризари, Скопје.

Рок: по потреба во текот на годината

**6.Нормативна**

Овластениот комунален инспектор ќе продолжи со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива, во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти, во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Шуто Оризари. Овие активности се неминовно потребни, за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на комуналниот инспектор, а со тоа и неговата теренска работа би била поефикасна. За извршените инспекциски надзори Овластениот комунален инспектор, изготвува квартален извештај и квартален оперативен план, кој го доставува до Градоначалникот на општината и до Државниот инспекторат за комунални работи.

**7.Услови потребни за извршување на инспекциските контроли:**

Одделението за комунална инспекција Скопје, ќе ја спроведе оваа програма на територијата на општина Шуто Оризари со 1 овластен комунален инспектор, а по потреба и со помош на овластени градски комунални инспектори и државни комунални инспектори. За спроведување на оваа програма потребни се материјално-технички средства и други услови и тоа кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Шуто Оризари.

Рок: 01.01.2025 - 31.12.2025 година

**8.Образложение:**

Со изготвување на оваа Годишна програма за работа на Одделението за комунална инспекција, се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во Општина Шуто Оризари.

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

При утврдување на содржината на Годишната програма за работа на општинските комунални редари за 2025 година, се имаа во предвид надлежностите на комуналните редари утврдени со:

- Закон за јавната чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10/,23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21),
- Закон за заштита од пушењето („Сл.весник на РМ“ бр.36/1995; 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13, 51/18),
- Одлуката за комунален ред бр. 08-1103/18 од 28.12.2020 год. на општина Шуто Оризари, Скопје.

Во Предлог-програмата, задачите и активностите што ќе ги извршуваат комуналните редари во текот на 2025 година, се систематизирани по области и тоа: контролен надзор, аналитичко-информативна дејност, соработка со другите одделенија и сектори од општината и од Градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни состаноци, нормативана дејност и обуки за имплементација на Законот за јавната чистота, Законот за заштита од пушењето и Одлуката за комунален ред на општината Шуто Оризари,Скопје.

**2.1.Контролен надзорна комуналните редари**

Контролниот надзор се врши како:

-редовен,
-контролен и
-вонреден надзор

Контролниот надзор се врши над физички лица, согласно со Законот за јавната чистота, Законот за заштита од пушењето и Одлуката за комунален ред на општина Шуто Оризари, на физички лица како можни сторители на прекршокот, им се изготвува опомена, покана за странка, записник за сторен прекршок или записник за порамнување за извршување на општокорисна работа или им се изрекува мандатна казна со мандантен прекршочен платен налог за плаќање на глобата, а во поедини случаи им се издава покана за едукација, согласно важечките закони.

-контрола над јавната чистота на јавните површини и на приватен имот.
-контрола на фрлањето на комуналниот мешан смет, кабаст отпад и шут.
-контрола над расчистувањето на снегот пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради.

-контрола над чистотата на зеленилото на магистралните и собирни улици.
-контрола над чистотата во општинските паркови, паркшумите на подрачјето на општина Шуто Оризари, водите и спортско-рекреативните зони утврдени со ГУП.

-контрола над испуштањето на атмосферски и отпадни води на јавни површини.

-контрола на работата на комуналните работници од општината и секојдневна проверка дали се на своето работно место и дали ги извршуваат целосно своите работни обврски, согласно дневниот распоред за работа.

-контрола на физички лица и за другите законски одредби од Законот за јавна чистота, Законот за заштита од пушењето и Одлуката за комунален ред на општина Шуто Оризари, Скопје.

-преземање активности, заедно во соработка со надлежните органи на МВР, за регулирање на сообраќајот и воведување сообраќаен ред во општината.

**2.2.Обуки:**

Комуналните редари ќе учествуваат на семинари, предавања и едукации во врска со имплементација на одредбите од Законот за јавна чистота, организирани од страна на ЗЕЛС, надлежните министерства и други владини и невладини институции.

**2.3 Проектни активности:**

Одделението за комунални редари, кое е во состав со Одделението за комунална инспекција и Одделението за животна средина, во 2025 година ќе учествувуваат во реализацијата на сите активности, чија цел е подобрување на чистотата во општината, подигање на свеста на граѓаните, и зголемено мандантно казнување на физичките лица, кои ги прекршуваат законите за Јавна чистота, Заштита од пушење и Одлуката за комунален ред на општина Шуто Оризари.

**2.4. Аналитичко- информативна дејност:**

Одделението за комунални редари, врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2025 година ќе изготвува:

-Месечни оперативни планови за работата на Одделението за комунални редари

-Месечни извештаи за работата на Одделението за комунални редари.

-Квартални оперативни планови на Одделението за комунални редари

-Квартални извештаи за работата на Одделението за комунални редари

-Дневни извештаи за работата на Одделението за комунални редари

Рок: контуинирано 2025 година

-Годишна програма за работата на Одделението за комунални редари за 2025година.

Рок: ноември 2024 година

-Годишен извештај за работата на Одделенито за комунални редари за 2025 година.

Рок: јануари-март, 2026 година

**2.5. Соработка на Одделението за комунални редари:**

Комуналните редари, заедно со комуналната инспекција, во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, контуинирано ќе соработуваат со сите одделенија во општината и другите сектори во Градот Скопје, комуналните редари во град Скопје, комуналната инспекција на град Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сé со граѓаните на општина Шуто Оризари, Скопје.

Рок: континуирано и по потреба во текот на годината

**2.6. Нормативна дејност:**

Комуналните редари, заедно со комуналната инспекција на општината Шуто Оризари, ќе продолжат со активностите за дополнување на постојната законска регулатива, во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на Законот за јавната чистота и Законот за заштита од пушење, како и Одлуката за комунален ред на општината, во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Шуто Оризари.

**2.7. Оперативна реонизација, на територијата на општина Шуто Оризари**

Теренската работа на комуналните редари, со оглед на малата територија на општината, ќе се одвива секојднево на територија на целата општина, без поделба на реони, а по потреба ќе се подели на три реони во одредени периоди во годината.За извршените контроли комуналниот редар поединечно изготвува дневен, месечен, квартален и годишен извештај и месечен, квартален и годишен план, кој го доставува до овластениот комунален инспектор.

Рок: 01.01.2025година - 31.12. 2025 година

**2.8. Услови потребни за извршување на контролите:**

Одделението за комунални редари, во склоп со Одделението за комунална инспекција и инспекцијата за заштита на животната средина, ќе ја спроведе оваа програма на територијата на општина Шуто Оризари со 3 (три) комунални редари, а по потреба и со комунални редари од Градот Скопје. За спроведување на оваа програма потребни се материјално-технички средства и други услови и тоа:

- фотоапарат, мотор (има два и потребен е уште еден), летни и зимски униформи и обувки, присуство на полиција (асистенција) во одредени случаеви кога е тоа потребно, како и соработка со комуналните редари на Градот Скопје и комуналните редари од другите општини во град Скопје, заради поголема ефикасност, при секојдневната теренска работа.

Рок: 01.01. 2025година - 31.12.2025 година.

**2.9.Образложение:**

*Со изготвување на оваа програма за работа на Одделението за комунални редари, во склоп со Одделението за комунална инспекција и инспекција за заштита на животна средина, се предвидува преземање на мерки за спроведување на Законот за јавната чистота, Законот за заштита од пушењето, Одлуката за комунален ред на општина Шуто Оризари и подобрување на хигиената, а со тоа и условите за живот на граѓаните на општина Шуто Оризари.*

3.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

При утврдување на содржината на Годишната програма за работа на Инспекцијата за животна средина за 2025 година, се земаат во предвид надлежностите на Инспекцијата за животна средина утврдени со законските и подзаконските акти:

-Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РМ“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14,33/15,193/15, 53/16, 11/18, 83/18, 120/18 и „Сл.весник на РСМ“бр.102/19)

- Закон за општа и управна постапка („Сл.весник на РМ“бр.38/05,110/08 и 51/11,

124/15)

-Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02)

-Закон на Град Скопје („Сл.весник на РМ“ бр.55/2004, 158/11)

-Закон за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09,48/10, 124/10, 51/11, 123/12,93/13,187/13, 42/14,44/15,129/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Сл.весник на РСМ“ бр.89/22, 171/22)

- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл.весник на РМ“ 79/07, 124/10,47/11, 163/13,146/15)

- Закон за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12,147/13,163/13,51/15,146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.31/20 и 216/21 ),

- Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Сл.весник на РМ“ бр.161/09, 17/11,47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/15, 59/16и и „Сл весник на РСМ“ бр.215/2021)

- Закон заквалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. весник на РМ“ бр.67/2004, 92/2007, 35/2010, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15)

-Закон со управување со управување отпад оделектронска и електрична опрема („Сл. весник на РМ“ бр.6/12),

- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Сл. весник на РМ“
бр.140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15, 39/16)

- Закон за води („Сл.весник на РМ“ бр.4/1998, 19/2000, 42/05, 46/06, 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21)

- Закон за заштита на природата („Сл.весник на РМ“ бр.67/04, 14/06, 84//07, 35/10, 47/11,148/11, 59/12, 13/13,163/13, 41/14,146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.151/21)

- Други подзаконски акти, одлуки, уредби и правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи, Градот Скопје и локална самоуправа.

Во Програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува овластениот инспектор за животна средина во текот на 2025 година, се систематизира по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичка-информативна дејност, соработка со другите сектори од Градот Скопје и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци.

**3.1.Инспекциски надзор**:

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Овластениот Инспектор за животна средина на општина Шуто Оризари Скопје, е самостален во својата работа и е овластен да врши инспекциски над-зор над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без предходна најава во деловните простории, инсталациите,објектите, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста.

Ако со закон не е поинаку уредено, инспекцискиот надзор, инспекторот го врши како:

- редовен инспекциски надзор;
- вонреден инспекциски надзор;
- контролен инспекциски надзор;

Овластениот инспектор за животна средина на општина Шуто Оризари, е овластен да врши инспекциски надзор над правни и физички лица, како и над инсталациите, објектите и над средствата и опремата за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти. Притоа посебно внимание се дава на следните аспекти:

- контрола на документација;
- контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект и трговег поединец;
- увид во простории, како и на приватниот имот околу објектот, кој е предмет на контрола;
- утврдување дали правниот субјект или трговец поединец, според активностите и видот на производството, подлежи на издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;
- утврдување дали правниот субјект или трговецот поединец, според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, подлежи на А или на Б интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;

- Утврдување податоци дали правниот субјект или трговецот поединец ги спроведуваат одредбите од Законот за управување со електричен и електронски отпад, стари акумулатори и отпадни батерии и Законот за управување со пакување и отпад од пакување;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад, во координација со акредитирана лабораторија за животна средина, за инсталации од надлежност на општинските овластени инспектори;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување дали правниот субјект, согласно дејноста која ја врши, подлежи на изработување на Елаборат за заштита на животната средина, согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборати дали поднел барање до општината за одобрување на елаборатот и за добивање на ,,Б''- интегрирана еколошка дозвола, согласно законот за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје.
- Изрекување на мандантни и прекршочни казни, на физички и правни лица, кои не ги спроведуваат законските одредби согласно, законите за заштита на животната средина и природата.

Врз основа на иницијатива или барање пријава поднесена од државни органи, физички или правни лица, а каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн., од инсталација од надлежност на градскиот инспектор по животна средина, овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабораторија за вршење на испитување на нивото на бучава, како и нивото на загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн. Истата е обврзана, во најкраток рок да достави технички извештај за извршеното мерење, до Овластениот инспектор за животна средина на општината, во однос на инсталациите за кои овластениот инспектор има надлежност.

**3.2.Обуки:**

Овластениот инспектор за животна средина ќе земе учество на семинари, предавања и едукации во врска со имплементацијата на одредбите од материјалните закони.

**3.3.Аналитичко-информативна дејност:**

Овластениот инспектор за животна средина на општина Шуто Оризари, врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2025 година, согласно Годишната програма ќе изготви:

-Месечни оперативни планови за работа на инспекцијата за животна средина;
-Кварталниизвештаи за работата на инспекцијата за животна средина; Рок:контуинирано,2025година

-Годишна програма за работата на инспекцијата за животна средина за 2026 година
Рок: ноември 2024 година

-Годишен извештај за работата на инспекцијата за животна средина за 2025 г
Рок: јануари-март, 2026 година

**3.4.Соработка на инспекцијата за животна средина:**

Овластениот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, континуирано ќе соработува со сите одделенија во општината и Градот Скопје, органите на државно и локалнониво, јавните претпријатија и пред сé со граѓаните на општина Шуто Оризари.

Рок: по потреба во текот на годината

**3.5.Нормативна дејност**

Овластениот инспектор за животна средина, по потреба ќе продолжи со активности за дополнување на постојната законска регулатива, во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти, во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Шуто Оризари, од аспект на заштитата на животната средина.Основното подрачје за вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина на општина Шуто Оризари, е целокупната територија на општина Шуто Оризари (урбан и рурален дел), утврдена согласно Генералниот урбанистички план на Град Скопје.

Инспекцијата за животна средина при Одделението за комунална инспекција и заштита на животната средина на општина Шуто Оризари, ќе ја спроведе оваа Годишна програма со овластени инспектори и инспектори за животна средина од Град Скопје согласно со Договорот за меѓуопштинска соработка , а по потреба, ќе

бара ангажирање и помош од државни инспектори од Државниот инспекторат за животна средина на РМ.

**3.6.Образложение:**

***Со изготвување на оваа Годишна програма за работа на Инспекцијата за животна средина на општина Шуто Оризари, се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на животната средина и подобрување на условите за живот на граѓаните во општината Шуто Оризари.***

**4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Шуто Оризари."

Бр:08-1104/31

Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на Советот**
**на општина Шуто Оризари**
**с.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

Одлука за усвојување на Програма за работа на одделението за комунална инспекција за заштита на животна средина и одделение за комунални редари во Општина Шуто Оризари.

1. Се прогласува одлуката за усвојување на Програма за работа на одделението за комунална инспекција за заштита на животна средина и одделение за комунални редари во Општина Шуто Оризари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/66

Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 36 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 36 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.1/97), Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница , одржана на 25.12. 2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За утврдување на приоритетни проекти во Општина Шуто Оризари за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија обезбедени од Европска Инвестициона банка, Фаза 2 од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

**Член 1**

Со оваа одлука Проектите**„Изградба на атмосверска канализација на улица Гвадалахара крак 1, крак 2 и крак 3'', „Изградба на фекална канализација на улица Слан дол и улица Злетовска крак 1, крак 2 и крак 3'' и „Изградба на атмосверска канализација на дел од улица Вашингтонска крак 1, крак 2 крак 3 и крак 4''**во Општина Шуто Оризари,се утврдуваат како приоритетни проекти за користење на средства од Фаза 2 од Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води'', проект кој го спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање..

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Шуто Оризари".

Бр: 08-1104/56
Дата: 30.12.2024 год.

**Совет на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р.Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

За утврдување на приоритетни проекти во Општина Шуто Оризари за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија обезбедени од Европска Инвестициона банка, Фаза 2 од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води"

1. Се прогласува одлуката за усвојување на приоритетни проекти во Општина Шуто Оризари за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија обезбедени од Европска Инвестициона банка, Фаза 2 од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

2. Проектите„Изградба на атмосверска канализација на улица Гвадалахара крак 1, крак 2 и крак 3’’, ,,Изградба на фекална канализација на улица Слан дол и улица Злетовска крак 1, крак 2 и крак 3’’ и ,,Изградба на атмосверска канализација на дел од улица Вашингтонска крак 1, крак 2 крак 3 и крак 4’’во Општина Шуто Оризари

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/95

Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 36 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.1/97), а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем по Проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022), Советот на општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница одржана на 25.12.2024 година, дава:

**ИЗЈАВА**

**дека Општина Шуто Оризари ги исполнува следните услови**

Општината Шуто Оризари нема формирано јавното или приватно претпријатиесо кое има склучено соодветен договор со општината за определената намена за снабдување со вода за пиење и одведување на

урбани отпадни води, туку оваа надлежност ја врши ЈП Водовод и канализација кое е под надлежност на Град Скопје.

ЈП Водовод и канализација ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈП Водовод и канализација со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектите.

Проектите со кои аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни водиво Општина Шуто Оризари од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр: 08-1104/53

Дата: 30.12.2024 год.

Совет на Општина Шуто Оризари
Претседател
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 36 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.1/97), Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница , одржана на 25.12.2024 година, дава:

**И З Ј А В А**
**дека општина Шуто Оризари ги исполнува следните услови**

Општина Шуто Оризари нема формирано свое Јавно претпријартие, а надлежноста за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни водина нејзина територија ја врши ,,ЈП Водовод и канализација-Скопје'', која е во надлежност на Град Скопје.

Јавното претпријатие „Водовод и канализација-Скопје“ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

Јавното претпријатие „Водовод и канализација-Скопје " со утврдената тарифа овозможува идно функционирање и одржување на следните проекти со кој апплицира општината и ќе бидат одобрени со Одлука од Советот на општината:

**1.Компонента 1....Изградба на атмосверска канализација на улица „Гвадалахара крак 1, крак 2 и крак 3"**
**2.Компонента 2....Изградба на фекална Канализација на улиците „Слан дол и Злетовска крак 1, крак 2 и крак 3"**
**3.Компонента 3....Изградба на атмосверска канализација на дел од улица „Вашингтонска крак 1, крак 2 крак 3 и крак 4"**

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води во Општина Шуто Оризариод донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр: 08-1104/55
Дата: 30.12.2024 год.

**Совет на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р Сеад Исмаи**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4, член 36, став 1, точка 15 и член 50, став 1, точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 36 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари" бр.1/97), Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница , одржана на 25.12.2024 година, донесе:

## О Д Л У К А
## За давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант

Согласно Договорот за финансирање SERAPIS бр.2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициона банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европска Инвестициска Банка по финансискиот договор за **Подобрување на водната инфраструктура на Општините во Република Северна Македонија(„Сл.весник на РСМ" бр 203/2022)**и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната

инфраструктура на општините во Северна Македонија („Сл.весник на РСМ" бр.166 од 04.08.2023 година), меѓу Општина Шуто Оризари и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Шуто Оризари за потпишување на Договорите, за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање SERAPISbr.2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европска Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ"бр.203/2022)и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктурана општините во Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ" бр.166 од 04.08.2023 година) помеѓу Општина Шуто Оризари и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Шуто Оризари да ги потпише Договорите за Грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирањеSERAPIS бр.2018-0827 помеѓу Република Северна Македонија и Европската Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за за проектот „Подобрување на водната инфраструктура" на општините во Република Северна Македонија(„Сл.весник на РСМ" бр.203/2022) помеѓу Општина Шуто Оризари и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари".

Бр: 08-1104/54
Дата: 30.12.2024 год.

**Совет на општина Шуто Оризари**
**Претседател**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука на давање согласност за потпишување на Договор за грант за согласно Договор за финансирање SERAFIS бр. 2018-0837 - Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија.**

1. Се прогласува одлуката Одлука на давање согласност за потпишување на Договор за грант за согласно Договор за финансирање SERAFIS бр. 2018-0837 - Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/92
Дата:30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 36 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари„ број 1/97), Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница одржана на ден 25.12. 2024 година, донесе

**Н А Ц Р Т - О Д Л У К А**

**за давање согласност и овластување за потпишување на Договори за грант**

Согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот **Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022)** и

Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на РСМ" бр. 166 од 4.08.2023),

меѓу Општина Шуто Оризари и

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Шуто Оризари да го потпишување на Договори за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Шуто Оризари и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Шуто Оризари, да го потпише Договорорите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) меѓу Општина Шуто Оризари и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари".

Бр:08-1104/52

Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на Совет на
Општина Шуто Оризари
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука за утврдување на приоритетни проекти во Општина Шуто Оризаи за користење на средства од проктот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија обезбедени од Европска Инвестициона банка, фаза 2 од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“**

1. Се прогласува одлуката за утврдување на приоритетни проекти во Општина Шуто Оризаи за користење на средства од прокетот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија обезбедени од Европска Инвестициона банка, фаза 2 од проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр:09-1104/93

Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.Весник на РМ “ бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07,55/13, 158/14, 193/15, 39/16, 168/17 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 152/19), член 2 од Законот зауправување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 27/13 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 215/21), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16,106/16, 83/18 и „Сл. весник на РСМ“бр. 215/21) и член 36, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник наОпштина Шуто Оризари“ бр.01/97), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина ШутоОризари на својата 38-ма седницата одржана на ден 25.12.2024 година, донесе:

**Одлука за усвојување на Програма за активностите на Општина Шуто Оризари во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член2**

Составен дел на оваа Одлука, е ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/32
Дата:30.12.2024 год.

**Советот на општина Шуто Оризари**
**Пртетседател**
**Сеад Исмаил**

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. Весник на РМ "бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14,193/15, 39/16, 168/17 и „Сл. весник на РСМ" бр. 152/19) член 2 од Законот за управување со кризи(„Сл. весник на РМ" бр.29/05, 36/11, 27/13 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и „Сл. весник на РСМ"бр.215/21), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување ( „Сл.весник на РМ" бр.36/04,49/04, 86/08,124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16,106/16, 83/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 215/21) и член 36,став 1, точка 5 од Статутот на Општина Шуто Оризари ( „Службен гласник на Општина Шуто Оризари" бр.01/97 ), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-ма седница одржана на ден 25.12.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А (Љ)**

**за активностите на Општина Шуто Оризари во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година**

Програмата за активностите на Општина Шуто Оризари во областа на заштитата и спасувањето,противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Шуто Оризари во 2025 година овие активности ќе ги остварува преку:
- Општинскиот штаб за заштита и спасување, и справување со кризи (Формирање на истиот во првата половина на 2025 год).

- Просторните сили за заштита и спасување и справување со кризи (Формирање на истите во текот на 2025 год.).
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Шуто Оризари
- Територијалната противпожарна единица на Град Скопје која ќе дејствува на територијата на Општина Шуто Оризари, бидејки општината нема своја професионална противпожарна единица.

Програмата за активностите на Општина Шуто Оризари во областа на противпожарната заштита ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби, Општина Шуто Оризари во 2025 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Град Скопје, а во согласност со Законот за пожарникарството, ќе ги покрива и подрачјето на општина Шуто Оризари, која нема формирано сопствена противпожарна единица. Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од противпожарната заштитата и спасувањето,Општина Шуто Оризари, во 2025 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на противпожарната заштита и тоа: Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за одбрана, Противпожарниот сојуз на Република Северна Македонија и други надлежни органи и тела.

I.Цели на програмата - Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

-Обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за противпожарната заштита.

II. Активности на програмата

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и во услови на разни видови непогоди. Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Шуто Оризари, во рамките на своите материјални можности со подобрување на локалната инфраструктура и побрз и полесен пристап и поголем број на хидранти на пристапно место, а во соработка со Територијалната противпожарна единица на Град Скопје ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Шуто Оризари.

Активности во 2025 година за заштита:

1.Покренување постапка за пункт на Територијалната противпожарна единица Скопје во Општина Шуто Оризари (во текот на 2025 година)

2. Градоначалникот и Советот на Општина Шуто Оризари ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на 20-ти мај, Денот на пожарникарите;
-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на Противпожарниот сојуз на РСМ и Територијаланата противпожарна единица Скопје по разни поводи и прослави
- поддршка и учество во проектни активности

I.Цели:

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми,отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина,материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

II.Активности

-Изготвување на План за заштита и спасување на населението од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи во (до месец ноември 2025 год.).
-Изготвување на План за заштита и спасување за административна зграда (до месец ноември 2025 год.)
-Изготвување на План за спречување и управување со кризни ситуации (до месец ноември 2025 год.)

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир. Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Шуто Оризари во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Шуто Оризари.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:
- Средства од Буџетот на РМ;
- Средства од буџетот на Град Скопје
- Средства од буџетот на Општина ;
- Наплатени премии од осигурување на имот од пожари;
-Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии и други непогоди.
-Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари, спасување и спречување на кризни ситуации

- Приходи од други владини, невладини и хуманитарни организации

IV. Распоредување на финансиските средства:

Предвидени финансиски средства за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

1. Наплатени премии од каско осигурување /
2. Буџет на Општина Шуто Оризари.........................................................................500.000,00 ден
3. Наменски приходи од други владини, невладини и хуманитарни организации

4.Буџет на РМ /

5.Буџет на град Скопје /

---

Вкупно:.......500.000,00 ден

---

А)Расходи за ППЗ Заштита

-Правилник за заштита од пожари и експлозии за административната општинска зграда.....(Набавка и сервис на ППЗ апарати, хидранти, громобранска инсталација, алармни уреди за појава на пожар, буриња со вода, песок, копачи , лопати, противпожарни црева со шмркови и редовна проверкаи реконструкција на громобранска инсталација и сл.)

А) Вкупно:...................200.000,00 ден

Б). Расходи за заштита и спасување од елементарни и други временски непогоди

1. Изготвување на План за заштита и спасување од елементарни и други временски непогоди во Општина Шуто Оризари .........................................................................100.000,00
2. Изготвување на План за заштита и спасување од елементарни и други временски непогоди за административната зграда на Општина Шуто Оризари.................... 50.000,00
3. Набавка на опрема и средства -потребен алат, вреќи со песок, пумпи за црпење вода, униформи, заштитна опрема и облека, резерви на храна, вода и санитетски материјал и неопходни лекови, асанација на терен, шатори , облека , душеци и др...........................150.000,00

Вкупно:............300.000,00 ден

Б) Вкупно:.......300.000,00 ден

Вкупно расходи А+Б ...........500.000,00 ден

V. Завршни одредби:

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Државниот инспектор за заштита од пожари, Инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела и органите и телата на Советот на Општина Шуто Оризари, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Бр:08-1104/32

Дата: 30.12.2024 год.

Советот на Општина Шуто Оризари

Претседател

С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Odluka за усвојување на Програма за активностите на Општина Шуто Оризари во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година.**

1. Се прогласува одлуката усвојување на Програма за активностите на Општина Шуто Оризари во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2025 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр. 09-1104/67

Дата:30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 7 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13 и 187/13) и член 66 од Статутот на Општина Шуто оризари(„Службен гласник на Општина Шуто оризари “ бр ), Советот на Општина Шуто оризари, на седницата одржана на 25.12. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на**
**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА во**
**Општина Шуто оризари за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишната Програма за КУЛТУРА во Општина Шуто оризари за 2025 година.

Член 2

Составен дела на оваа Одлука е Годишната Програма за КУЛТУРА во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Шуто Оризари“

Бр: 08-1104/33

Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на СОВЕТ на
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 7 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13 и 187/13) и член 66 од Статутот на Општина Шуто оризари(„Службен гласник на Општина Шуто оризари “ бр ), Советот на Општина Шуто оризари, на седницата одржана на 25. 12. 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за културата во Општина Шуто оризари за 2025 година**

**ВОВЕД:**

Со Законот за локалната самоуправа, утврдени се надлежностите на локалната самоуправа во областа на културата и тие се дефинирани како институционална и финансиска поддршка на културните

установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво.

Со оваа Програма се утврдува локалниот интерес во културата, соодветен на специфичноста и развојните потреби на локалната заедница – Општина Шуто оризарии истовремено компатибилен со целите, стратегијата, општите и посебните приоритети, кои се однесуваат на локалната заедница.

Локалниот интерес во културата е дефиниран во членот 7 од Законот за културата , и овој се дефинира како култура што е јавен интерес од локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа, при што:

- Локалниот интерес во културата, неговиот обем и неговото остварување, се утврдуваат со општите акти на единиците на локалната самоуправа, се финансираат согласно со програмата за култура што ја донесува советот на единиците на локалната самоуправа, согласно со закон, а се остварува согласно со Законот за културата, прописите за локалната самоуправа и за одделните дејности во културата.

-Запазувајќи ги одредбите од регулативата за локалниот интерес во културата, оваа Програма, истовремено ги инкорпорира и одделните одредби од значењето за локалниот интерес во културата од Стратешкиот план за култура за периодот 2024 – 2026

## ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИОРИТЕТИ

1. Создавањето и развојот на потребното, современо ниво на сите подрачја на локалниот интерес во културата е основното начело на оваа Програма. Ова начело се имплементира низ другите основни начела и приоритетите, како и низ општите и посебните цели на локалниот интерес во културата на Општина Шуто оризари
2. Правото на култура, како дел од уставните основни слободи и права на човекот и граѓанинот е обврска да се обезбедува на секое ниво на организираноста на општеството, а во кој контекст и во рамките на единиците на локалната самоуправа. Ова начело е изворно и базира врз националните и меѓународните акти (Уставот на Р.М, Универзална декларација на ОН за човековите права).

   Оваа темелна вредност на општеството ја гарантира слободата на уметничките и други видови творештво, ја гарантира заштитата и афирмацијата на културното наследство и на современото културно и уметничко творештво во заедницата, при што се имплементира заложбата на граѓанскиот концепт на културата, во чии рамки, заради мултиетничниот карактер на општината, на припадниците на сите заедници е обврзано да се обезбедува правото на слободно изразување на својот културен идентитет и негувањето на своето културно наследство.

   Како универзално човеково право, и во Општината, согласно можностите и иницијативите од особено значење е, повеќе од досегашниот период, да се обезбедуваат услови за намалување на социјалната дискриминација во сферата на културата, односно создавање и развој на културното творештво и културниот живот за маргинализираните социјални групи во Општината, како и на лицата со посебни потреби.

3. Во рамките на претходните две основни начела содржани се и одделни други начела во културата, кои се заложби и на оваа Програма, како начело на слободата на уметничкото изразување, потребата од примена на начелото на хармонизација на политиките на културниот диверзитет, културната интеграција, мултикултурализам и интеркултурализам.

4. Осовременувањето на културата не е можно да се оствари без зајакнување на администрацијата во културата и нејзиното управување во локалната самоуправа.

Менаџментот во културата (управувањето на културата) ќе продонесе во изградбата на моделот на културно живеење, планирањето на развојот во културните области, подобро остварување на културното создавање и дистрибуција на културните вредности и културната соработка, како неопходност во афирмацијата на културните вредности од општината во другите средини и обратно.

Ова начело, исто така е значаен фактор во подоследната примена на начелата, општите и посебните цели на локалната стратегија во културата, како и на подигнувањето на вкупно ниво на организираноста и соработка на сите синтези во културниот живот.

5. Постојат уште неколку начела кои се дел на националната рамка на стратегијата во културата, а кои и на локално ниво има потреба и услови да бидат имплементирани и во Општината.Такви се:

- Независниот културен сектор.
- Поттикнување на домашното уметничко творештво.
- Културната едукација на граѓаните во Општината и улогата на младата генерација.
- Улогата на заедниците како фактор кој влијае врз обликувањето на културниот систем во Општината.

## 3. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНАТА

а) **Општите цели**за развој на културата, во основа претставуваат група на приоритети, кои се базираат врз видовите на основните начела во културата.

На локално ниво, позначајни општи цели, кои можат да придонесат кон развојот на културата се:

- Достапноста, која овозможува подобро остварување на културните права до сите граѓани на општината. Во имплементацијата на оваа цел, можно е да се избегнува социјализацијата на културата за да ја поистоветува со помодарските трендови во културата, со кичот или шундот и со другите квази - културни содржини. Општината нема да го подржува овој вид на културни проекти;
- Разновидноста, низ што се изразуваат различните искуства и вредности на поединецот, на социјалните групи и на идентитетот на етничките заедници во Општината како мултиетничка, а со тоа и мултикултурна средина.

  Освен тоа, разновидноста е цел со која се одбегнува стандардизирањето и упросечувањето на културните содржини, ризикот тие да наликуваат на сериски индустриски производи, односно сурогати, наспроти потребата низ нив да се изразува автентичниот интерес за вистинските вредности и препознавање, низ културата, на индивидуалниот, групниот или етничкиот идентитет;
- Отвореноста, преку која се создаваат мостови на поврзувањето и комуникација со културните средини вон општината и се избегнува ризикот културата во Општината да функционира според концептот на затворен, ретрограден систем;
- Одговорноста, е цел низ кој се остваруваат стандарди на одговореност на културната мисија на сите нејзини чинители, стандарди на примената на рационалната употреба на средства во имплементацијата и стандарди на евалуацијата во културата;
- Флексибилност, е цел низ која треба да се постигнува синтеза на различните ресурси со заедничка цел, а тоа подразбира меѓусебна соработка на сите членови во културниот живот ( НВО, поединци, професионални културни установи), при тоа, за ист проект, тие учествуваат со ресурси со кои располагаат, а со кои други учесници во проектот имаат недостиг;
- Децентрализацијата, на културата е едно од основните цели на демократскиот развој на општеството, а во кој контекст нејзината основа е локалната заедница, што овозможува примена на непосреден интерес на

граѓаните во Општината во сферата на културата.При тоа, граѓаните треба да имаат рамноправна можност за учество и како творци и како конзументи.

За остварување на оваа цел, неопходно е институционално јакнење на културата во Општината, подобар менаџмент и примена на делегираните надлежности во културата од општината на определен конкретен субјект, воспоставување на поволен финансиски и материјален амбиент за одржлив развој на културата со заложба за континуирано зголемување на буџетските средства наменети за финансирање на програмските активности во културата, како и разработен концепт на културниот развој и дисперзија на културните содржини од културните центри ( деметрополизација) во Куманово и од градот Куманово во руралните средини во Општината;

- Културата како развојна компонента, на општеството како еден од клучните столбови на општествената репродукција, а не сфатена како сфера на општествената потрошувачка, конечно, е исто така едно од основните цели на локалната стратегија во културата.

**б) Посебни цели** за развој на културата во Општината се изразуваат низ конкретизирани групи на активности, за поквалитетна имплементација на начелото и општите цели во културата во Општината.

Тие можат да се синтетизираат во следните подрачја на активности:

- Поддршка на културните програмски проекти на професионалните установи во културата, над институционалното ниво на нивното програмско функционирање;
- Поддршка на програми и проекти, кои го негуваат фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности во локалната заедница;
- Поддршка на културното творештво на младите, на младите таленти од Општината и културните програми и проекти наменети за младите, како и поддршка на другите социјални групи;
- Поддршка на културните програми и проекти кои ги промовираат и афирмираат срединиите, од културното наследство и од современото творештво на етничките заедници во Општината, како и поддршка на мултикултурните програми и проекти на културното живеење на заедниците;
- Поддршка на културните манифестации во Општината (општински, национални и меѓународни) кои во значајна мерка ја афирмираат Општината во државата и вон неа (со оваа Програма се утврдуваат културните манифестации од посебен интерес на локалната заедница – Општина Шуто оризари);
- Поддршка на другите видови културни програми и проекти во Општината

## 4. ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО КУЛТУРАТА

Локалната самоуправа обезбедува институционална и финансиска поддршка на локалните установи во културата, врз основа на општите и посебните закони (Закон за културата, Закон за установите, Закон за библиотеките и др.), законите и подзаконските акти кои ја утврдуваат оваа поддршка (Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Закон за буџетите, Уредбите на Владата на Р.М. за блок и наменски дотации и и др). Поддршка на локалните установи во културата се реализира врз посебните програми за овие установи и посебните буџетски ставки на локалната самоуправа.

Со оваа Програма се обезбедува поддршка на програмите и проектите на локалните и другите јавни установи од културата во Општината, кои се над нивото на нивната институционална и финансиска

поддршка, утврдено со горецитираната регулатива, а кои се во согласност со начелата, општите и посебните цели од оваа Програма.

## **5. КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА - ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

### а) **Културни манифестации**

**- 8 Април – Меѓународен ден на Ромите**

Се одржува секоја година како ден на прослава на ромската култура и подигање на свеста за проблемите со кои се соочуваат ромите. Се одбележува денот на Првата меѓународна средба на ромските претставнициво Чесфилд кај Лондон во 1971 година , кога била донесена одлука за ромската химна ( Џелем, џелем) и одлуката за знамето.

Општината секоја година одржува свечена академија по повод овој ден , на кој Градоначалникот, претставници на државните институции зборуваат за ромите и нивните права , како и на она што треба да се направи во наредниот период.

За оваа намена се предидени 1.000.000,00 денари од Буџетот на општината

- **Ромско културно лето 2025**

  За прв пат оваа година ќе се одржи ова манифестација каде во периодот до 31.07 – 02.08.2025 година во Шуто Оризари ќе се одржи манифестација, каде учество ќе земат естрадни уметници од Србија, Бугарија, Турција, Албанија. Манифестацијата ќе се оддржи на плоштадот со што во вечерните часови ќе се одржи музички хепенинг, а во текот на денот ќе биде наменет за најмладите кои преку детски песни, детски театар со претствници од Македонија и пошироко ќе ги забавуваат децата од Шуто оризари и Скопје.

  Предвидено е последниот ден 2-ри август кој е и ден на Републиката да има настап на музчка ѕвезда од овие простори.

  За оваа намена средтсва се побарани од Министерството за култура, но и ќе бидат издвоени и средтсва од Буџетот на општина Шуто оризари во висина од 2.000.000,00 денари

- **12 Септември – 29 години општина Шуто оризари**

  Оваа година ќе се одбележат 29 години од формирањето на општина Шуто оризари. За таа цел е предвидена свечена академија која ќе се одржи во Македонската опера и балет со учество на естрадни

музичари од Турција, Србија, Бугарија, кои за оваа намена ќе креираат посебна програма и музички композиции, но истовремено ќе биде и промовирана химната на општина Шуто оризари.

За оваа манифестација средства се побарани од Министерството за култура, Турската агенција за соработка и координација – ТИКА, но и ќе бидат обезбедни средства и од Буџетот на Општина Шуто оризари во износ од 1.000.000,00 денари

**б) <u>Културни манифестации на Општината</u>**

Културни манифестации на ниво на градот се:

- Манифестации од општо значење за сите граѓани, а се со самостоен карактер и
- Манифестации од општо значење за сите граѓани, а се во рамките на одбележувањето на државните празници, празниците на Република Македонија и други званични празници од општо значење.

**б.2) Културни манифестации во рамките на одбележувањето на државните празници, празниците на Република Македонија и други званични празници од општо значење**

- Културни манифестации по повод:

- 2 август, Ден на Републиката ( последниот ден на ромското културно лето)
- 8 септември, Ден на независноста
- 5 Ноември , Ден на ромскиот јазик
- 28 Ноември , Ден на Албанското знаме
- <u>Новогодишни манифестации</u> Се одржуваат во пресрет на Нова година, во организација на Локалната самоуправа-Шуто оризари.

**в.) <u>Културни манифестации, организирани во рамките на званичните празници или од самостоен карактер, а кои имаат значење на културно – историското наследство, обичаите и културниот идентитет на етничките заедници во Општината</u>**

Од оваа година ќе се одржи за прв пат и исламски концерт по повод Рамазан Бајрам.

Настанот ќе се одржи во спортската сала во Шуто оризари, а на него ќе земат учество исламски групи од трите џамии кои се наоѓаат во Шуто оризари, кои ќе пеат исламски песни и ќе се рецитира Куран.

За настанот ќе се обезбедат донаторски средства и нема да бидат потребни средства од буџетот.

- <u>Манифестации на Големиот Ифтар</u>
  За настанот ќе се обезбедат донаторски средства и нема да бидат потребни средства од буџетот.
- <u>Манифестации по повод Курбан Бајрам</u>

## 6. ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

а. Финансиската поддршка на оваа Програма се обезбедува од Програмата К4 –Културни манифестации и творештво на Буџетот на Општината.

б. За период од нејзината имплементација, Програмата е отворена, а новите содржини се утврдуваат со Оперативните Програми.

в. Финансиската поддршка на културните програми и проекти од посебен интерес на локалната самоуправа се имплементира, и тоа:

- Културните манифестации ( точка 6), преку годишни програми на шестмесечно ниво, кои ги усвојува Советот на Општината;

- Другите видови културни програми и проекти (точка 7), на годишно ниво преку отворен конкурс, организиран од Градоначалникот на Општината, а врз начелата и целите на оваа Програма.

г. Корисниците на средствата од оваа Програма имаат обврска да поднесуваат наративен и финансиски извештај за секоја конкретна реализирана културна манифестација, проект или програма, утврдени со оваа и со оперативните програми, за кои се исплатени средствата од Буџетот на Општината.

д. Се задолжува Градоначалникот на Општина Шуто оризарии општинската администрација за реализација на Програмата.

ѓ. Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

За реализацијата и следњето на активностите од оваа Програма ќе биде надлежна Комисијата за култура при Советот на Општина Шуто оризари, Градоначалникот на Општона Шуто оризари, кои ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и покренувањето на иницијативи и давање на мислења, сугестии и поденсување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели /

Програмата влегува во сила со објавување во Службен Гласник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 08-1104/33

Дата: 30.12.2024 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ на СОВЕТ
на ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
с.р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01.97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**
Програма К4 за култура, културни манифестации и творештво
во Општина Шуто Оризари за 2025 година
К4 со подпрограма К4О и КАО

1. Се прогласува одлуката за Програма К4 со подпрограма К4О И КА0 за култура, културни манифестации и творештво во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службениот Весник на општина Шуто Оризари

Бр: 09-1104/68

Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Курто Дудуш

Врз основа на член 22, став 1, т.6 од Законот за локална самоуправа ( "Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 14, ст 1 т.3 од Статутот на општина Шуто оризари, Советот на Општина Шуто Оризари на 38-та седница одржана на .25.12.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на**

**ПРОГРАМА ЗА СПОРТ во**

**Општина Шуто оризари за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишната Програма за спорт во Општина Шуто оризари за 2025 година.

Член 2

Составен дела на оваа Одлука е Годишната Програма за СПОРТ во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Шуто Оризари

Бр: 08-1104/34
Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на СОВЕТ
на ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
с.р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 22, став 1, т.6 од Законот за локална самоуправа ( "Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 14, ст 1 т.3 од Статутот на општина Шуто оризари, Советот на Општина Шуто Оризари на 38- та седница одржана на 25.12.2024 година донесе:

# ПРОГРАМА ЗА СПОРТ

# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

# 2025 ГОДИНА

Совет на Општина Шуто оризари 2024 година

# ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

## ВОВЕД

Денес може да се контатира дека спортот во Република Северна Македонија, од гледиште на секој поединец говори за особено ниско ниво , како резултатски, така и организациски, ниво кое за жал претставува рефлексија на целокупната општествено- економска и политичка ситуација.

Спортот само ги апсорбира состојбите кои се рефлектираат како во инфраструктурата така и во менаџерскиот па дури и во играчкиот дел. Од тие причини се наметнува неминовна потреба за ребрендирање, реорганизиарње на програмите, законите, актите кои имаат допирни точки со системот „спорт“, па до ревизија на Уставот на Република Северна Македонија, со цел да се анулираат посочените состојби, а при тоа да се анимираат што повеќе млади луѓе во спортот не само во тренажниот процес, туку и во менаџерската структура.

Законот за спорт е донесен во 1996 година и до денес има претрпено серија измени и дополнување, дури и целосен нов консолидиран текст. Логиката на одредени законски решенија се однесуваше на тоа дека со децентрализација на одговорностите на власта од централно на локално ниво, ќе се подобри спортскиот и инфраструктурниот дел на спортот и ќе се зголеми масовноста особено кај младите лица во спортот, а тоа ќе придонесе за подобар менаџмент во спортот преку коректен, одговорен и професионален однос на локалните авторитети анимација на младите луѓе кон спортот, што би претставувало квантитет во основа, за да можеме да дојдеме до посакуваниот квалитет, т.е. привлекување што поголем број млади луѓе во постојните (какви-такви) спортски објекти беше приоритетна препорака на учесниците во дебатата.

Во 2024 година од страна на новата Влада на ВМРО е создадено ново министерство за спорт, кое има улога за развој на спортот во Република Северна Македонија, и се надеваме дека ќе се промени сегашната катастрофална ситуација со спортот на локално ниво.

Акцентот ќе биде ставен на фундаментот односно правилна обука на децата за елементите од спортските игри (индивидуални или колективни), со правилна и дозирано-систематски поставена програма и со компаративна анализа на наставно-спортски програми со земјите од Европска Унија, пред се` на Словенија која на овие простори има изградено развиен систем на школски спорт. По

добиената основа младите (децата) би се насочувале кон клубови односно спортови за кои имаат изразено афинитет, со што квалитетно би им се надградувале нивните способности и би се подобрувале нивните вештини. Задржувањето на спорските терени практично значи дека на младите во критичниот период од животот, кога почнуваат да се запознаваат со пороците и негативните влијанија врз нивниот живот, неопходно е да им се пренасочи вниманието кон спортот и спортувањето со стипендии и редица други методи кои би значеле субвенционирање на младите таленти.

**Општи цели на програмата**

Според Законот за локална самоуправа и надлежностите на Општината предвидено е:

- Организирање услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;
- Организирање, поттикнување и помагање на спортски пригодни, активности и манифестации од значење на локаланата самоуправа;
- Финансисирање на спортски проекти во тековната година;
- Утврдување на динамиката на активностите на спортските настани и манифестации од интерес на општината и граѓаните;
- Давање поддршка на проектите и програмите на спортските клубови, спортските здруженија, спортските институции;
- Отварање и ставање во употреба на мултифункционален спортски центар , со посебен акцент на спортската сала;
- Изградба на нови спортски игралишта;
- Реконструкција на оштетени спортски игралишта;
- Изградба на нова фискултурна сала во рамките на едно од основните училишта
- Реконструкција на училишните спортски сали;
- Организирање на турнири во мал фудбал, баскет, борење, ракомет;
- Организирање на спортска општинска олимпијада – формирање на екипи за ЛИГА натпревари во рамките на двете училишта

**РЕЗУЛТАТИ:**

Согласно утврдените цели и планирани активности, во текот на 2025 година се очекува да се постигнат следните резултати во доменот на спортот во Општина Шуто Оризари

- Оперативна мултифункционална спортска сала со површина од 2000 м2 на териротијата на Општина Шуто оризари;

- Изградба на функционални велосипедски патеки во должина од 2 мк на територијата на Шуто Оризари;

- Реконструкција на фудбалскиот стадион на ФК Напредок;

- Изградба на нова фискултурна сала во рамките на ОУ Браќа рамиз и Хамид со површина од 700м2;

- Изградба на рекреативни паркови на територијата на Шуто оризари;

- Одржување на традиционален турнир во мал фудбал;

- Издвоени 300.000, 00 денари од Буџетот на Општина Шуто оризари за помош и поддршка на спортисти и спортски клубови од општина Шуто Оризари

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Субвенции и трансфери ( спортски клубови и поддршка на млади спортисти)

поддршка спортски клубови, поддршка на нлади и талентирани спортисти ....................... 300.000,00 ден

ВКУПНО 300.000,00 ден

ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма е предвидено во Буџетот на Општина Шуто оризари за 2025 година . Покрај тоа , определени финансиски средства можат да бидат обезбедени од Министесртвото за спорт, Фудбалската федерација на Република Северна Македонија, и од спонзорства и донации.

За активности од области кои ги опфаќа оваа Програма , кои ќе се појават во текот на 2025 година, а кои не се наведени во оваа програма, но со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Шуто оризари.

ДРУГИ ФОРМА НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средтсва на Општина Шуто оризари, спортските манифестации ќе се помогнат и со:

- Почесно покровителство;
- Доделување на награди и признанија;
- Обезбедување на техничка и друга помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Реализација и мониторинг на активностите и целите на оваа Програма врши Комисијата за млади, спорт и рекреација при Советот на Општина Шуто Оризари, како и соодветните одделенија при самата општина Шуто оризари и Градоначалникот .

Програмата во секое време е отворена за мислење, предлози и сугестии.

Бр: 08-1104/34

Дата: 30.12.2024 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ
НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.Р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

Одлука за Програма Л, Програмата за спорт и рекреација во Општина Шуто Оризари за 2025 година ЛОО и ЛА

1. Се прогласува одлуката за Програмата Л Програма за спорт и рекреацијаво Општина Шуто Оризари за 2025 година ЛОО и ЛА
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/69
Дата: 30.12.2025 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ“ бр 5 / 02 ) член 14 став 1 точка 3 и точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари,, бр.1/97), Советот на општина Шуто Оризари на , одржана на 25.12. 2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Активностите на Општина Шуто Оризари**
**во областа на Локалниот економски развој во 2025 година**

Вовед

Програмата за активностите на општина Шуто оризари во областа на Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите за локалната самоуправа кои произлегуваат од законот за локална самоуправа, Статутот на општина Шуто Оризари, Стратегијата за локален економски развој 2023-2026 година и други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиицте на локална самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи. Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува: локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој, уредување на развојните и структурните приоритети, водење на локалната економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставување и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерството.

Општините со законот за локална самоуправа од 2002 година , имаат надлежност и улога да го водат и спорведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Со оваа програма се утврдуваат приоритетите на општина Шуто Оризари во областа на Локалниот економски развој во текот на 2025 година. Активностите предвидени со оваа Програма претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран оддржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Шуто оризари, создавање на услови за поттикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниор развој и меѓуопштинската соработка.

Во 2025 година во областа на локалниот економски развој одделението за Локален економски развој согласно надлежностите ќе продолжи со дирекна реализација на веќе започнатите проекти и со палицирање на нови. Во текот на 2025 година активно ќе се работи на изработување на документација на нови проекти, но и апликација на постоечките кон отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми за развој на општините.

Сите активности на општина Шуто Оризари ќе бидат во согласност со Стратегијата за локален економски развој 2023-2026 година . Преку нејзината реализација ќе се имплементираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на општина Шуто оризари, како дестинација за развој на локалната економија, преку подобрување на општите услви за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон горе споменатите цели.

**Основна цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Шуто оризари.

**Генерална цел на програмата**

Континуиран развој на капацитетите на Општина Шуто оризари за привлекување на инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови. Следење и имплементација на стратегиите за развој на општина Шуто оризари и останатите стратешки документи.

**Специфични цели на програмата**

Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување , инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови. Континуирано

подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитети за бизнис и туристичка промоција на оптината на домашен и меѓународен план.

**Носители на програмските активности**

Носител на Програмата за развој е Одделението за локален економски развој, во соработка со одделението за комунални дејности, урбанизам, заштита на животната средина на Општина Шуто оризари кое во соработка и координација со Градоначалникот а разгледана и одобрена од Советот на Општина Шуто оризари ја изготви оваа програма и истите ќе бидат одговорни за реализација на програмските активности

**Очекувани резултати**

Интензивиран локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за провлекување инвестиции. Реализирана бизнис и туристичка промоција на Општина Шуто оризари на домашен и меѓународен план. Зајакнати капацитети за промоција на Општината  и привлекување на инвестиции. Големена енергетска ефикасност на објектите под надлежност и во сопственост на Општина Шуто оризари, како и давање на субвенции на населението за набавка на високо ефикасни инвертер клими ( преку програмата на владата на РСМ), проекти кои ќе стимулираат термофасади, вградување на ПВЦ или алуминиумски врати и прозори за енергетска ефикасност на домовитемонтажни соларни бојлери и сл, поставување на фотоволтајци на корововите на општинскте објекти за заштеда на електрична енергија и заштита на животната средина.

**Програмски активности**

Проектите на Општина Шуто оризари во пбласта на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината  согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите за 2025 година , предвидените активности , генерално може да се групираат во следните поглавја:

1. Поддршка на Локалниот економски развој на Општина Шуто оризари

2. Финализација на започнатите проекти

3. Изработка на стратешки документи

4. Изградба на патна структура

5. Меѓуопштинска соработка

6. Поттикнување на развој на туризмот во Општина Шуто оризари

7. Меѓународна соработка

8. Меѓугранична соработка

9. Поддршка на регионалниот економски развој

10. Проект – општинска корисна работа

11. Проект – јавни работи

12. Транспаретна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единиците на локална самоуправа преку креирање на оддржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент

13. Започнување со работа на Општинскиот ресурсен центар

14. Поддршка на заинтересирани лица за искористување на средствата од ИПАРД

15. Создавање на поволни услови за развој на бизнис секторот

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

1. Поддршката на Локалниот економски развој на Општина Шуто оризари планира да се резлизира преку следните активности:

- Проект Индустриска зона Шуто оризари ( изградба на објекти од незагадувачки карактер);

- промоција на Општина Шуто оризари и привлекување на домашни и странски инвестиции;

- Изградба на фотоволтаични централи во Општина Шуто оризари;

- Подготовска на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови;

- Партиципација односно сопствено учество на Општина Шуто оризари, при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, дрќавни фондови, институции и други донатори;

- Соработка на Општина Шуто оризари со општините од регионот ( скопски плански регион) во подготовска и резлиација на заеднички проекти и активности;

- Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програните на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови и организации.

**2. Финализација на започнатите проекти**

Поддршка на Скопскиот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој и партиципација односно сопствено учество на Општина Шуто оризари при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за развој на скопскиот плански регион согласно законот за Рамномерен Регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој;

Поддршка на МСП и претприемништво. Малите и средните преттпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој. Поддршката и развојот на МСП и претприемништвото ќе се реализира преку: Обуки на бизнис секторот, поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање, поддршка на МСП за учество на саеми и промоции со поддршка на граѓански организации.

**3. Изработка на стратешки документи**

- Изработка на Статегија за локален акционен еколошки план – ЛЕАП;

- Изработка на Стратегија за Рурален развој - ( за подрачјето на Горно оризари);

- Подготовка, дизајн и печатење на новите стратешки документи;

за овие активности нема да бидат предвидени средтсва од Буџетот на Општина Шуто оризари и ќе се бараат средства од меѓународни организации

**4. Подобрување на постојната и развој на нова инфраструктура во Општина Шуто оризари**

**-** Подобрување на уличната инфраструктура , преку изработување на деталаен план за изградба на улици и унапредување на постојната улучна мрежа, изградба на паркинзи и изградба на пешачки патеки;

**Средства ќе се обезбедат преку повикот на Владата за 2025 година**

- Подобрување на комуналната инфраструктура, преку опремување на индустриската зона со целосна инфраструктура ( водовод, канализација, електрична енергија, гас, теклекомуникации и интернет);

**Средства ќе се обезбедат преку повикот на Министерството за траснпорт, Министерството за животна средина и просторно планирање**

- Комплетирање на канализационата мрежа во урбаниот дел и градење на канализациоа мрежа во Горно Оризари;
**Средства ќе се обезбедат преку повикот на Министерството за траснпорт, Министерството за животна средина и просторно планирање**

- Изградба на на паркот покрај спортската сала и уредување на просторот;
**Средства ќе се обезбедат преку проектот за прекугранична соработка со Србија**

- Опремување на паркот во просторот помеѓу Џамијата и Детската градинка.
**Средства ќе се обезбедат преку проектот за прекугранична соработка со Србија**

**5. Меѓуопштинска соработка**

Во областа на меѓуоптинската соработка Општина Шуто оризари во 2025 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот и со општините од Република Северна Македонија, со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности, размена на знаења, искуства и кадри во различни сфери од своето работење

**6. Поттикнување на развој на туризмот во Општина Шуто оризари**

Општина Шуто оризари во делот на поттикнување на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети. За таа цел се предвидуваат следните активности:

- Организирање на Ромско културно лето 2025 во периодот 30.07- 02.08.2025 година.
- Креирање и збогатување на туристичкиот потенцијал и понуда со посебен акцент на алтернативниот туризам преку промотивни активности од различни области ( спортско -рекреативни, културни, кулинарски, традиционални и сл настани), посебно во рамките на меѓуграничната соработка Македонија – Србија;

- Обезбедување на сместувачки капацитети на територијата на општина Шуто оризари со средства од меѓународни фондови и донатори за домашните и странските туристи, како и за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината;

- Оддржување протоколарни и промотивни средби при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција на туризмот и други активности во општината;

- Обезбедување на локација за изградба на етно хотел со јавна покана до потенцијани инвеститори да аплицираат во изградбата на ваков хотел;

- Изработка на проект за изградба на Национална установа – Музеј на ромската култура за промоција на ромските обележја, историја и уметност , литература;
**Планирано е во рамките на повикот на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година да се аплицира со изградба на оваа Национална установа**

- Креирање на интернет страна и профили на социјалните мрежи за промоција на туризмот во општина Шуто оризари.

**7. Меѓународна соработка**

Во областа на меѓународната соработка Општина Шуто Оризари ќе се насочи кон продлабочување на соработката со други општини преку збратимување, како и проширување на на соработката со нови партнери преку:

- Организирани посети на претставници од Општина Шуто оризари на нови општини во рамките на меѓуграничната соработка но и поттикување на соработка со други општини преку збратимување, а со цел размена на искуства и заендичка подготвка на апликации;

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општона Шуто оризари и наши делегации во странство;

- Учество на разни програми со проекти од различни донатори.

Не се потребни буџетски средства

**8. Меѓугранична соработка**

Во делот на меѓугранична соработка , одделението за Локален економски развој аплираше на два проекти кои се однесуваат на меѓугранична соработка со Република Србија ( во партнерство со општина Бојник) и меѓугранична соработка со Република Косово ( во партнесртво со општина Партеш), со кои ќе реализираме проекти во 2025 и 2026 година (по одобрување од страна на ЕУ).

Проектите се однесуваат на ромоција на туризмот и културата ( Република Србија) и заштита на животната средина и селектирање на отпад ( Република Косово)

**9. Поддршка на регионалниот економски развој**

Главната цел на оваа поддршка е создавање на услови за зналително намалување на диспаритетите овозможувајќи подобри можности за живот на сите граѓани за развивање на техничките, организациските и човечките капацитети на институциите во областа на регионалниот развој, унаредување и понатамошно подобрување на законската рамка, стратегиите и ациските планови, и подобрување на координацијата за рамномерен развој на национално ниво.

Поддршката ќе се однесува на намалувањето на диспартитетите помеѓу скопските општини, но и во рамките на самата општина ( со посебен акцент на Горно оризари)

**10. Проект – општинска корисна работа**

Проектот ОКР во изминатиот период беше поддржан од програмата на Обединетите нации – UNDP, Сгенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика. За разлика од минатите години општина Шуто оризари не учествуваше на порграмата ОКР за периодот 2023/24 заради немање на интерес од страна на граѓаните , но и заради технички проблеми во спроеведувањето на проектот од страна на организаторите.

Во зависност од типот на вработувања и обуки кои ќе се нудат со програмата 2025/26 Шуто оризари ќе направи проценка дали граѓаните ќе имаат интерес за ваквите обуки или нема воопшто да партиципираат.
Доколку се нудат атрактивни обуки кои ќе помогнат во намалување на невработеноста Општина Шуто оризари ќе учествува во спроведувањето на оваа програма и ќе партициприра со 20% во вкупниот износ на трошоци во зависнот од бројот на учесници.

**11. Проект – јавни работи**

Општина Шуто оризари има повеќегодишно искуство во организирање и реализирање на проекти од областа на комуналната дејност и јавните работи. Проекти од овој тип се реализирани во периодот 2010 – 2023 година. Општина Шуто оризари има потреба и честа практика во пролетниот и есенскиот период од годината да ангажира невработени лица со ниски квалификации во реализација на краткорочни проекти од областа на заштита на животната средина и одржување на јавните зелени површини. Со учество и аплицирање во програмата за работно ангажирање – јавни работи се овозможува продолжување на оваа практика и ангажирање на поголем број на невработенилица. Лицата кои ќе бидат ангажирани во проектните активности во програмата Јавни работи ќе се стекнат со практични вештини од пбласта на одржување и заштита на животната средина и ќе имаат можност да аплицираат и да бидат вклучени во проекти и вработувања.

Овој проект се одвива со поддршка на АВРСМ

**12. Транспаретна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единиците на локална самоуправа преку креирање на оддржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент**

Транспаретноста и отчетноста , надополнети со партиципативноста , се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење е граѓаните да бидат целосно информирани, но и во што поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локални политики и важните стратешки докуемнти, кои што директно или индиректно ги засегаат.

**13. Започнување со работа на Општинскиот ресурсен центар**

Во текот на 2024 година во соработка со Програмата на Обединетите Нации – УНДП , во рамките на проектот Интеграција на повратниците во земјите од Западен Балкан, се започна со изградба на Општинскиот ресурсен центар, доградба на постојната општинска зграда. Програмата на Обединети нации – УНДП учествува со 5 милиони денари, додека општина Шуто оризари, со задолжување во деловните банки улествува со 8 милиони денари, од кои 3 милиони се за изградба на енергетско ефикасен објект ( фасада) со што општината ќе заштеди во иднина средтсва во делот на електрична енергија.

Се очекува Општинскиот ресурсен центар да биде отворен до крајот на месец Јуни 2025 години, со што невладините организации ќе добијат свој простор, но и ќе се овозможи на одредени државни институции , а за кои граѓаните секојдневно имаат потреба од нивните услуги исто така да добијат свои простории.

Овој ресусрен центар ќе создаде можност на граѓаните од Шуто оризари да имаат полесен пристап до некои услуги ( Агенција за вработување, фонд за здравство, УВМК)

**14. Поддршка на заинтересирани лица за искористување на средствата од ИПАРД**

Со цел искористување на средствата од програмите за финансиска поддршка од ИПАРД, кои се во насока на подобрување на условите за живот и за довивање на економски активности во руралните средини ( надвор од атарот на Шуто оризари). Овозможувањето на дополнителни приходи за руралното население ќе се поттикнува преку поддршката од мерките за рурален развој за диверзификација на економските активности во руралните средини во други земјоделски и неземјоделски активности ( преработка на производи на земјоделските стопанства , рурален туризам, услуги, занаетчиство)

Општината ќе организира советувања за населението со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството и со други експерти.

**15. Создавање на поволни услови за развој на бизнис секторот**

Во насока на создавање на поволни услови за развој на бизнис секторот во Општина Шуто оризари потребно е
- Креирање на ефикасна општинска администрација за поддршка на бизнис секторот преку обука на вработените кои се вклучени во одделението за локален економски развој и сите друго одделенија кои се поврзани со бизнис секторот;
- Потребно е основање на општински Бизнис центар ( во рамките на Општинскиот ресурсен центар) каде ќе им се помага на претприемачите од Општина Шуто Оризари да развијат сопствени бизнис планови, да аплицираат на повиците кои се објавуваат од страна на институциите во државата ( поволни кредити, субвенционирање на вработување итн);
- Организирање на минимум два (2) бизнис форуми годишно, со што ќе се создаде можност за поврзување на стопанствениците од Шуто оризари со другите стопанственици од РСМ , па и пошироко;
- Креирање на база на податоци за бизнисите во општина Шуто оризари, со детални информации за бројот на фирми по сектори, број на вработени ( соработка со средното училиште во насока на спроведување на анкети на терен со стопанственици).

Буџет: не се потребни средства од Буџетот на општината, средствата ќе се обезбедат од страна на Меѓународни организации

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

За реализацијата и следњето на активностите од оваа Програма ќе биде надлежно одделението за локален економски развој ( ЛЕР), Градоначалникот на Општона Шуто оризари, како и другите надлежни тела и органите и телата на Советот на Општина Шуто оризари, кои ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како

и покренувањето на иницијативи и давање на мислења, сугестии и поденсување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели на Локалниот економски развој.

Програмата влегува во со објавување во Службен Гласник на Општина Шуто оризари

Бр: 08-1104/35
Дата: 30.12.2024 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ
НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

Одлука за годишна програма на Одделението за локален економски развој во Општина Шуто Оризари за 2025 година „Програма Г “

1. Се прогласува одлуката за годишна програма за Одделение за локален економски развој во Општина Шуто Оризари за 2025 година „Програма Г “

2. Оваа решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/70
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари

С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 и член 36, став 1, точка 15 од Зконот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македониа, бр. 5/02) , член 14, став 1, точка 1 и 3 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари, бр.1 / 97), а в.в. со одредбите од Законот за социјална заштита(,,Службен весник на Република Македониј “бр.79/2009; 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 104/2019, 146/2019 и бр. 275/2019,,), Советот на Општина Шуто Оризари на 33-та седница одржана на ден 25.12.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на**

**Годишна Програма за социјална заштита во Општина Шуто Оризари за 2025 год.**

Член 1

Се усвојува Годишната Програма за социјална заштита во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

Член 2

Составен дел на Оваа Одлука е Годишната Програма за социјална заштита во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

член 3

Програмата ќе се реализира по обезбедување на финансиски средства за што ќе се подготви ребаланс и истите ќе бидат предвидени во Буџетот на Општина Шуто Оризари

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Шуто Оризари“.

Бр: 08-1104/63
Дата: 30.12.2024 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ
НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 и член 36, став 1, точка 15 од Зконот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македониа, бр. 5/02) , член 14, став 1, точка 1 и 3 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари, бр.1 / 97), а в.в. со одредбите од Законот за социјална заштита(,,Службен весник на Република Македониј "бр.79/2009; 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016, 104/2019, 146/2019 и бр. 275/2019,,), Советот на Општина Шуто Оризари на 33-та седница одржана на ден 25.12.2020 година ја донесе следната:

**Годишна Програма за социјална заштита во Општина Шуто Оризари за 2025 год.**

Вовед :

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одрзуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел:

- промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- спречување на социјална исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетот на граѓаните за водење на активен, независен и продуктивен живот.

Процесот на децентрализација на социјалната заштита во РСМ беше иницирана со донесување на Законот за локална самоупрва со кој општините, Град Скопје и општините во Град Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита.

Со законот за социјална заштита од 2009 година се утврди обврска за општините да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во согласност со националните стратешки правци за развој на социјалната заштита.

Остварувањет на социјалната, детска и здравствена заштита во општина Шуто оризари се заснова на Законот за социјална заштита ( Службен весник на РСМ, бр 104/19, 146/19,275/19,302/20,311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 237/22 и 65/23), Законот за социјална сигурност за старите лица ( Службен весник на РСМ бр 104 од 23.5.2019 година), Законот за заштита на децата ( Службен весник на РСМ бр 146 од 17.07.2019), Законот за семејство ( Службен весник на РСМ бр.153 од 10.10.2014 година), Програма за остварување на социјалната заштита за 2024 година ( Службен весник на РСМ бр 187 од 29.12.2023 година), Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5 од 29.01.200, Националната стратегија ( 2020 – 2025) и Акцискиот план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство – Декември 2019, Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 (Службен весник на РСМ, бр 237 од 07.11.2022) и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштиа во Република Северна Македонија.

Единиците на локална самоуправа согласно постоечкиот Закон за социјална заштита од 2019 година развиваат мерки и активности за социјална заштита и тоа:

- обезбедува спроведување на социјалната заштита согласно законската регулатива;

- утврдува и финансира други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита во поголем обем;

- основаат јавни установи за социјална заштита;

- формираат Совет за социјална заштита;

- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион;

- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита;

- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори и

- вршат други работи поврзани со социјалната заштита.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на општина Шуто Оризари.

Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработа помеѓу централната власт претставувана од Министерството за труд и социјална политика ( сега Министерството за социјална политика, демографија и млади) со локалната власт, на полето на социјална заштита.

При планирањето на програмата се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родова рамноправност.

Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација , неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Програмата предвидува соработка со надлежниот центар за социјална работа, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, односно со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Агенцијата за вработување, Министерството за економија и труд и сите други министерства со кои ќе има потреба да се соработува , приватниот сектор и невладините организации.

Активностите кои се предвидени во Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во општина Шуто оризари за 2025 година се одделени во -------- ставки и тоа:

1. Превентивна социјална и здравствена заштита

2. Детска заштита

3. Социјална заштита за стари лица

4. Социјална заштита на лица со посебни потреби

5. Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост

6. Доделување на еднократна парична помош

7. Реализирање и поддршка на други и дополнителни ( непланирани) активности, проекти и мерки

**I. <u>Превентивна социјална и здравствена заштита</u>**

**1.1 Организирање на стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други болести на зависности**

Во соработка со ЈУМЦСР, СВР Скопје- отсек за превенција, Црвениот крст, Здравствен дом Скопје, невладини организации во текот на 2025 година ќе се реализираат стручни предавања за заштита од употреба на дрга, алкохол и други болести на зависности, кои кај младите лица земаат се поголем замав.

Средства не се потребни за оваа активност

**1.2. Насилство врз жени и семејно насилство**

Општина Шуто оризари ќе обезбеди поддршка на граѓанските здруженија кои работат на полето заштита на жените и заштита од семејно насилство во:

1. Обезбедување на одржливост на моделот на интегративен мултисекторски пристап до пакетот неопходни услуги на жените и девојките изложени на насилство

2. Јавни трибини во рамките на меѓународната кампања 16 денови активизам против насилството врз жените во организација на општината и невладините организации од Шуто оризари

Активноста ќе биде во периодот 1 јули – 31 декември 2025 година

За оваа активност не се потребни средства , општината ќе обезбеди простор за оддржување на јавните трибини.

**1.3. Зголемување на бројот на вакцинирани деца**

Општина Шуто оризари во соработка со Здравствен дом Скопје, Министерството за здравство и ромскиот здравствен медијатор ќе организираат акции за вакцинација на деца до 18 години. Преку овие акции ќе се зголеми бројот на вакцинирани деца . За реализација на овие акции не се потребни финансиски средства од општина Шуто оризари.

II.**<u>Детска заштита</u>**

**2.1. Активности од областа на детска заштита**

програмата од областа на дестка заштита со која континуиран се спроведуваат манифестациите : Априлијада, детска недела, Денот на планетата земја под мотото „ Немаме резервна планета“, одбележување на „ Недела на хигиенизација“ ( 8-15 април 2025), како и организирање на различити предавања од областа на здравјето, спортски активности на младите и други активности.

Овие активности општина Шуто Оризари ќе ги спроведува во соработка со двете основни училишта „ Браќа Рамиз и Хамид“ и „ 26 Јули“, детската градинка „8 Април“, Црвениот крст, МВР-Скопје, Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, Здравствен дом на град Скопје, Министерството за здравство, Министерството за спорт.

За реализација на овие акции не се потребни финансиски средства од општина Шуто оризари.

**2.2 Подигање на свеста кај родителите за важноста од предучилишно, основно и средно образование**

Преку теренски активности на невладините ромски организации, образовниот медијатор, директорите на основните училишта и градинката ќе се информираат родителите за важноста од вклучување на децата во предучилишното образование, со што ќе се надмине јазичната бариера, децата ќе се социјализираат и ќе бидат подготвени за вклучување во основното образование. Исто така преку информирање на терен за навремено запишување семејствата ќе се запознаат со правата и обврските за образовниот процес и бенефициите од него, ќе се информираат за програмите за стипендирање на средношколци Роми, со цел зголемување на бројот на деца во основното и средното образование.

**2.3 Бесплатен престој за деца со попреченост и деца со ретки болести во детска градинка**

За децата со попреченост и децата со ретки болести ќе се обезбеди бесплатен престој во детските градинки и ќе се донесе Правилник за остварувањето на правото на партиципација за деца со попреченост и деца со ретки болести кои ќе престојуваат во детската градинка „ 8 Април“.

Средствата ќе бидат обезбедени од месец септември 2025 година со ребаланс на буџетот.

**2.4 Надоместок за партиципација на 10 деца во детската градинка**

Остварувањето на правото на партиципација на децата во детските градинки согласно член 53 од Законот за заштита на децата ( Службен весник на РМ бр 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16,163/17,21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр 104/19,146/19,275/19,311/20 и 294/21) Министерството за труд и социјална политика ( сегашно Министерство за социјална политика , демографија и млади), донесе Правилник за поблиските услови и начинот за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавни установи за деца ( Службен весник на РСМ бр. 157/19)

Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.

Согласно и обврските на општина Шуто Оризари за 10 деца ќе се покрие надоместокот на престој во детската градинка од Буџетот на општината и се потребни да се издвојат 150.000,00 денари кои ќе се предвидат за месец септември 2025 година.

**2.5 Подршка на дневните центри за деца со ризик**

Согласно Законот за социјална заштита ( Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година ), на граѓанските здруженија им е оставена можност за пружање на социјални услуги , кои услуги се финансираат од Министерството за социјална политика, демографија и млади, од страна на општините, но и од донации од др субјекти.

Во општина Шуто Оризари постојат два дневни лиценцирани центри за услуги во заедницата кои работат со деца во ризик.

Со овој проект се овозможува на деца со ризик ( деца на улица, деца кои го имаат напуштено образованието) да го посетуваат овој центар, им се обезбедува храна, дополнителни часови по одредени наставни предмети. За оние кои се надвор од образовниот процес им се овозможува да започнат со изучување на букви и пишување за да по одредено време се направат напори да се вклучат во редовниот образовен процес

Активностите кои се превземаат за заштита на децата на улица во центрите за дневен престој, не се насочени само кон задоволување на нивните елементарни права и потреби, туку преку индивидуален пристап, се проценуваат потреби, ризици и потенцијали на секое дете и неговото семејство.

Со социјалната услуга за дневен престој, се обезбедува поддршка на корисниците во траење од осум часа дневно зависно од нивните потреби. Услугата за дневен престој обезбедува дневно згрижување, исхрана, одржување лична хигиена, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, воспитни, социјални, културни и рекреативни активности, превентивни активности, советување, едукација, образовна поддршка, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности, во зависност од идентификуваните потреби на корисниците како и возраста и степенот на констатираниот ризик.

Преку овој проект двете граѓански здруженија дневно опфаќаат повеќе од 50 деца, со тоа што во 2025 година планот е да се зголеми капацитетот за дополнителни уште 50 деца.

Во досегашниот период оваа социјална услуга беше финансирана само од Министерството за социјална политика, демографија и млади, и во 2025 година се предвидува двете здруженија да добијат и поддршка од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## III. <u>Социјална заштита на стари лица</u>

### 3.1. Одбележување на недела за грижа на стари лица

По повод недела за грижа на стари лица во периодот од 18 до 24 Ноември, Градскиот црвен крст Скопје, ќе се организираат низа активности и тоа ќе се организира мобилен лекарски пункт на кои ќе се мери притисок и гликемија , како и бесплатна обука по прва помош за лица од трета доба

За реализација на овие акции не се потребни финансиски средства од општина Шуто оризари.

### 3.2. Мобилни тимови за стари и изнемоштени лица, хронично болни и лица со попречености

За старите и изнемоштени лица, хронично болни и лица со попречености општина Шуто оризари во соработка со Црвениот крст на град Скопје ќе формира мобилни тимови. Лицата за да не го напуштаат домот без потреба волонтерите од мобилните тимови ќе им бидат на располагање на овие целни групи и тоа во делот на следните сервисни услуги: набавка на прехрамбени продукти и средства за лична хигиена , набавка на лекови и медицински реквизити, извршување на шалтерски услуги, подмирување режиски трошоци, подигање рецепти, достава на хронична терапија и достава на онколошка терапија за лица болни од канцер.

Од страна на Црвениот крст ќе бидат обезбедени волонтери додека општина Шуто Оризари ќе обезбеди логистичка поддршка со возило и возач.

Истовремено , со изградбата на новиот дел на општинската зграда ќе се создаде можност и за започнување со работа на Јавната Општинска установа за социјални услуги-помош и нега во домот на територија на Општина Шуто Оризари-Скопје, која со помош на Министертвото за социјална политика, демографија и млади ќе лиценцира 10 млади роми кои ќе пружаат услуги во домот на лицата од трето доба и лицата со попреченост.

Трошоците за овие 10 лица ќе бидат на сметка на Министерството за социјална политика, демографија и млади, додека општина Шуто оризари ќе партиципира со доделување на просторија за овие лица.

### 3.3. Поддршка на пензионерски клубови

За потребите на пензионерите општина Шуто оризари ќе издвои средства за поддршка на пензионерските клубови кои егзистираат на подрачјето на општината .

Средствата ќе бидат наменети кон покривање на закупнина и трошоци за електрична енергија, како и за социјални активности кои се одвиваат во рамките на пензионерските клубови.

За оваа намена во Буџетот на општината ќе бидат издвоени 300.000,00денари.

За критериумите за распределба на средствата ќе биде изготвен Правилник за распределба на средствата на пензионерските клубови, кој ќе биде изработен од страна на општинската администрација

## IV. <u>Социјална заштита на лица со попреченост</u>

### 4.1. Финансиска поддршка на семејства на деца со попреченост од прво одделение вклучени во редовното основно образование

Општина Шуто оризари ќе додели стипендии на ученици со попреченост од основните општински училишта на територијата на општина Шуто оризари (ОУ „ Браќа Рамиз и Хамид“ и ОУ „ 26 јули“ кои во учебната 2025/2026 година ќе се запишат во прво одделение. Целта на овие стипендии е да се пружи поддршка на семејствата на учениците со попреченост во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, асистенти за помош/едукација, трошоци за терапија, транспортни трошоци или други слични специфични потреби, а воедно да се поддржи одлуката за проактивно и засилено запишување на ученици со попреченост во редовните училишта.

Стипендирањето на учениците од прво одделение се дава приоритет бидејќи се најважниот период во образованието за сите деца, а уште повеќе за децата со попреченост. Во овој период се стекнуваат базични клучни знаења и вештини, имено јазичната и математичката писменост, без кои понатамошното учење е невозможно. Успешен почеток е предуслов за успешно понатамошно образование. Редовните училишта се најдобрата средина за развојот и напредувањето на сите деца. Целта на оваа промена во пристапот кон образованието на ученици со попреченост е преку инклузивно образование да се постигне почитување на различностите, промовирање на еднаквост, правичност, недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

Стпендирањето ќе се обезбеди од страна на донатори.

### 4.2. Проект за поддршка на процесот на инклузија во основните училишта

Станува збор за активности кои се планирани од страна на Здружението за асистивна технологија „ Отворете ги прозорците“ од Скопје и Детската фондација Песталоци. Активностите ќе бидат во насока на креирање инклузивна средина која може да обезбеди и поддржи квалитетно образование за учениците со посебни образовни потреби.

Во активностите ќе биде вклучена општината, основното училиште Браќа Рамиз и Хамид, сервисните служби кои постојат на локално ниво, како и учениците со посебни образовни потреби и нивните семејства.

Преку проектот е опфатено основното училиште Браќа рамиз и Хамид, во кои ќе се реализираат активности кои ќе бидат насочени кон инклузија на учениците со посебни потреби. Општината нема да  учествува со средства од Буџетот но  ќе има дирекно учество, поддршка, планирање и креирање модел кој ќе ја поддржи инклузијата на локално ниво.

### 4.3. Проект „ Помош и нега во домот“

Општина Шуто оризари планира да аплицира за грант за развој на социјалните услуги по Проект за подобрување на социјалните услуги кој ќе биде објавен од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади за услугата Помош и нега во домот. Во текот на 2023 година општина Шуто оризари формираше  Јавна  Општинска установа за социјални услуги-помош и нега во домот на територија на Општина Шуто Оризари-Скопје, како засебен правен субјект за оваа намена.

Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, осгласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица. Преку проектот ќе се овозможи општините да аплицираат за грантови наменети за развој на социјалните услуги во локалните заедници, вклучувајќи непосредна социјална услуга , помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција , дневна нега, привремена грижа, дневни центри и други иновативни услуги во заедницата.

Грантовите ќе бидат финансирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади ( Грант на Светска банка) и ќе бидат насочени кон развој на услуги што ќе ги обезбедуваат општините или во соработка со други даватели на услуги ( граѓански организации, физички и правни лица). Средствата од грантот ќе бидат наменети за воспоставување на услугата и финансирање на услугата по корисник по утврдена цена на услугата во период од 12 месеци. Истовремено ќе се изврши лиценцирање како на апликантот така и на лицата кои ќе ја пружаат социјалната услуга.

## V. <u>Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост</u>

**5.1 Проект „ Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо економска интеграција на повратниците“**

Со финансиска поддршка од УНДП Општина Шуто Оризари во соработка со невладините организации ИРИЗ и Романо Чачипе го спроведува проектот „ Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо економска интеграција на повратниците“. Преку овој проект оваа година беше овозможено на повратниците да формираат сопствени компании со поддршка на АВРСМ преку оперативните планови за вработување. Паралелно им беа понудени и обуки за меки вештини и ИТ обуки. Во рамките на овој проект општината во соработка со УНДП започнаа со реализација на проектот Изградба на општински ресурсен центар, при што 5 милиони денари се грант на УНДП, додека 8 милиони денари се средства на општината кои се обезбедени по пат на кредитно задолжување во деловните банки. Паралелно се изградбата на овој ресурсен центар, каде ќе бидат обезбедени простории за невладините организации од Шуто оризари, ќе се обезбеди проширување на просторните капацитети на општината и изградба на нова фасада, која ќе биде енергетски ефикасна и која ќе допринесе за намалување на трошоците за електрична енергија на самата општина.

Планирано е целокупната изградба и опремување да заврши заклучно со мај месец 2025, со што општината ќе добие еден современ лик.

Очекуваме истовремено и продолжување на соработката со УНДП во рамките на проектот „Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо економска интеграција на повратниците“ и во 2025 година, со можности за лицата повратници да се вклучат во системот.

За оваа активност не се потребни средства од Буџетот на општината.

**5.2. Проект „ Реконструкција и реновирање на субстандардни домови “**

Во претходниот период Општина Шуто Оризари во соработка со Хабитат Македонија спроведуваше проект за реконтрукција и реновирање на субстандардни домови на лице кои живеат во општина Шуто Оризари, при што се изврши замена на стари прозорци и врати со ПВЦ прозори и врати кои се енергетски ефикасни и кои ќе ги подобрат условите за живот на лицата кои живеат во субстандардни услови во Шуто оризари. Со овој проект беа опфатени 50 семејства од Шуто Оризари.

Проектот завршува во 2024 година и намерата е општина Шуто Оризари во 2025 да продолжи со реконструкција и реновирање на субстандардни домови од средства од Буџетот на општина Шуто Оризари. Планирано е да се изврши реконструкција на 30 домови на лица кои живеат во субстандардни услови.

За оваа намена од Буџетот не се планирани средтства и истите ќе бидат обезбедени од донации.

**5.3. Проект „ Социјални пакети за лица во социјален ризик “**

Во рамките на поддршка на семејствата кои се во социјален ризик, а со цел помош на ваквите семејства општина Шуто оризари во соработка со невладини организации, но и од средства од Буџетот на општината ќе обезбеди социјални пакети кои се состојат од намирници и средства за хигиена.

Целта на ваквите активности е да им се олесни животот на овие лица, со тоа што ќе им се понуди одредена поддршка со обезбедување на храна и средства за хигиена.

Како партнери во рамките на оваа активност е невладината организација „ Класје на добрината“.

За оваа намена од Буџетот не се планирани средства.

**5.4. Програма Општинско корисна работа – проект „ Социјални услуги по мерка на граѓаните“**

Програмата „ Општинско корисна работа“ ( ОКР) е дел од Оперативниот план за услуги на пазарот на трудот и активни мерки за вработување. Општинско корисната работа нуди можност за социјално вклучување на потешко вработливите категории на пазарот на трудот преку обезбедување на социјални услуги според потребите на жителите на оптштината.

Активностите од Програмата Општинско корисна работа се спроведуваа 2023/24, и наредната година повторно ќе се аплицира на проектот со што проектот ќе се спроведува во 2025/26 година.

Општина Шуто оризари во рамките на овој проект учествува со 20% од предвидените средства и за таа намена во Буџетот ќе се обезбедат дополнително во месец јули.

**5.5. Оформување и дооформување на основното и средното образование на лицата од општина Шуто Оризари**

Општина Шуто оризари ќе аплицира на проекти и програми до донатори, европски фондови за обезбедување на финансиски средства за реализација на проект за оформување и дооформување на основно и средно образование.

### 5.6. Програма за работно ангажирање „ Јавни работи“ – мерка АВРСМ

Општина Шуто оризари ќе аплиицира по објавениот повик до Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје за Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, која ќе биде финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ. Преку програмата ќе бидат работно ангажирани невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина.

Програмата ќе обезбеди социјална вклученост на потешко вработливите лица заради стекнување на одредени вештини и нивно вклучување на пазарот на трудот, преку проекти од инфраструктурата и заштита на животната средина на локално ниво.

Средствата потребни за реализација на програмата ќе се обезбедат дополнително во месец септември .

## VI . <u>Доделување на еднократна парична помош</u>

Средствата предвидени во буџетот, по утврдени критериуми со равилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации  и еднократна парична помош на физички лица ( службен гласник на општина Шуто оризари бр 1/97) ги доделува градоначалникот за итни и неодложни случаи и Советот на општина Шуто оризари по предлог на Комисијата за социјални работи и здравство, Комисијата за култура, комисијата за образование, Комисијата за финансирање и буџет и локален економски развој, Комисијата за спорт и Комисијата за еднакви можности во рамките на своите надлежности.

Составен дел на барањето е медицинска документација со која подносителот на барањето располага .

Еднократната парична помош ќе се доделува на семејства на страдани од елементарни непогоди ( пожари, поплави), Помошта во зависност од причинетата штета е од две категории:

- Прва категорија – 30.000,00 денари

- Втора категорија – 15.000,00денари

Составен дел на барањето е записник од извршениот увид и проценетата штета од СВР- Скопје

Предност за користење на средствата ќе имаат:

- жители на општина Шуто оризари

- самохрани родители

- семејства во кои живеат лица со попреченост

- семејства во кои не работи ниту еден член

- семејства во кои работи само еден член со минимален личен доход

Барателите се должни да достават решение или потврда за социјалната положба од надлежна институција.

Креирањето на соодветен систем на справување со сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво ќе се реализира според Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош.

Средствата потребни за реализирање на активноста во износ од 400.000,00денари се обезбедени од Буџетот на општина Шуто оризари за 2025 година

## VII. Реализирање и поддршка на други и дополнителни ( непланирани) активности, проекти и мерки

Општина Шуто оризари е подготвена да одговори со реализирање и поддршка на други и дополнителни ( непланирани) активности, проекти и/или мерки кои би имале важно значење за локалната заедница во областа на детската , социјалната и здравствената заштита на подрачјето на општината за 2025 година.

***ФИНАНСИРАЊЕ***

Активностите од областа на социјалната , детската и здравствената заштита утврдени со оваа програма ќе се финансира од Буџетот на Општина Шуто оризари за 2025 година.

Градоначалникот на Општина Шуто оризари го обезбедува спробедувањето на програмата за социјална , детска и здравствена заштита, го следи реализирањето, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

За остварување на програмата за социјална, дестка и здравствена заштита во Општина Шуто оризари за 2025 година ќе бидат користени средтвса од:

- Буџетот на Општина Шуто оризари за 2025 година;

- Буџетот на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;

- Фондации и други правни и физички лица;

- УНДП ;

- Претпијатија и трговски друштва;

- Други извори.

За целосна имплементација на Програмата за социјална , детска и здравстена заштита на Општина Шуто оризари се потребни 700.000,00денари.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

За реализацијата и следњето на активностите од оваа Програма ќе биде надлежна Комисијата за социјална заштита при Советот на Општина Шуто оризари, Градоначалникот на Општона Шуто оризари, кои ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и покренувањето на иницијативи и давање на мислења, сугестии и поденсување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели /

Програмата влегува во сила со објавување во Службен Гласник на Општина Шуто оризари

Бр: 08-1104/36
Дата: 30.12.2024 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ
НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.р СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлуката за усвојување на Годишна Програма за социјална заштита во Општина Шуто Оризари за 2025 година.**

1. Се прогласува одлуката за усвојување на годишна програма за социјална заштита во Општина Шуто Оризари за 2025 година.
2. Оваа решение влегува на сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/71
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 28, став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весникна РМ“ бр.149/14,149/15, 53/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.65/23), член 36,став1, точка 15 од Статутот на Општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на Општина Шуто Оризари“бр.1/97),а по предлогна Градоначалникот, Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на ден 25.12.2024 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ВО 2025 ГОДИНА**

Член 1

Се усвојува ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ВО 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука, е ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ВО 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на

Општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/37
Дата: 30.12.2024 го.

Советот на општина Шуто Оризари
Претседател
С.р.Сеад Исмаил

Врз основа на член 28,став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ"бр.149/14,149/15, 53/1616 и „Службен весник на РСМ" бр.65/23), член 36, став1, точка 15 од Статутот на Општина ШутоОризари („Сл. Гласник на Општина Шуто Оризари" бр.1/97), Советот на Општина Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на ден 25.12.2024 година, донесе :

**ПРОГРАМА**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Шуто Оризари за 2025 година**

I.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот треман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

III.ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2025 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња. Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Шуто Оризари ќе опфатат:
-заловување на кучињата, -Град Скопје, ЈП,,Лајка''
-транспорт до прифатилиште –На ул.,,840'' бр.2 населба Маџари, Општина Гази Баба-Скопје
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина, -ЈП ,,Лајка''
-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,-ЈП ,,Лајка''
-ветеринарно медицински третман на кучињата,овариохистеректомија и орхиектомија, постоперативно сместување и нега, -ЈП ,,Лајка''
-вакцинација и дехелментација,- ЈП ,,Лајка''
-обележување со микрочип,-ЈП ,,Лајка''
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата, - ЈП ,,Лајка''
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство ЈП ,,Лајка''
-едукација и подигнување на јавната свест кај населението, - ЈП ,,Лајка''
-престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третмани понатамошно постапување со третираните кучиња - ЈП ,,Лајка''
-обезбедување на локација - во спортско рекреативниот центар на ул.,,Јован Хаџи Шишков'' бб соодветно обележена и заградена, за шетање на домашни миленичиња во придружба на сопственикот кои ќе можат слободно да се шетаат без подводник-Општина Шуто Оризари рок во текот на календарската 2025 година-Општина Шуто Оризари.
- рок во текот на 2025 година
-евиденција на начинот на постапување на општината во делот на приемот на пријави од граѓани за потреба на одстранување на бездомните кучиња од јавни површини и нивно сместување во прифатилиштето на ЈП,,Комунална хигиена'', Вардариште и повратно известување од прифатилиштето колку кучиња се прифатени, колку се вратени и колку се еуатинизирани и колку се медицински третирани-Општина Шуто Оризари во текот на целата година во соработка и договор со ЈП ,,Лајка''.

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште во населба Маџари, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на

докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.
Еутаназијата се врши:
-во согласност со важечките законски прописи и наредби;
-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;
-кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и
-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.
Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:
Сите клинички здрави животни од страна на ЈП ,,Лајка'' се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизирааат. По завршената операција и постоперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето во Маџари односно во делот за престој во прифатилиштето на ЈП,,Лајка'', каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.
Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно инормативиот систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

## IV.ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињатаскитници. Изведувачот на Програмата, Владата на РСМ, Градот Скопје и општина ШутоОризари се должни да обезбедат комуникација со граѓани преку разни форми накомуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување најавната свест запостапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани завдомување на кучиња.

## V.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Се предвидува интензитетот на заловување на бездомни кучиња во Општина ШутоОризари од страна на ЈП ,,Лајка'' да биде околу 10 кучиња месечно, согласнокапацитетот на сместување во прифатилиште на ЈП Комунална хигиенакое треба да ги исполнува условите за сместување на бездомни кучиња/месечно.

VI. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите ќе се се финансираат од Буџетот на Град Скопје и ЈП ,,Лајка'' освен заедукација на населението и обезбедување на заграден простор соодветно обележан,за слободно шетање на домашни миленичиња без поводник , а во друштво насопственикот, со средства од Програмата на активностите на Општина Шуто Оризари во областа на Заштита на животна срединаи природата за 2025 година во ставка426990–други тековни расходи.Напомена:Советот на Општина Шуто Оризари, не го прифаќа Меморандумот и Договорот со Град Скопје и ЈП Лајка, поради барањето од 2.000.000, 00 денари годишно да финасира секоја општина.Општината Шуто Оризари нема фиансиска можност да исплати толку голема сума, и Советот на Општината треба да донесе предлог Одлука, до Советот на Град Скопје за намалувавање на тој износ, во согласност со финансиските можности на општината.

VII.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира Општина Шуто Оризари, во согласност сонамалената сума за финансирање и субјект кој во општината и Град Скопје е одреден, ЈП ,,Лајка'' и кој ги исполнува условите за изведување на активности согласно закон.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор на доизвршувањето на Програмата врши Овластениот комунален инспектор, Овластениот инспектор за животна средина, на град Скопје, комуналните редари наопштината и на Град Скопје, Секторот за инспекциски надзор при Агенцијата за храна и ветеринарство и други државни инспектори на РСМ, надлежни во оваа област. Заспроведените активности на терен во колку се склучи договор , изведувачот ЈП,,Лајка'', е должен да изготвува квартални извештаи за територијата на општина Шуто Оризари, коиќе бидат доставени до Градоначалникот на општината и ќе бидат усвоени од Советот на Општина Шуто Оризари. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ и на Web страната на Општина Шуто Оризари.

Бр: 08-1104/37
Дата:30 12.2024 год.

Совет на Општина Шуто Оризари
Претседател
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука за Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на Општина Шуто Оризари за 2025година.**

1. Се прогласува Одлуката за Програма за контрола на популацијата за бездомни кучиња на територија на Општина Шуто Оризари за 2025 година.
2. Оваа решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/72
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ бр.1/97), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл. Весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09и 149/14,150/15,37/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.257/2020 ) а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општината Шуто Оризари на својата 38-та седница одржана на ден 25.12.2024 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Се усвојува ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член2**

Составен дел на  оваа Одлука, е ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА, во Општина Шуто Оризари, Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари''.

Бр: 08-1104/38
Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на Советот
на општина Шуто Оризари
с.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 став 1 точка 5 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари" бр.1/97), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл. весник на РМ", бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14,150/15,37/16, и „Сл.весник на РСМ" бр.257/20), а по предлог на Градоначалникот,  Советот на Општината Шуто Оризари на својата  38-та  седница  одржана на ден 25.12. 2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2025 ГОДИНА

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести Советите на Општините, по предходно мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2025 година.

## Мерки, цели и потребни активности

Главен приоритет и цел на Програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и извори на финансиски средства потребни за нивна реализација во 2025 год.

Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на Општина Шуто Оризари, од потенцијални заразни заболувања и можни епидемии, кои со исполнувањето на поставените цели, ќе допринесат за поголема и поефикасна заштита на населението од истите.

**I) Главни приоритети**

За остварување на примарната цел за заштита на населението од заразни болести и можни епидемии, Општина Шуто Оризари е обврзана да ги организира и следи општите мерки за первенција на истите и тоа:

1. Преземање мерки иа активности за заштита од вирусот COVID 19
2. Обезбедување на безбедна вода за пиење и редовна контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување.
3. Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина.
4. Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во училишта, детски градинки, администативни згради, амбуланти и други јавни објекти.
5. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението, редовни здравствени контроли, вакцини и др.
6. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места, јавни површини, водоводни и канализациони системи и др.

**1.ОПШТА МЕРКА**

**Заштитни мерки и активности на населението од вирусот COVID 19.**

**(овие мерки се препорачуваат и ќе бидат засолжителни во согласност ако се повтори ширење на пандемијата)**

Јавното претпријатие „Комунална хигиена - Скопје“ потпиша Меморандум за соработка со Центарот за еколошка демократија „Флоразон“, за заедничко спроведување на проектот „Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“, поддржан од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, јавува Агенција Анадолија (АА).

Целта на проектот е преку соодветно одлагање на отпадот од заштитна опрема - маски и ракавици, да се придонесе во борбата против ширењето на вирусот Ковид-19, како и во ублажувањето на последиците од пандемијата врз граѓаните. Во рамките на проектот, на триесетина локации пред поголемите маркети во градот Скопје ќе бидат поставени специјални садови за одлагање отпад од заштитна опрема, којшто ќе биде транспортиран од страна на екипите на ЈП „Комунална хигиена - Скопје“.

„Уште од почетокот на прогласувањето на пандемијата на вирусот Ковид-19, ЈП „Комунална хигиена - Скопје спроведе низа вонредни мерки и активности, сè со цел на максимално ниво да се издигне хигиената и чистотата на јавните и сообраќајните површини во градот. Ова е уште еден придонес во борбата против вирусот Ковид-19 и заштитата на јавното здравје.,а претпријатеието ќе го транспортира овој отпад заедно со комуналниот отпад.Општина Шуто Оризари активно ќе работи во полето на заштитата на здравјето на граѓаните и и ќе укажува на потребата од поголема свесност во

делот на одлагањето не само на комуналниот отпад, туку и на отпадот од маски и ракавици којшто е класифициран како опасен отпад.

КОВИД-19 е заболување предизвикано од SARS-CoV-2 , вирус од фамилијата Коронавирус, првично откриен во Кина во декември 2019 година. Вирусот е причинител на акутно вирусно респираторно заболување. Преносот од човек на човек е можен, преку допир и преку капков пат (кивање, кашлање и слично).

Првичните искуства покажуваат дека постарите лица и хронично болните се изложени на поголем ризик од компликации и тешки форми на заболувањето. Периодот на инкубација на вирусот е најмногу 14 дена, во кој заразените лица не покажуваат симптоми, но можат да го пренесат вирусот на други лица.

Сите патници кои доаѓаат од земјите со висок и среден ризик треба да се задржат во само-изолација од 14 дена во нивниот дом и да пријават на надлежните доколку почувствуваат симптоми.

**Кои се симптомите на заболувањето со КОВИД-19?**




Првичните симптоми кои се јавуваат кај лицата заразени со вирусот КОВИД-19 се:

1. Треска и висока температура;
2. Тешка кашлица;
3. Отежнато дишење.

Болеста може да предизвика сериозни компликации кои може да ја нарушат функцијата на:

- органите за дишење;
- кардиоваскуларниот систем;
- на бубрезите.

Болеста може да варира од лесна до тешка форма, со можни фатални последици.
Лекувањето на заболените е палијативно и симптоматско.
Во овој момент не е достапна антивирусна терапија, ниту пак вакцина за превенција од заболување со КОВИД-19.

Општина Шуто Оризари ги презема и ќе ги презема следните конкретни активности и едукација на населението во 2025 година со свои препораки и населението со флаери и известувања :

- Миење на рацете често, користејќи сапун и вода, подолго од 1 минута, внимавајќи да се опфатат сите делови од дланката и прстите.

- Избегнување близок контакт со болни лица или лица кои се вратиле од патување од земја со висок или среден ризик.

- Користење средства за дезинфекција или алкохолни марамчиња.

- При кашлање или кивање да се покрива носот и устата со марамче за еднократна употреба и веднаш потоа да се одложи на безбедно место. Доколку нема марамче, да се поркрие носот и устата со рака свиткана во лактот.
- Да се следат препораките на Министерството за здравство и редовно населението да се информира од надлежните институции за најновите вести и насоки.
- Редовна дезинфекција на улиците и јавниот простор
- Дезинфекција на просториите во здравствениот дом, административната зграда, детската градинка и двете основни училишта и средното училиште
- Држење на растојание од два метри
- Задолжително носење заштитни маски ако така препорача владата

**2. ОПШТА МЕРКА**
**Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување**

Безбедна вода за пиење, е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми, и штетни хемиски соединенија во број кој преставува опасност по здравјето на луѓето, како и вода која не содржи супстанции кои сами или заедно со други супстанци, преставуваат опасност по здравјето на луѓето.

На територија на Општината Шуто Оризари во урбаниот дел во населбата Шуто Оризари, со водоснабдителниот систем стопанисува ЈП ,,Водовод и канализација” и е надлежен за снабдување со безбедна и здрава вода за пиење од градскиот водовод кој се снабдува со вода од изворите во село Рашче.

Во руралниот дел во село Горно Оризари, водоснабдувањето со вода за пиење се врши од сопствен водоводен систем кој се напојува од четири артерски бунари и со кој стопанисуваат тамошните жители.

**ЦЕЛ**
**Снабдување на населението со здрава и безбедна вода за пиење**

**АКТИВНОСТИ**

Според правилникот за безбедност на вода за пиење, таа не треба да содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето и можат да предизвикаат зарази и епидемии.Од тие причини ЈП „Водовод и канализација" законски е обврзана, да врши соодветна дезинфекција и испитување на водата за пиење и тоа:

1. Дезинфекција и чистење на извориштето, каптажите, резервоарите, водоводната мрежа и други објекти и постројки на јавниот градски водовод,се врши најмалку еднаш годишно, (а во случај на елементарни непогоди повеќе пати).

-Сите изворишта на вода и сите водоснабдителни објекти, треба да бидат заштитени од случајно или намерно загадување, како и од други штетни влијанија, кои можат да ја загрозат безбедноста на водата за пиење

2. Методологијата за испитување на водата за пиење, предвидува анализа и број на мостри на водата за пиење од:
-вода од извориштето (2 пати годишно),
-вода по дезинфекција,
-вода од резервоарите за вода за пиење,
-вода од водоводната мрежа и
-вода на местото на потрошувачката-земање на мострите од однапред утврдена локација, 12 пати годишно-временски и просторно рамномерно распоредени, при што треба да се води грижа да бидат опфатени сите значајни објекти, кои имаат поголем број на корисници, како што се училишта, амбуланти, детски градинки и дуги јавни објекти.
-запознавање на жителите како и сите засегнати страни со резултатите од анализата.

3. Ако анализите на водата покажат дека истата не е безбедна запиење ЈП,,Водовод и канализација" е обврзан:
-веднаш да го прекине или ограничи испорачувањето на водата,
-да стави натпис ,,Водата не е за пиење",
-да ги извести потрошувачите на вода и да им издаде соодветни препораки и упатства,
-да ја детектира и утврди причината за загадувањето,
-да спроведе итни мерки за одстранување на загадувањето,
-доколку времето на прекинот во испорачувањето на вода за пиење е подолго од 24 часа, ЈП „Водовод и канализација" законски е обврзано да обезбеди снабдување со здрава и безбедна вода за пиење на друг начин (со цистерни и сл.).

Финасиските средства за спроведување на овие активности и законски обврски ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП „Водовод и канализација".

-Во руралниот дел во село Горно Оризари, кој не е опфатен со регионалниот градски водовод, во 2025 год, руралната заедница (месната заедница) ќе биде задолжена да врши испитување на водата за пиење и да преземе соодветни мерки доколку истата не е безбедна за пиење.

**2. ОПШТА МЕРКА**
**Одстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе се оневозможи загадување на човековата околина**

Одстранувањето на отпадните води е од големо значење за обезбедување на здрава животна средина, која нема да има опасност од појава на заразни болести.

Бидејки во општина Шуто Оризари нема пречистителни станици, одстранување на отпадните води во урбаниот дел се врши преку собирање и прочистување на истите во пречистителни станици, на ниво на градот Скопје со кои стопанисува ЈП,,Водовод и канализација".

**ЦЕЛ**
Заштита на населението и на животната средина со одстранување на отпадните води, согласно законските прописи.

**АКТИВНОСТИ**

Општината Шуто Оризари, во 2025 година ќе преземе активности за санирање на оштетени канализациони мрежи и шахти, согласно позитивните законски прописи и со засилен мониторинг ќе ги задолжи сопствениците на свој трошок да ги санираат истите.Во тек се активностите за трајно решавање на овој голем проблем, , во тек е барањето доставено до Град Скопје за доизградба на фекална канализација Ф400 мм по улицата Брсјачка буна и спојување со канализационата мрежа со село Горно Оризари.Според проектот, оваа фекална канализација која се надоврзува на градската еделумно изведена и остануваат уште околу 280 м1, за да се поврзи со фекална канализација Ф150-300 за село Горно Оризари со Крак 1 кој е изграден.Бидејки недостасуваат финансиски средсва за целосно завршување на оваа фекална канализациона мрежа, Општината Шуто Оризари ќе настојува и ќе аплицира за добивање на потребните финансиски средства од Европската банка за обнова и развој,преку Министерството за финанансии, преку Министерството за транспорт и врски на РМ и преку Фондот за неразвиени и рурални подрачја.

Граѓаните ќе се приклучуваат секундарно на оваа фекална канализација на сопствен трошок.Со ова трајно ќе биде надминато загадувањето од постоечката фекална канализација Ф200 која често пати се запушува и при поголеми дождови се излева и се меша со атмосверската вода.

**3.ОПШТА МЕРКА**
**Собирање и транспортирање на комуналниот смет на начин со кој ќе се оневозможи загадување на животната средина**

Собирањето и транспортирањето на комуналниот смет од домаќинствата во урбаниот дел на општина Шуто Оризари, го врши ЈП "Комунална хигиена", иистиот го транспопртира во депонијата ,,Дризла".Бидејќиво поедини тесни улици не може да влегуваат големи камиони, општина Шуто Оризари, се согласува да ги отстапи на времено користење своите два комунални камиони кои ќе помогнат за поуспешно секојдневно собирање на комуналниот отпад.Комунална хигиена моментално го собира комуналниот отпад со еден големи камион и со четири мали комунални камиони и не успева целосно да го собере истиот од целата населба.Поради тоа граѓаните го фрлаат комуналниот отпад во контењери и на јавни површини на кој се створаат мали локални депонии. Комуналниот отпад од контењерите секојдневно го собира ЈП,,Комунална хигиена "со голем камион, а малите депонии секојдневно ги подигаат вработени во општината со сопствено

мало комунално возило и го истураат во голем камион кој секојдневно се паркира кај претоварната рампа во месноста „Коњски рид".Јавната чистота во урбаниот дел и метењето на две поголеми улици ги извршува ЈП „Комунална хигиена" со свои вработени, а сите други улици ги чистат и одржуваат околу 40 работници, хонорарно вработени од страна на општината Шуто Оризари, на одредено време.Овие активности се предвидени да продолжат и во 2025 год. со подобрување на истите.

**ЦЕЛ**

Заштита на вработените во ЈП „Комунална хигиена" и на вработените работници што се ангажирани преку општината Шуто Оризари, кои со својата работа се изложени на опасност заради контакт со комунален смет и на населението, со што би се спречило настанување а потоа ширењена заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

-редовно обновување на опремата за работа (заштитни униформи, обувки,ракавици, заштитни маски, заштитни наочари, алат и сл.).
-задолжителна вакцинација (Активна имунизација против тетанус и црвен тифус-задолжително еднаш на три години).

**4.ОПШТА МЕРКА**
**Санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишта и детска градинка)**

Училиштата, детската градинка, амбулантата и административната општинска зграда се потенцијални жаришта на заразни болести, па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.

На територија на општина Шуто Оризари во нејзиниот урбан дел постојат две основни училишта: ОУ,,26-ти јули" и ОУ,,Браќа Рамиз и Хамит" и детска градинка ,,8-ми април" а во село Горно Оризари постои едно подрачно основно училиште „Браќа Рамиз и Хамит" и едно средно училиште ,,Јусуф Шаип'' во урбаниот дел, кое е во надлежност на градот Скопје.

**ЦЕЛ**

Одржување на беспрекорни санитарно-технички и хигиенски услови со цел спречување и настанување и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

-задолжително спроведување на мерките против пандемијата за КОВИД 19
-постојано одржување на хигиена во работните простории
-постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли -течен сапун во тоалетите и тоалетна хартија
-замена (каде што има потреба) на чучавци со WC шкопки
-зголемување на бројот на хигиеничари

**ЦЕЛ**

Следење на здравствената состојба на вработените и децата во горенаведените јавни установи, со цел спречување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливите групи, децата.

## АКТИВНОСТИ

Вршење на редовни здравствени и систематски прегледи на децата и на вработените во предходно споменатите јавни објекти, согласно законските прописи.

- Редовни годишни лекарски и санитарни прегледи на вработените во локалната самоуправа предвидени со програмата Е0 ставка 425 490 со предвидени средства **50.000,00** денари.

Финансиските средства за извршување на оваа цел и потребните активности, ќе ги обезбеди засебно секоја јавна институција од сопствениот буџет.

## ЦЕЛ

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во административната општинска зграда, училиштата и детската градинка со цел создавање на безбедна и здрава средина.

## АКТИВНОСТИ

Во административната општинска зграда, училиштата и детската градинка, задолжителна е первентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на секои 6 месеци (два пати во годината).Овие активности ги спроведува овластена установа за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и истата се врши пред почетокот на првото полугодие и пред почетокот на второто полугодие на школската година.

| Ред.бр. | Објект | Распоред на дезинфекција, дезинсекција и дератизација | |
|---|---|---|---|
| 1. | ОУ ,,26-ти јули” | 02.2025 год. | 09.2025 год. |
| 2. | ОУ „Браќа Рамиз и Хамид” | 02.2025 год. | 09.2025 год. |
| 3. | ПОУ ,,Браќа Рамиз и Хамид” | 02.2025 год. | 09.2025 год. |
| 4. | Детска градинка ,,8-ми април” | 02.2025 год. | 06.2025 год. |
| 5. | Административна општинска зграда | 02.2025 год. | 06.2025 год. |

• Лица во училиштата и во детската градинка, задолжени за спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација:

| Ред. број | Објект | Место | Одговорно лице | Работно место |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ,,Браќа Рамиз и Хамид” | Населба Шуто Оризари | Стојановски Ангеле | домаќин |
| 2. | ОУ,,26-ти јули” | Населба Шуто Оризари | Мухамед Алилов | домаќин |
| 3. | ПОУ,,Браќа Рамиз и Хамид” | Село Горно Оризари | Стојановски Ангеле | домаќин |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Детска градинка ,,8-ми април” | Населба Шуто Оризари | Рамче Амет | домаќин |
| `<br>5. | Административна општинска зграда | Населба Шуто Оризари | Фаик Сали | Ком.редар |

**4. ЦЕЛ**

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на возрасното население, децата, учениците и нивна имунизација.

**АКТИВНОСТИ**

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците, надлежна е подрачната амбуланта во населба Шуто Оризари.Истите се вршат според однапред изготвен распоред на амбулантата, за што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.За следење на забите на учениците, надлежна е исто така амбулантата во населба Шуто Оризари.

Обезбедување на превентивно-промотивни активности, за унапредување на здравјето на населението,промоција на здравјето и превенција од заразни болести,преку здравствена едукација на децата во основните училишта на територија на општина Шуто Оризари.

**АКТИВНОСТИ**

Работите од оваа проблематика се директно поврзани со состојби, кои би влијаеле (позитивно или негативно) на социјалната свера.

1.Здравствена едукација

2.Воспоставување на позитивни навики и обичаи, во врска со чување и унапредување на здравјето, при што учество ќе земат:
Единици на локална самоуправа, Јавна здравствена установа, Центар за јавно здравје, Урбани и месни заедници, Основни училишта, Невладини организации

3. Промоција на здравјето и превенција од заразни болести
Единици на локална самоуправа, Јавна здравствена установа, Центар за јавно здравје, Урбани и месни заедници, Основни училишта, Невладини организации.

4. Во 2025 година, советодавни и едукативни предавања во училиштата ќе се вршат и на други теми, согласно потребите и согласно можностите на Центар за јавно здравје Скопје, како што се темите дрога, алкохолизам и цигари, криминалитет и малолетничка деликвенција и др.

**5. ОПШТА МЕРКА**

## Вршење на превентивна дезинфекција и дератизација и други хигиенско техничкимерки на населени места и јавни површини

Јавните површини па и цели населени места, се исто така места на кои постои опасност од појава и ширење на заразни болести, како од комунален смет и излевање на фекални отпадни води, така и при наезда на инсекти и други други штетници, кои се преносители на заразни заболувања (комарци, глувци).

Чистењето на јавни површини од комунален смет во 2025 год. ќе се врши според Одлуката за комунален ред, според Програмата (Ј) за комунални работи и Програмата за управување со отпад, на општина Шуто Оризари, а согласно Законот за јавна чистота , Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина и природата.

Во случај на наезда од штетници и инсекти, општината во соработка со надлежниот Завод за здравствена заштита-Скопје и Градот Скопје, ќе преземе вонредни законски и заштитни мерки (дезинсекција.дератизација и дезинфекција) и ке ја изврши потребната вакцинација и заштита на населението за да не се појави епидемија кај истото.

После добивањето на известувањето за вакцинација ОУ се обврзани да ги преземат потребните активности.За таа цел, училиштата имаат назначено лице, кое по известувањето од надлежната здравствена установа, пристапува кон спроведување на истата.

Точните термини за вакцинација и систематски прегледи дополнително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

| Одделение | | Вакцина |
|---|---|---|
| I | R1MRP | |
| II | DiTe | Дифтерија, тетанус |
| II | Полио | Детска парализа |
| VI | HPV вакцина | Хуман папилома вирус |
| VII | HPV вакцина | Хуман папилома вирус |
| VIII | Вакцина DiTe, Polio | Дифтерија, тетанус, детска парализа |

За систематски преглед:

| Одделение |
|---|
| I |
| III |
| V |
| VII |

• Лица од училишта задолжени за организирање и спроведување на систематски прегледи и вакцинации:

| Основно училиште | Одговорно лице | Работно место |
|---|---|---|
| ,,26-ти јули” | Гордица Цветановска<br>Ѓукмен Исмаил | Педагог<br>Психолог |
| ,,Браќа Рамиз и Хамит” и ПОУ ,,Браќа Рамиз и Хамит” с.Горно Оризари | Валентина Златановска<br>Оливера Петрушевска | Педагог<br>Психолог |

Финансиски средства за извршување на овие активности се обезбедени од Министерството за здравство на РМ.

За вакцината провит COVID 19 ако е потребно накнадно, ќе биде изработен оперативен план.

## ЦЕЛ

Локалната самоуправа во соработка со другите надлежни институции, ќе води грижа за безбедноста на граѓаните и од овој вид на загрозување, со вршење на дезинсекција, дератизација и дезинфекција.

### ЦЕЛ

Уништување на штетници, кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

### АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА

1. Во соработка со Градот Скопје, ЈЗУ и Министерството за здравство ќе се врши, дезинсекција на населени места при појава на инсекти или опасност од заболувања, кои ги пренесуваат инсектите.

2. Дератизација на населбите, околините на населбите, складишта и други работни простории, при појава на епидемиолошки индикации и опасност од заболувања чии извори на зараза или преносители со глодари.(Два пати годишно ќе се изврши (пролетна и есенска дератизација) на сите 950 канализациони шахти со по три мамци на едно место и 100 кгр на локални депонии.

3. Подигнување на свеста на населението и постојана едукација за нивнатаулога во борбата против комарците, (флаери, медиуми, предавања и друг начин на информирање). Рок:во текот на целатагодина.

4. Теренска проценка и санитација на околината и елиминација на гнездата за размножување на локално (општинско), јавно земјиште, одстранување на стоечките води, бари, отворени и запуштени канали, диви депонии и места каде се собира атмосверската вода и се излева фекалната отпадна вода.Овие места можат да бидат потенцијални жаришта на заразни болести.Рок:во текот на целата година.

5.Евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали и диви депонии и доставување информација до ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје, за севкупната површина и достапност на потенцијалните места за размножување на комарците.
Рок:јануари-април.

6. Соработка со Град Скопје за Предлог програма за дезинсекција на ниво на град Скопје. Рок: пред усвојување на буџетот на град Скопје за наредната година.Ја изготвуваат надлежните служби на Град Скопје во соработка со општините.-

7. Ларвицидна дезинсекција. Рок: од март до септември еднаш месечно.

8. Адултицидна дезинсекција. Рок: од мај до септември еднаш месечно.

9.Дезинфекција и дезинсекција на административната општинска зграда, два пати годишно на крајот на месец мај и на крајот на месец септември и дератизација на истата два пати годишно, на пролет и есен со по три мамци на едно место.

### АКТИВНОСТИ НА ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ СКОПЈЕ,
### како надлежна институција за територијата што ја покрива:

1.Активно учествува и дава стручно-методолошка помош, во однос на точките 1,2,3 и 4.

2.Врши мониторинг на комарците (евиденција на присуство, бројот и видот на адултните комарци и нивните ларви, како и потенцијалните места за размножување на комарците и обезбедуваат вредни информации, кога, каде и кави превентивни мерки ќе се преземаат).

3.Зголемена активност и следење на состојбата на населението и преземање мерки против заразна жолтица, хитно реагирање на појави и симптоми при зголемена тенпература на поедини лица како первентива од болеста ебола и симптоми на нилска треска во соработка со градските и локалните здравствени центри.

**АКТИВНОСТИ НА ОВЛАСТЕНАТА СЛУЖБА ЗА ДДД, КОЈА ЌЕ ВРШИ ДЕЗИНСЕКЦИЈА:**

1.Ларвицидна дезинсекција согласно сопствениот Акционен план.

2.Адултицидна дезинсекција согласно сопствениот Акционен план.

3.Обезбедува мониторинг над текот на спроведувањето на активностите и над квалитетото на биолошките препарати, согласно сопствениот Акционен план.

За дезинфекција, дезинсекција и дератизација општина Шуто Оризари,според своите скромни финансиски можности, во својата Програма ( ј ) ставка 424230 за комунални дејности за 2025 година, има обезбедено финансиски средства од **75.000,00** денари. Вкупните финансиски средства за извршување на дезинсекцијата, зависат од површината која треба да биде опфатена, меѓутоа не треба да бидат повеќе од 15 денари од 1м$^2$, а дератизацијата не треба да биде повеќе од 50 денари од едно место.

**II.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Советот за јавно здравје на подрачјето на општина Шуто Оризари ќе се состои од пет члена, од кои четири члена ќе бидат од Советот на општината, а еден член ќе биде предложен од ЈЗУ Центар за јавно здравје, а ќе биде формиран со Одлука на Советот на општината.Советот за јавно здравје, во рамките на своите надлежности, ќе ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, ќе изготвува мислења и ќе дава иницијативи и предлози до органите на општината.

Градоначалникот на општина Шуто Оризари го следи реализирањето на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози, во врска со остварувањето и реализирањето на овие активности.

Бр: 08-1104/38
Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на Совет
на општина Шуто Оризари
с.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука за Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болети во Општина Шуто Оризари за 2025 година.**

1. Се прогласува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Шуто Оризари за 2025 година
2. Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се објави на Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/73
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), и член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за користење на службени мобилни телефони во општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр:08-1104/39
Дата:30.12.2024год.

**Претседател Совет на**
**општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), и член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38(триесет и осмата) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за користење на службени мобилни телефони**
**во општина Шуто Оризари**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се определуваат корисниците на службен мобилен телефон во општина Шуто Оризари, начинот на задолжување и користење, ограничувањата на сметката за користење, како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето утврдено со овој Правилник.

### Член 2

Службен мобилен телефон во смисла на овој правилник е мобилен телефонски апарат и/или претплатнички идентификационен модул, односно картичка на која е придружен мобилен телефонски број.

## КОРИСНИЦИ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СМЕТКАТА

**Член 3**

Право на користење на службен мобилен телефон во сопственост на  општина Шуто Оризари, со ограничување на висината на сметките до определен износ согласно тековната јавна набавка имаат:

- Градоначалникот на општината,
- Претседателот на Советот на општина Шуто Оризари и,
- Вработените во општинската администрација.

Корисниците од став 1 на овој член можат да бидат задолжени односно корисници само со еден службен телефон.

**Член 4**

Правото на користење на службени мобилн телефон се утврдува со овој Правилник.

Ограничување на висината на сметките до определен износ се утврдува врз основа на тековните јавни набавки.

Исклчокот ( правото на користње на службен мобилен телефон) од член 4 став 1 од овој правилник може да го одобри само Градоначалникот.

Трошоците на корисниците на службени мобилени телефони до утврдениот месечен износ ги сноси општина Шуто Оризари.

Надминување на дозволените ограничувања на висината на сметките кои ќе бидат утврдени одобрува Градоначалникот на општина Шуто Оризари кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

Секторот за правни, административни работи и локален економски развој се задолжува согласно пристигнатите сметки и фактури да ги конролира направените трошоци по основ на користење на службени мобилени телефони.

На корисниците на службени мобилени телефони кои го пречекориле дозволеното ограничување за потреби кои не се службени, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утвреното ограничување и висината на сметката, за што потпишуваат изјава за согласност.

## ЗАДОЛЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ

**Член 5**

Корисниците од член 3 на овој Правилник стекнуваат право на користење на службен мобилен телефон согласно овој Правилник и Одлуката на Советот на општина Шуто Оризари која е составен дел на овој Правилник.

Користењето на службен  мобилен телефон се остварува со претходно добиено лично задолжување (потпишување на реверс) согласно укажената потреба.

Реверсот од ставот 2 на овој член, ги содржи најмалку следните податоци:

- Податоци за вработениот;
- Име на уред;
- Број на модел;
- Број на СИМ картичка;
- Датум на задолжување.

Врз основа на потпичаниот реверс, на корисникот му се предава службен мобилен телефон

Корисниците на службени мобилени телефони се должни да се грижат за иститe секогаш да бидат во исправна состојба, а секоја промена или губење должни се да пријават во Секторот за правни, административни работи и локален економски развој.

Во случај на престанок на потребата за користење на службениот телефон корисникот е должен да го врати (уредот и СИМ картичката) при што ќе биде изготвен записник за примопредавање.

**РАСХОД И ОТУЃУВАЊЕ**

**Член 6**

По истекот на рокот предвиден за редовен отпис (амортизација), како и по основ на физичка или техничка дотраеност пред истекот на рокот предвиден за амортизација, службениот мобилен телефон може да се расходи.

Расходуваните службени мобилни телефони се оттуѓуваат по пат на уништување.

Градоначалникот по предлог на Комисија формирана од негова страна донесува одлука за расход и оттуѓување на службени мобилни телефони.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Измени и дополнување на овој Правилник ќе се врши од страна на Градоначалникот во писмена форма.

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Служебн гласник на општина Шуто Оризари.

Бр: 08-1104/39
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р.Сеад Исмаил**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за усвојување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр:09-1104/74
Дата:30.12.2024 год.

**Градоначалник**
**на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 36 став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02),  и член 36 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 08-1104/40
Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 36 став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), и член 36 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2025 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење и одржување на службените возила на општина Шуто Оризари, правата и обврските на корисниците и/или возачите на службените возила, овластените и одговорните лица, како и евиденција, чување, следење на техничката исправност, сервисирање и друго.

### Член 2

Службено возило во смисла на овој Правилник е секое моторно возило кое е во сопственост односно се користи во општина Шуто Оризари, а се користи за службените потреби на вработените.

Службените потреби во смисла на овој Правилник се дејствија што произлегуваат од надлежноста на локалната самоуправа.

Службените возила не смее да се користат за одење до и враќање од работа или за други приватни потреби.

Возниот парк на општина Шуто Оризари го сочинуваат, службените возила распоредени во седиштето на истата.

**ОДГОВОРНОСТИ, ОВЛАСТУВАЊА И ЕВИДЕНЦИЈА**

**Член 3**

Овој Правилник се однесува на правата и обврските на одговорното лице на возен парк, овластеното лице и корисникот на службеното возило.

Одговорно лице на возен парк е лицето задолжено за одржување на службените возила и за водење евиденција на возниот парк.

Овластено лице е лицето овластено од Градоначалникот за распределување на користење на службените возила и вршење контрола на работењето на одговорното лице.

Корисник на службено возило е службеното лице кое го управува службеното возило врз основа на издаден патен налог за патнички автомобил.

**Член 4**

Одговорното лице на возен парк е задолжено за:

- водење Табеларен преглед за службените возила со кои располага општина Шуто Оризари;
- водење Табеларен преглед за состојбата на возилата;
- одобрување редовни и вонредни сервиси и нивно евидентирање за секое возило поединечно;
- технички преглед и регистрација на возилата;
- водење сервисни книшки;
- води грижа за континуирано одржување, сервисирање и пријавување на дефект на службените возила;
- води евиденција во Матичен картон на службено возило и др.

Доколку во рамките на извршување на обврските од став (1) на овој член, одговорното лице на возен парк констатира дека има неправилности при користењето на службените возила, должно е веднаш за тоа писмено да го извести непосредно претпоставениот раководен службеник.

Евиденција за службените возила со кои располага општина Шуто Оризари се води во хартиена и електорнска форма.

**Член 5**

Табеларниот преглед за службените возила со кои располага општина Шуто Оризари, содржи податоци за:

- организационата единица во која се користи возилото;
- марка на возилото;
- година на производство;
- регистерски број;
- класификациона група во која е распоредено возилото и
- корисник кој е задолжен со возилото.

Формата и содржината на табеларниот преглед од став (1) на овој член се дадени во Прилог број 1, кој е составен дел на овој Правилник.

## Член 6

Табеларниот преглед за состојбата на службените возила се води поединечно за секое возило и содржи податоци за:

- марка и тип на возилото;
- регистерски број;
- година на производство;
- податоци за регистрација;
- број на мотор;
- број на шасија;
- димензии на гуми;
- сила на мотор;
- датум на сервисирање;
- сервисна организација;
- број на работен налог;
- опис на операцијата;
- назив на делот;
- количина и
- забелешка.

Формата и содржината на табеларниот преглед од став (1) на овој член се дадени во Прилог број 2 кој е составен дел на овој Правилник.

## ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

## Член 7

Службените возила се задолжуваат на личен реверс на вработените, а по претходно добиено писмено овластување за користење и управување со возилото, одобрено од Градоначаникот.

## Член 8

За службеното возило кое се користи во подрачјето на седиштето на државниот орган корисникот треба да има месечен патен налог, кој е даден во Прилог број 3 и е составен дел на овој Правилник.

Службеното возило за службен пат се користи ако корисникот има одобрен патен налог за службеното патување, кој е даден во Прилог број 4 и е составен дел на овој правилник.

За користење и управување на службеното возило се пополнува патен налог за патнички автомобил.

На почетокот на месецот овластеното лице задолжено за службеното возило ги пополнува податоците од патниот налог за тип и марка на возилото, регистерски број на возилото, овластено лице задолжено за службеното возило, податоци за техничка исправност на службеното возило и истиот го заверува со печат на општина Шуто Оризари.

Податоците за движење на возилото ги пополнува корисникот на службеното возило (датум, релација, време, помината километража, состојба на километража на броилото и потпис на корисникот).

По завршување на потребата од користење на службеното возило, корисникот на службеното возило пополнува податоци за часот на враќање, состојбата на километража и број на изминати километри.

## Член 9

Овластеното лице, води месечна евиденција на патните налози за патничките автомобили, која содржи податоци за користените службени возила, со ден и час на издавање и враќање на возилата и податоци за поминатите километри.

Одговорното лице на возен парк изготвува збирен извештај врз основа на месечната евиденција од став (1) на овој член.

## Член 10

Службеното возило може да се управува само доколку е технички исправно (регистрирано и е во исправна состојба за безбедно возење).

Службените возила можат да се користат и да се управуваат од страна на Градоначалникот на општина Шуто Оризари, Секретарот на општина Шуто Оризари како и вработените лица кои имаат важечка возачка дозвола за соодветна категорија на возилото, а на кои не им е изречена казна забрана за управување моторно возило.

Возилото се користи за локални потреби на организационата единица врз основа на патен налог за патнички автомобил одобрен од страна на овластеното лице.

Возилото се користи за службени потреби на организационата единица надвор од населеното место во кое се наоѓа организационата единица, врз основа на патен налог за патнички автомобил и патен налог за службено патување за корисникот на службеното возило, одобрени од страна на директорот или од страна на овластеното лице.

Корисниците на службените возила се должни рационално да ги користат возилата за службени потреби, со внимание на добар домаќин, внимателно да управуваат со возилата, придржувајќи се на техничките нормативи и прописи со кои се уредува јавниот сообраќај, да се грижат за хигиената во возилата и за исправноста на возилата.

Возилата можат да се користат само за службени потреби во смисла на превоз на Градоначалникот на општина Шуто Оризари, Секретарот на општина Шуто Оризари, вработените во општина Шуто Оризари до и од надлежната институција заради спроведување на службени активности во Република Северна Македонија и во странство, како и за извршување на секојдневни службени работи, предавање и разнесување на пошта, материјали и опрема, обуки, превезување на гости-делегации на општина Шуто Оризари (домашни или странски), учество на работни состаноци и други работи согласно со закон.

## Член 11

Во случај на потреба од користење на службеното возило за патување во странство, лицето кое ќе го управува службеното возило, должно е да го најави патувањето најмалку 48 часа пред тргнувањето кај одговорното лице, заради обезбедување зелен картон и полномошно за користење туѓо моторно возило и меѓународна дозвола за управување моторно возило. За користење службено возило во странство корисникот треба да има Решение за службено патување во странство и патен налог.

**Член 12**

Службените возила по правило се користат само во текот на работното време, со обврска возилата по користењето задолжително да се вратат во општина Шуто Оризари, до крајот на работното време, согласно со патниот налог за службено патување на корисникот.

Во исклучителни случаи, возилата можат да се користат за службени потреби подолго од работното време, а согласно со претходно одобрениот патен налог за службено патување од страна на Градоначалникот или од него овластеното лице. Во тој случај, во налогот се наведува временскиот период и причините за користење на возилото надвор од работното време.

По завршување на службеното патување, корисникот на службеното возило е должен патниот налог за патничкиот автомобил заедно со клучот да го достави до овластеното лице, односно одговорното лице на возен парк заради евиденција и контрола, а доколку враќањето е по завршување на работното време, клучот од службеното возило се остава на пријавница, при што чуварот го прибележува во книгата на пријавница (времето, регистарскиот број на возилото и име/презиме на корисникот кој го вратил клучот).

Корисникот го доставува Патниот налог за службеното патување преку архива до Секторот за правни, административни работи и локален економски развој заради оправдување на патните трошоци.

## СЛЕДЕЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 13**

Следењето на техничката исправност на службеното возило го врши одговорното лице при што користи Листа за проверка на службеното возило, која е дадена во Прилог број 5 и е составен дел на овој правилник.

Одговорното лице го проверува возилото пред неговата употреба, по претходно добиено известување од корисникот на службеното возило за периодот за кој службеното возило ќе се користи и доколку констатира одредени состојби кои упатуваат дека возилото не може да се користи, за истото го известува корисникот на службеното возило, односно овластеното лице од овој правилник.

**Член 14**

Одговорното лице води грижа за континуирано одржување на внатрешната и надворешната хигиена на возилото, а по потреба презема активности за одржување на хигиената при што истите ги носи на овластен сервис за перење на возила, а за извршената услуга, поднесува уредни и веродостојни сметководствени документи до соодветниот сектор за финансиски прашања.

Службените возила подлежат на редовен и вонреден сервис во зависност од потребата. За редовните сервиси, одговорното лице води евиденција во Картон на редовни сервиси, кој е даден во Прилог број 6 и е составен дел на овој Правилник.

Доколку се констатира одреден проблем на службеното возило, одговорното лице, го носи возилото во овластениот сервис/добавувач со кој општина Шуто Оризари склучила договор за одржување и сервисирање на возилата, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

За извршените сервиси на службеното возило одговорното лице води евиденција во Сервисен картон, кој е даден во Прилог број 7 и е составен дел на овој правилник.

Службеното возило кое е ново набавено и истото е се уште под гарантен рок, неговото сервисирање се врши од страна на правното лице од каде е набавено возилото или овластен сервис од него.

Одговорното лице најдоцна 15 дена пред и 15 дена по изминување на периодот за носење на зимска опрема, треба да организира промена на опремата на возилото од летен во зимски режим и обратно.

Секој корисник на службеното возило кој ќе забележи на службеното возило дефект, истиот го пријавува кај одговорното лице, кое е задолжено да изврши дијагностика на дефектот и во зависност од потребите ги презема потребните активности за сервисирање на возилото и информирање на раководното лице на општина Шуто Оризари или лице овластено од раководното лице на општина Шуто Оризари. За упатување на службеното возило на дијагностика на дефектот се изработува налог во два примерока, претходно одобрен од раководното лице на општина Шуто Оризари или од него овластено лице.

Доколку дефектот на службеното возило настане надвор од подрачјето на седиштето на општина Шуто Оризари корисникот на возилото го известува одговорното лице кое дава насоки за начинот на постапување.

Секоја поправка извршена на службеното возило кое е во сопственост, односно го користи општината, одговорното лице ја внесува во Матичниот картон на службеното возило, кој е даден во Прилог број 8 и е составен дел на овој Правилник.

## ОШТЕТУВАЊЕ ИЛИ КРАЖБА НА СЛУЖБЕНОТО ВОЗИЛО

### Член 15

Доколку при користење на службеното возило настане негово оштетување, корисникот на возилото го известува одговорното лице и во зависност од добиените насоки пристапува кон изработка на европски записник или повикува асистенција од надлежен орган за изготвување на записник, согласно закон.

Доколку при користење на службеното возило настане кражба на истото, корисникот на возилото веднаш го известува одговорното лице и во исто време во најблиската полициска станица ја пријавува кражбата.

## ТРОШОЦИ ЗА ГОРИВО, ПАТАРИНИ И ПАРКИРАЊЕ

### Член 16

При користење на службеното возило, корисникот на возилото користи бензин, нафта и/или нафтени деривати од правниот субјект со кој е склучен договор за јавна набавка на стоки за чие користење корисникот на возилото обезбедува уредни и веродостојни сметководствени документи и со истите во еден примерок од патниот налог се раздолжува кај секторот за финансиски прашања.

Уредните сметководствени документи (приложената сметка и фискалната сметка) претходно се одобруваат од овластеното и одговорното лице од овој Правилник.

## ОДГОВОРНОСТ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА

**Член 17**

Неовластено користење на возилото и непочитување на одредбите од овој Правилник повлекува дисциплинска одговорност.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на општина Шуто Оризарина од 2024 година.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на Службен гласник на општина Шуто Оризари.

Бр: 08-1104/40
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

**Прилог број 1**

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА СО КОИ РАСПОЛАГА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

| Организациона единица во која се користи возилото | Марка на возило | Година на производство | Регистерски број | Класификациона група во која е распоредено возилото | Корисник кој е задолжен со возилото |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**Прилог број 2**

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛОТО**

Марка на возилото _____ _______ Регистерски број _______________ Датум на регистрирање на возилото ___________________

| Датум на сервисирање на возилото | Поправки, заменети дотраени делови | Поминати километри (ажурирања на месечно ниво) | Просечна потрошувачка на гориво | Статус на возилото (возна состојба) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Прилог број 3- Месечен налог за користење патничко моторно возило/ службено возило страна 1

Општина Шуто Оризари Скопје ……/……. / год.

Месец за евиденција

**Сектор: ________________________________**

(Име и презиме на корисникот на возилото)

(Работно место- положба, звање)

Месечен налог за користење на службено возило

| Датум | Име и презиме на возачот на возилото | Правец на возење | | Автомобил: | | | Вид на службена работа | Време на | | Број на километри | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Од: | До: | марка | вид | рег. број | | поаѓање | враќање | пред | по | поминати |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

Заверува/одобрува

.......................................          .......................................          ...............................

(Потпис на возачот)          (потпис на корисникот)          (овластено лице)

Прилог број 4 - Налог за службено патување со патничко моторно возило/ службено возило

Општина Шуто Оризари | Скопје | ...../....... / год.

(назив на државниот орган)

Сектор: _ | реден број на евиденција

Налог за службено патување со патничко моторно возило/ службено возило

(Име и презиме на корисникот на возилото) | работно место- положба, звање

од _____ до ________

(назив на возилото) | (регистерски број) | (место на поаѓање) | (место на определување)

(опис на работата- службено дејствие што се врши)

Време на поаѓање | Време на враќање

Состојба на броилото при поаѓање

Состојба на броилото при враќање

Број на поминати километри

Заверува/одобрува,

потпис на возачот

потпис на корисникот

(овластено лице)

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Листа на проверка на моторно возило | | | | | | | | | |
| | | | | | | | Регистерски број: | | |
| Дата | Презиме и име на возач | Каросерија дата | Ентериер дата | Вода / антиф. датум | Масло/кило метража | Акумулатор дата | Кочници дата | Ел.сигнализ. дата | Забелешка |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

**Прилог број 6 – Картон за редовни сервиси на патнички моторни возила/службено возило**

| ЛИСТА НА РЕДОВНИ СЕРВИСИ | | | | | ................... год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Марка на возило | Регистерски број | Датум на I сервис/(км) | Забелешка | Планиран сервис | Забелешка |
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |
| 7 | | | | | | |
| 8 | | | | | | |
| 9 | | | | | | |
| 10 | | | | | | |

Одговорно лице
.......................................
(Име и презиме)

**Прилог број 7 – Сервисен картон за тековно одржување на патнички моторни возила/ службено возило**

<table>
<tr><td colspan="4">СЕРВИСЕН КАРТОН<br>за тековно одржување на возило</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Марка и тип на возило:</td><td rowspan="2"></td><td rowspan="2">Број на мотор:</td><td></td></tr>
<tr><td>(промена)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Регистерски број:</td><td rowspan="2"></td><td rowspan="2">Број на шасија</td><td></td></tr>
<tr><td>(промена)</td></tr>
<tr><td>Година на производство:</td><td></td><td>Димензии на гуми</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">Забелешка:</td></tr>
</table>

| Датум | Поминати (км) | Гориво (л) | Масло (л) | Подмачкување (л) | Масло за хидроулички систем (л) | Течност за кочници (л) | Антифриз (л) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**Прилог број 8 – Матичен картон на патничко моторно возило/ службено возило**

| МАТИЧЕН КАРТОН НА ВОЗИЛО | | | |
|---|---|---|---|
| Марка и тип на возило: | | Број на мотор: | <br>(промена) |
| Регистерски број: | | Број на шасија: | <br>(промена) |
| Година на производство: | | Димензии на гуми: | |
| Податоци за регистрација: | | Сила на моторот/ зафатнина | |
| Забелешка: | | | |

| Датум | Сервисна организација | Работен налог бр. | Опис на операцијата | Назив на делот | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлуката за усвојување на Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за усвојување на Правилникот за начинот на користење и одржување на службените возила на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/75
Дата: 30.12.2024 год.

**Градоначалник**
**на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 62, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 5/2002), член 36, став 1, точка 4 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програмата**
**за работа на Советот на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр:08-1104/57
Дата:30.12.2024 год.

**Претседател на Совет**
**на општина Шуто Оризари**
**с.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 62, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 5/2002), член 36, став 1, точка 4 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**

**за работа на Советот на општина Шуто Оризари за 2025 година**

## I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на РСМ, Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот донесува Програма за работа за 2025 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со Градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, невладиниот сектор како и со други органи и организации.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2025 година согласно надлежностите на Советот. Програмата овозможува транспарентност во работата на општината и е отворена за постојано проширување и дополнување, согласно на укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет.

## II.ПОСЕБЕН ДЕЛ

1. **Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари за 2024 година**.
   **Предлагач:** Претседател на Совет на општина Шуто Оризари.
   **Изготвувач:** Одделение за правни, административни работи и локален економски развој.
   **Образложение:** Основ за изработка на Прогрмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари, е појдновниот законик како и законски регулативи и насоки, кој се од надлежност на Советот. Програмата се носи за период од една календарска година по предлог на Претседателот на Советот на општина Шуто Оризари, истата согласно законските насоки може да се измени и дополни во текот на календарската година 2025.
2. **Утврдување на благајнички максимум за 2025 година.**
   **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
   **Изготвувач:** Одделение за финансии.
   **Образложение:** Основ за утврдување на благајничкиот максимум е врз основа на законски насоки и, со истото се утврдува највисокиот износ на парични средства кои можат да се чуваат во благајна на општина Шуто Оризари во текот на календарската година 2025.
3. **Годишен извештај на општина Шуто Оризари за 2024 година.**
   **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
   **Изготвувач:** Одделение за финансии.
   **Образложение:** Основ за годишниот извешај представува Завршната сметка за 2024 година, Извештајот за побарувањата и обврските, средства како и изворите на средства на општина Шуто Оризари во текот на 2024 година, како и Извештајот за реализацијна Блок дотациите на општина Шуто Оризари за 2024 година, и истите се изарботуваат согласно законските насоки и начела.
4. **Годишен извештај за реализација на Програмата – Ф урбано планирање на општина Шуто Оризари – 2024 година со подпрограми:**
   - **Ф10 – урбанистичко планирање и,**
   - **ФА0 – уредување на градежното земјиште ( капитални расходи ).**

   **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
   **Изготвувач:** Одделение за урбанизам и заштита на животна средина.
   **Образложение:** Основ за годишниот извешај представуваат планираните како и реализираните активности од Програмата – Ф, истовремено извештајот представува и дел од Кварталните извештаи на општина Шуто Оризари, кои во текот на годината се разгледуваат на секое тромесечие, во текот на календарската година.
5. **Извештај за реализација на Програма – Ј комунални дејности на општина Шуто Оризари за 2024 година, со подпрограми:**
   - **Ј00 – Оддржување на урбана опрема;**
   - **ЈН0 – Урбана опрема ( капитални расходи );**
   - **Ј30 – Јавно осветлување;**
   - **ЈА0 – Изградба на јавно осветлување;**
   - **Ј40 – Јавна чистота;**
   - **ЈК0 – Јавна чистота ( капитални расходи );**

- **Ј60 – Оддржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим во сообраќајот;**
- **Ј70 – Оддржување и користење на паркови и зеленило;**
- **ЈМ0 – Паркови и зеленило ( капитални расходи );**
- **Ј80 – Други комунални услуги.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.

**Образложение:** Основ за годишниот извешај представуваат планираните како и реализираните активности од Програмата – Ј, истовремено извештајот представува и дел од Кварталните извештаи на општина Шуто Оризари, кои во текот на годината се разгледуваат на секое тромесечие, во текот на календарската година.

6. **Извештај за реализација на Програмата – В социјална заштита и заштита на деца за 2024 година, со подпрограма:**
- **В10 – детски градинки.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.

**Образложение:** Основ за годишниот извешај представуваат планираните како и реализираните активности од Програмата – В10, истовремено извештајот представува и дел од Кварталните извештаи на општина Шуто Оризари, кои во текот на годината се разгледуваат на секое тромесечие, во текот на календарската година.

7. **Извештај за реализација на Програмата – К култура на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2024 година, со подпрограма:**
- **КА0 – културни манифестации и творештво.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.

**Образложение:** Основ за годишниот извешај представуваат планираните како и реализираните активности од Програмата – КА0, истовремено извештајот представува и дел од Кварталните извештаи на општина Шуто Оризари, кои во текот на годината се разгледуваат на секое тромесечие, во текот на календарската година.

8. **Извештај за реализација на Програмата – Н образование на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2024 година, со подпрограми:**
- **Н10 – основно образование;**
- **НА0 – образование (капитални расходи).**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.

**Образложение:** Основ за годишниот извешај представуваат планираните како и реализираните активности од Програмата – Н, истовремено извештајот представува и дел од Кварталните извештаи на општина Шуто Оризари, кои во текот на годината се разгледуваат на секое тромесечие, во текот на календарската година.

9. **Годишен извештај за користење на средства од резервите на општина Шуто Оризари во 2024 година.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Одделние за финансии.

**Образложение:** Основ за годишниот извешај представува Законот за буџетите, и во истиот ќе бидат презентирани планираните како и реализираните средства од резервите на Буџетот на општина Шуто Оризари во 2024 година.

10. **Буџетски календар на општина Шуто Оризари за 2025 година.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Одделние за финансии.

**Образложение:** Буџетскиот календар представува законска обврска, врз основ на законските насоки и начела од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, во истиот се соддржани активностите какои роковите за подготовка на Буџетот на општина Шуто Оризари во 2025 година.

11. **Годишни планови за работа на Основните училишта за 2025/2026 од општина Шуто Оризари.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.

**Изготвувач:** Училиштата ( училишни одбори ).

**Образложение:** Годишните планови за работа на основните училишта се носат согласно законските насоки и начела, во истите се разработени концепти за работа согласно правилници за работа, на основните училишта на територијата на општина Шуто Оризари.

12. **Годишни извештаи за работа на Основните училишта за 2024/2025 од опшѕина Шуто Оризари.**
    **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
    **Изготвувач:** Училишта ( училишниодбори ).
    **Образложение:** Годишните извештаи за работа на основните училишта се носат согласно законските насоки и начела, во истите се разработени концепти за работа согласно правилници за работа, на основните училишта на територијата на општина Шуто Оризари.
13. **Годишни планови за работа на јавни детски установи за деца – детски градинки за 2025/2026 од општина Шуто Оризари.**
    **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
    **Изготвувач:** Градинки ( управни одбори ).
    **Образложение:** Годишните планови за работа на детските градинки се носат согласно законските насоки и начела, во истите се разработени концепти за работа согласно правилници за работа, на детските градинки на територијата на општина Шуто Оризари.
14. **Годишни извештаи за работа на јавни детски установи за деца – детски градинки за 2024/2025 од општина Шуто Оризари.**
    **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
    **Изготвувач:** Градинки ( управни одбори ).
    **Образложение:** Годишните извештаи за работа на детските градинки се носат согласно законските насоки и начела, во истите се разработени концепти за работа согласно правилници за работа, на детските градинки на територијата на општина Шуто Оризари.
15. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година, односно:**
    - **К1 – Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Шуто Оризари.**
    - **К2 – Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски.**
    - **К3 – Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на оштините и јавните претпријатија основани од општините.**

    **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
    **Изготвувач:** Одделение за финасии.
    **Образложение:** Кварталните извештаи се изработуваат согласно законските насоки и начела од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, истите се изработуваат по завршување на секое тромесечие во текот на календарската година.
16. **Буџет на општина Шуто Оризари за 2025 година.**
    **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
    **Изготвувач:** Одделение за финасии.
    **Образложение:** Буџетот се изработува согласно законските насоки и начела од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа како и Законот за буџетите.
17. **Годишна Програма – Ф урбано планирање на општина Шуто Оризари – 2025 година со подпрограми:**
    - **Ф10 – урбанистичко планирање и,**
    - **ФА0 – уредување на градежното земјиште ( капитални расходи ).**

    **Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
    **Изготвувач:** Одделение за урбанизам и заштита на животна средина.
    **Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат планираните активности од Програмата – Ф, во текот на календарската година, од делокругот на урбанистичкото планирање како и уредување на градежното земјиште.
18. **Годишна Програма – Ј комунални дејности на општина Шуто Оризари за 2025 година, со подпрограми:**
    - **Ј00 – Оддржување на урбана опрема;**
    - **ЈН0 – Урбана опрема ( капитални расходи );**
    - **Ј30 – Јавно осветлување;**
    - **ЈА0 – Изградба на јавно осветлување;**
    - **Ј40 – Јавна чистота;**
    - **ЈК0 – Јавна чистота ( капитални расходи );**

- **Ј60 – Оддржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим во сообраќајот;**
- **Ј70 – Оддржување и користење на паркови и зеленило;**
- **ЈМ0 – Паркови и зеленило ( капитални расходи );**
- **Ј80 – Други комунални услуги.**

**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат планираните активности од Програмата – Ј, во текот на календарската година, од делокругот на комуналните дејности.

19. **Годишна Програма за работа на Советот на млади од општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од Законот за млади, каде во истата таксативно се наброени активности со млади од општина Шуто Оризари.
20. **Годишна Програма за социјална заштита во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од социјална заштита, каде во истата таксативно се наброени активности со социјално ранливи категории на жители како и целокупното население од општина Шуто Оризари.
21. **Годишна Програма за работа на Комисијата за еднакви можности на мажи и жени за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за поголема застапенот како и правична застапеност, во сите сфери на делување на мажите и жените од општина Шуто Оризари.
22. **Годишна Програма за Спрот во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности од спортскиот и рекреативниот домен во општина Шуто Оризари.
23. **Годишна Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за контрола на бездомните кучиња на територијата на општина Шуто Оризари.
24. **Годишна Програма за локален економски развој во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за целокупен раст и развој на општина Шуто Оризари.
25. **Оперативен план за зимско оддржување на локални улици, тротоари и други јавни површини кои се во надлежност на општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа претставуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за зимско оддржување на локални улици, тротоари и други јавни површини на територијата на општина Шуто Оризари.
26. **Годишна Програма за работа на овластен градежен инспектор во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за работата на овластениот градежен инспектор во општина Шуто Оризари.

27. **Годишна Програма – РА заштита на животната средина во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за заштита на животната средина во општина Шуто Оризари.
28. **Годишна Програма за управување со отпад на територијата на општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за управување со отпад на територијата на општина Шуто Оризари.
29. **Годишна Програма за активностите на општина Шуто Оризари во областа на заштита и спасување, против пожарната заштита и управување со кризи во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за соодветна заштита и спасување како и управување со кризи во општина Шуто Оризари.
30. **Годишна Програма за работа на Одделението за комунална инспекција, инспекција за заштита на животна средина и Одделенито за комунални редари на општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за комунална испекција, инспекција за заштита на животна средина како и работата на комуналните редари во општина Шуто Оризари.
31. **Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на територијата на општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Одделение за комунални дејности.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се наброени активности за соодветна и ефективна заштита при природни непогоди односно одбрана од поплави во општина Шуто Оризари.
32. **Годишен план за вработување во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата се прикажани планирани вработувања, пензионирања како и унапредувања на административни службеници во општина Шуто Оризари.
33. **Годишна Програма за генерички обуки на административните слуижбеници во општина Шуто Оризари за 2025 година.**
**Предлагач:** Градоначалник на општина Шуто Оризари.
**Изготвувач:** Сектор за правни, административни работи и локален економски развој.
**Образложение:** Основ за годишната програма за работа представуваат законските насоки и начела од надлежниот законик, каде во истата таксативно се прикажани генерички обуки согласно законските насоки за секој административен службеник во општина Шуто Оризари.

## III. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2025 година. Советот ќе донесува

нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период, како и нормативни акти што треба да се донесат од страна на Советот врз основа на прописите, во текот на 2025 година.

**IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари се задолжуваат предлагачите и изготвувачите да се придржуваат на роковите утврдени со програмата. Во текот на 2025 година Советот на општината ќе ги разгледа и сите тековни прашања што спаѓаат во негова надлежност согласно член 36 од Законот за Локална самоуправа.

Извршувањето на Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари ќе зависи од законските и пред се од финансиските предуслови на општината и на другите субјекти со кои се поврзани зацртаните активности од истата.

Бр: 08-1104/57
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 62, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 5/2002) и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на Советот на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/77
Дата:30.12.2024 год.

**Градоначалник**
**на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 22 став 1, точка 13, и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програмата**
**за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр:08-1104/41
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 22 став 1, точка 13, и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари за 2025 година**

## ВОВЕД

Појдовна основа на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари.

Како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди.

Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, отчетноста и транспарентноста во работењето, Советот на општина Шуто Оризари усвојува Програма за активностите на општина Шуто Оризари во областа на комуникацијата со јавноста и промоција на Општина Шуто Оризари.

Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположивите капацитети на овој план.

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите на Општината, како и подготовка на неопходен промотивен материјал за граѓаните.

Општина Шуто Оризари активно е вклучена и во Мрежата за односи со јавност на ЗЕЛС од каде се добива максимална поддршка во работата на ова поле, соодветни обуки и учество на работилници со цел надградба на капацитетите.

Успешните практики на планот на комуникацијата со јавноста, како и лоцирањето на критичните точки, каде е неопходна интервенција, налагаат усовршување на Програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности. Воедно, тековниот процес на стандардизација и воведувањето на стандардот за квалитет ИСО 9001-2015 во работењето на општинската администрација, значително ќе помогне во детектирање на „тесните грла“ во работењето и во внатрешната комуникација што, очекувано, ќе има позитивно влијание во остварување на крајната цел - подобрена транспарентност и отчетност на Општина Шуто Оризари.

Токму поради комплексната природа на активностите во областа на односите со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства.

## ОПРАВДАНОСТ / ЗАКОНСКА ОСНОВА

Програмата за комуникација претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Обврската на Општина Шуто Оризари за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и други.

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИЦИРАЊЕ СО ЈАВНОСТА

Комуникација со јавноста заснована на активна транспарентност.

Активната транспарентност- подразбира објавување информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап.

Проактивното објавување информации опфаќа обелоденување на:

- Информации за регулативата и за одлуките на властите со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- Информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
- Информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
- Информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни и да се ажурираат редовно.Со објавување информации на проактивна основа, Општина Шуто Оризари ќе остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ќе помага за поодговорно трошење на јавните пари;
- ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет;
- институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подобро ќе управува со информациите со кои што располага.
- се дава придонес во борбата со лажните вести- вистинска и точна информација наспроти лажните и непроверени информации;
- отворено се поддржува борбата против корупцијата.

Активната транспаретност подразбира едноставен и брз пристап до информации од Општина Шуто Оризари:

- на веб-страницата да има посебен оддел за пристап до информации, кој ќе се наоѓа на основното мени, на почетната страница;
- на веб-страницата да има објавена листа на информации со кои располага институцијата;
- да се објавуваат прописи кои се однесуваат на надлежноста на Општината како имател на информации;
- да се објавуваат предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др.слични документи од надлежноста на Општината;

Општината да објавува информации за своите надлежности;

- да е објавен Статутот на Општината.

Активната транспаретност подразбира пристап до информации за надлежноста и за услугите на Општината. Тоа значи објавување на:

- службени гласници на Општината;
- дневните редови за седниците на Советот на Општината;
- одлуките на Советот на Општината;
- услугите што ги дава Општината;
- организациската структура (шема, органограм) на Општината;
- имињата на вработените/раководителите (со контакти);
- решенија во управна постапка;
- информативен билтен или друг облик на информирање.

Буџетска и финансиска транспарентност се постигнува со објавување на:
- Буџетот на Општината;
- буџетски календар;
- завршна сметка на Буџетот;
- квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;
- граѓански буџет;
- огласи за јавни набавки;
- тендерски документации за огласите;
- годишен план за јавни набавки за претстојната година;
- известувања за склучени договори од јавни набавки.

Активната транспаретност, значи лесен и едноставен пристап до информации за специфичните надлежности на општините што значи објавување информации за:
- работата на органите на Општината, комисиите на Советот и јавните служби и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината;
- ГУП и ДУП-ови;
- урбанистичкото планирање (одобренија за градба);
- заштита на животната средина;
- локалниот економски развој;
- комуналните дејности;
- културата;
- спортот и рекреацијата;
- социјална заштита и заштита на деца;
- образованието;
- здравствената заштита;
- мерките за заштита и спасување на граѓаните;
- противпожарната заштита;
- надзорот на вршењето на работите од надлежност на Општината;
- стапката на данокот на имот што ја пропишува Општината;
- надоместокот за уредување градежно земјиште;
- еднакви можности на жените и мажите.

Комуникацијата со јавноста што ќе ја спроведува Општина Шуто Оризари е составен дел од сите активности на Општината:
- Процесот на комуникација е јасен и разбирлив;
- Комуникацијата е навремена;
- Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
- Информациите се вистинити и достапни до сите;
- Комуникацијата е двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел:
- Одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

Специфични цели:

Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината:
- Двонасочна комуникација -поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
- Обезбедување комуникација и распространување на информациите за посебни целни групи;

- Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност;
- Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината.
- Комуницирањето во улога на промоција на Општина Шуто Оризари и нејзино активно вклучување во реализација на кампањи со цел подигање на јавната свест кај граѓаните за поедини прашања во општеството.

**АКТИВНОСТИ**

За остварување на специфичната цел 1:

- Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината, ќе се преземат следниве активности:
    - Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на Општината (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното, за работата на Советот и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година.
    - Редовно собирање мислења и впечатоци од целните јавности и анализа на податоците со цел подобрување на услугите и работата на општинската администрација.

За остварување на специфичната цел 2:

- Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење углед на отворена општина, ќе се преземат следниве активности:
    - Поттикнување на граѓаните за учество во креирањето на Буџетот - значи навремено информирање, заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните и урбаните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините.
    - Поттикнување на поголема вклученост на граѓаните во донесување стратешки документи – ваквата активност дава простор за демократизација, чувство на граѓаните дека се активен сегмент во општествените процеси со право и можност да влијаат при создавањето на суштинските документи, програми, планови, одлуки. Информациите во форма на повици ќе бидат упатувани пред процесите на креирање.
    - Поттикнување поголемо учество на граѓаните на манифестациите од заеднички интерес - комуницирањето со повеќе целни групи ќе се одвива преку кампањи за манифестациите кои временски треба да започнат 30 дена пред почетокот на манифестациите.

За остварување на специфичната цел 3:

- Обезбедување комуникација и распространување на информациите по мерка на посебните целни групи, ќе се преземат следниве активности:
    - Општината секогаш ќе ги зема предвид спецификите на секоја од целните јавности: навиките на информирање, јазикот и начинот на обраќање, потребите и интересите и сл.
    - Подигање на свеста и информирање на граѓаните за даночните обврски кон Општината – ваквата активност значи редовно информирање за начинот на остварување на сопствените приходи на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за плаќање на обврските. Пренесувањето на овие информации ќе се врши со помош на електронските алатки и наменски информативни летоци. Во соработка со донатори, Општина Шуто Оризари планира инсталирање посебен софтвер за е-даноци со што значително ќе се зајакне даночната транспарентност.
    - Одржување информативни средби со посебни целни групи – опфаќа директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, хендикепирани лица, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. Временската реализација се одредува по потреба, а за дел од нив е постојана – секојдневна.
    - Зголемување на информираноста на граѓаните од руралните и урбаните средини преку подобрување на директната комуникација

За остварување на целта - Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност, ќе се преземат следниве активности:

- Редовно информирање на внатрешната јавност за случувањата во Општината. Комуницирањето внатре, во Единицата на локалната самоуправа, по хоризонтала и по вертикала ќе биде секојдневно, по одредени или пропишани постапки и процедури, а во најголема мерка со помош на електронски алатки или директна комуникација и одржување стручни колегиуми.
- Стандардизација на квалитетот на услугите ИСО 9001-2015- Со имплементирањето на меѓународниот ИСО– стандард во работењето на Општината, ќе се овозможи создавање современа инфраструктура и ефикасни јавни услуги за потребите на јавниот и приватниот сектор. Имплементирање на ISO 9001:2015 во работењето на Општина Шуто Оризари ќе овозможи идентификување и навремено реализирање на потребите и очекувањата на граѓаните, со што на ефективен и ефикасен начин се реализираат, одржуваат и подобруваат општите перформанси и можности за одржлив развој на Општината. Истовремено, ќе се овозможи зајакнување и промовирање на релациите на партнерства меѓу јавниот и приватниот сектор, искористување на локалните ресурси, како и развивање на образованието, културата, спортот и заштитата на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во Општината.

За остварување на специфичната цел 5: Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината, ќе се преземат следниве активности:

- Подигање на капацитетот за комуницирање; Општината ги сервисира информациите и ги прави јавни и има редовна комуникација.
- Унапредување и следење на квалитетот на средствата за комуникација.
- Развивање механизми и алатки за двонасочна комуникација

За остварување на специфичната цел бр.6. која се однесува на промоција на Општина Шуто Оризари, односно промоција во севкупна смисла на надлежностите на ЕЛС. Целта на оваа Програма е да обезбеди плански пристап во организирањето и спроведувањето кампањи за промоција на Општина Шуто Оризари во текот на 2025 година.

Секоја кампања, поради природата на проблемот или темата што ја третира, бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за Општината и услугите со кои Општината може да им помогне.

Вклучувањето на промоцијата во буџетското планирање, овозможува достигнување конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање брошури чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалната заедница.

Промоцијата, исто така, овозможува интензивна соработка и размена на идеи со бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор што е уште една придобивка за Општина Шуто Оризари.

## VI ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Шуто Оризари /електронска верзија -извештај за работата на Општината- транспарентност и отчетност.

Активности за јакнење на волонтеризмот- како форма со која се поттикнува волонтеризмот кај младите за реализација на активности (за разубавување на Општината, санирање на оштетена урбана опрема, бојадисување огради, клупи и сл.) со цел секој да даде свој придонес во зачувување на јавното добро и да се промовира општествена одговорност.

Промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на урбанизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, заштитата на животната средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, работата на Советот на Општината и сл. Активностите планирани во овој дел ќе се реализираат во текот на целата календарска година.

Промотивни активности за поголема безбедност во сообраќајот-преку предвидени кампањи на ОСБСП Скопје. Планирани се соопштенија, прес-конференции, изработка на флаери и др. промотивен материјал. Целта е да се подигне јавната свест во делот на безбедното и одговорно учество во сообраќајот.

Организирање промотивен настан Бизнис-форум- презентација на потенцијалите за развој на Општина Шуто Оризари пред бизнис-заедницата од Шуто Оризари, но и од цела држава, како и од соседните држави,

иселениците и сл. За таа цел ќе се изработи промотивен материјал, исто така, ќе се одржат и прес-конференции, јавноста ќе се анимира и со давање изјави и со соопштенија до медиумите и на општинската веб-страница.

Активности поврзани со буџетската транспарентнот- Организација на форуми на граѓаните за изработка на Буџетот на Општина Шуто Оризари. Подготовка на пропаганден материјал, прес-конференции, соопштенија, изработка на граѓански буџет и негово популаризирање во медиумите и на општинската веб-страница. Објавување на сите буџетски документи на веб-страницата, отчети за работата и сл. Активностите ќе се реализираат во текот на целата година.

Промоција на активностите за родова еднаквост на Општина Шуто Оризари. Организирање прес-конференции, изјави, информации, соопштенија, трибини, јавни дебати и користење други медиумски алатки со цел информирање на јавноста за значењето на родовата еднаквост, теми:

- Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;
- Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница;
- Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите
- Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство
- Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- Промоција на активностите на Советот на млади на Општина Шуто Оризари.

Треба да се има предвид дека листата на активности сублимирани во поимот „промоција" зависат од многу фактори, како на пример, од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на Програмата.
Овој дел од Програмата ќе се работи во партнерство со други локални институции, бзинис-секторот и НВО-секторот.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

**Граѓаните на Општина Шуто Оризари;**
**Урбани и месни заедници;**
**Медиуми (локални, регионални и национални);**
**Бизнис-заедница;**
**Општинска администрација;**
**Земјоделци;**
**Потенцијални инвеститори;**
**Туристички организации;**
**Невработени;**
**Граѓански сектор;**
**Студенти и ученици;**
**Донатори;**
**Маргинализирани групи;**
**Институции;**
**Пошироката јавност и др.**

## КАНАЛИ И АЛАТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Со цел да оствари редовна и непречена комуникација, Општина Шуто Оризари во 2025 година, а во време на дигитална ера, ќе се фокусира на новите, современи електронски средства за информирање, кои се покажуваат како моќни и поекономични алатки за пренесување на информациите.

Со оглед на разновидноста на целните групи, Општина Шуто Оризари ќе ги користи и основните, веќе постојни канали за комуникација:

## ТРАДИЦИОНАЛНИ И НОВИ МЕДИУМИ

Општина Шуто Оризари како свои канали за комуникација ќе ги користи локалните и регионални медиуми, дописниците на националните медиуми, медиумите што ја покриваат териоторијата на целата држава (телевизии и радиостаници со национална концесија, дневни весници, магазини и др.), информативни портали, социјални мрежи и др.

Како алатки за комуникација со новинарите и медиумите ќе користи: прес- конференции, изјави, соопштенија, интервјуа и гостувања во емисии, посети на новинари, брифинзи за новинари, огласување, снимки од седниците на Советот на Општина Шуто Оризари.

Печатени материјали: општински весник, отчет, публикации, извештаи, летоци, брошури, плакати.

Електронски средства: веб-страница на Општина Шуто Оризари, фејсбук-страница и фејсбук-профил на Општината, е-пошта или е-известувања, е-изданија.

Директни контакти: средби и состаноци со градоначалникот и општинската администрација, јавни расправи, собири (преку месните и урбаните заедници), дебати, настани (свечености).

Други канали: огласна табла, сандаче за поплаки, пофалби и предлози, промотивни материјали.

За остварување на внатрешната комуникација ќе се користи:

- Лична комуникација: колегиуми, состаноци на ниво на сектори и одделенија, состаноци меѓу сектори и одделенија, состаноци ‘еден на еден’, друштвени собири (забави, прослави, награди и признанија и сл.), состаноци на сите вработени;
- Писмена комуникација: општинско гласило, огласна табла;
- Електронска пошта;
- Споделени ресурси на интерна мрежа.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За активностите за реализација на Програмата за промоција и комуникација во 2025 година се планирани финансиски средства од програмите во Буџетот на Општина Шуто Оризари.

За спроведување на Програмата ќе се искористат расположливите човечки и технички ресурси, средства од донатори, НВО-секторот, институции и сл. Сепак, за одредени активности во насока на унапредување на досегашната комуникација ќе биде потребно да се алоцираат и ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| **Реден број** | **Активности** | **Планирани средства во денари** |
|---|---|---|
| 1. | Трошоци за обезбедување опрема (камера и др. помагала) | 50.000,00 |
| 2. | Печатење материјали, брошури, билборди | 25.000,00 |
| 3. | Стандардизација на квалитет ИСО 9001/2015 на општинските услуги | 60.000,00 |
| **Вкупно** | | **135.000,00** |

Бр: 08-1104/41
Дата: 30.12.2024год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто**
**С.р Сеад Исмаил**

Врз основа на член 22 став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02) и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за усвојување на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/76
Дата: 30.12.2024год.

**Градоначалник**
**на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.05/2002) и член 36 став 1 точка 15 од статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97) донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на еднократна парична помош (опожарени куќи) на две семејства**

**Член 1**

Се усвојува одлуката за доделување на еднократна парична помош (опожаени лица) на две семејства во износ од 15.000,00 денари.

1. Лицето Бајрам Зекиров ул. Плачковица бр.13 – Скопје.
2. Лицето Фејзула Ерѓун ул.Волт Дизни бр.15а – Скопје

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Шуто Оризари

Бр: 08-1104/96

Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на совет
на Општина Шуто Оризари
с.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за окална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97), Градначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**
**Одлука за донеделување на еднократна парична помош (опожарени куќи) на две семејства**

1. Се прогласува одлуката за доделување на еднократна парична помош (опожарени куќи) на две семејства по износ од 15.000,00 денари по семејство.
   - Лицето Бајрам Зекиров ул.Плачковица бр.15а – Скопје.
   - Лицето Фејзула Ерѓун ул.Волт Дизни бр.15 а – Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Весник на општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/98
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22, член 36 став 1 од точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р. Македонија бр. 5/2002„), член 1 од Одлуката за отпочнување на постапка за формирање на Младински Совет, член 36 став 1 точка 15 од Статусот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр. 1/97„), Советот на општина Шуто Оризари на својата одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на**
**Програмата за работа на Советот на млади во**
**Општина Шуто оризари за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишната Програма за работа на Советот на млади во Општина Шуто оризари за 2025 година.

Член 2

Составен дела на оваа Одлука е Годишната Програма за работа на Советот на млади во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Шуто Оризари“

Бр: 08-1104/42

Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на СОВЕТ
НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.р. СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 22, член 36 став 1 од точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р. Македонија бр. 5/2002,,), член 1 од Одлуката за отпочнување на постапка за формирање на Младински Совет, член 36 став 1 точка 15 од Статусот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр. 1/97,,), Советот на општина Шуто Оризари на својата одржана на 25.12.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за работа на Совет на млади на Општина Шуто Оризари за 2025 година поднесена од членовите на Советот на млади на Општина Шуто Оризари

## I. Вовед

Советот на Општина Шуто Оризари согласноЗаконот за локална самоуправа на својата 5-та седница, одржана на ден 27.02.2018 година донесе одлука за отпочнување на постапка за формирање на Младински Совет.

Врз основа на член 22, член 36 став 1 од точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р. Македонија бр. 5/2002,,), член 36 став 1 точка 15 од Статусот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр. 1/97,,), Советот на општина Шуто Оризари на својата 20-та седницата одржана на 27.06.2019 година, донесе Одлука за формирање на Младински Совет на Општина Шуто Оризари.

На 13.06.2019 година, на првата конститутивна седница за изгласување на членови на Советот на млади на Општина Шуто Оризари, по пат на гласање членовите на основачкото собрание, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Совет на млади, избраа вкупно 5 (пет) членови, односно една третина од вкупниот број на советници на Општина Шуто Оризари. Членови во Советот на млади на Општина Шуто Оризари се : Ален Умер, Селика Аљиљи, Ромaндо Мустафа, Рахман Сулејман и Рамиза Далипова.

Годишната програма на Советот на млади опфаќа спроведување на проектни активности, одржување на седници најмалку еднаш месечно согласно Деловникот за работа на Советот на млади, воспоставување на комуникација со младински мрежи на локално, национално и меѓународно ниво.

## II. Програмски цели:

1. Зајакнување на капацитетите на Советот на млади преку обуки обуки спроведени од страна со која соработува Општина Шуто Оризари;

2. Зајакнување на младинскиот активизам и младинското учество при креирање на младински политики во Општина Шуто Оризари;
3. Вмрежување со национални и меѓународни мрежи за размена на искуства;
4. Едукација на младите на територија на Општина Шуто Оризари на теми од интерес за младите;
5. Младински Активизам.

## III. Програмски активности:

Годишната програма на Советот на млади на Општина Шуто Оризари подразбира фокус на неколку области за работа:

### 1. Учество на обуки за градење на капацитети и учество на останати активности во рамки на оваа компонента кои вклучуваат зајакнување на младиснко учество.

Во насока на остварување на оваа цел во текот на престојната 2025 година Советот на млади ќе биде насочен конјакнење на капацитетот на членовите се со цел застаување, лобирање и мобилизирање на клучни актери и засегнати страни важни за младински прашања и младински политики.

Сите лица кои се дел од Советот на млади на општина Шуто Оризари ќе бидат дополнително обучувани за поквалитетно и успешно работење.

Советот на млади на општина Шуто Оризари ќе работи на подготовка на нови проектни апликации во насока на остварување на Стратегијата за млади на локално ниво, како и исполнување на визијата и мисијата на Советот на млади во општина Шуто Оризари.

Советот на млади од општина Шуто Оризари планира да учествува на обуки за акциони планови, fundraising, проектен циклус и сл.

### 2. Одбележување на настани од интерес на младите во согласност на календарот на настани изгласан на седница на Совет на млади

Во согласнот на календарот за настани изгласан на седница на Совет на млади во текот на 2025 година ќе се одбележат следните датуми:

- 27.03 Ден на Театарот
- 07.04 Светски Ден на здравјето
- 08.04 Денот на Ромите
- 09.05 Денот на Европа
- 02.08 Холокаустот на Ромите
- 12.08 Меѓународен ден на Младите
- 15.09 Меѓународен ден на демократијата
- 25.10 Европски ден на правадата
- 05.11 Светски ден на Ромскиот јазик
- 05.12 Светски ден на волонтеризмот

Реализирање активности согласно Стратегија за млади,организирање трибини, форуми, дебати и сл. На теми што се од нивен интерес. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

3. **Воспоставување на комуникација со младински мрежи на локално, национално и меѓународно ниво**

Во интерес на младите како и во интерес на остварување на локалната стратегија за млади, Советот на млади во наредната година предвидува вмрежување со останати локални младински совети, како за почеток, за меѓусебно соработување, размена на искуства и застапување за одредени предизвици.

Во рамките на Програмите на Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе се приклучиме во мрежата на младински организации на подрачјето на Република Северна Македонија, како и можностите за добивање на средства од страна на Министерството за имплементација на одредени политики насочени кон младите во општина Шуто Оризари.

4. **Придонес на младите во градење на капацитетите на младите во основните и средните училишта во Шуто Оризари преку неформални едукации**

Предвидени се работилници/обуки за младите од основните и средни училишта во општина Шуто Оризари на теми:

- Младински активизам
- Локална власт
- Креирање политики

Ќе се организираат средби во основните и средни училишта во општина Шуто Оризари за вклучување на младите во составот на Советот на млади како надворешни соработници се со цел изнаоѓање на проблемите, потешкотиите на младите во општината, поттикнување на младински активизам и учествување на младите во креирањето на политики наменети за нив.

5. **Младински активизам**

Во текот на 2025 година, Советот на млади на општина Шуто Оризари ќе застапува за воспоставување на механизми за комуникација, координација, консултација и развој на младински политики.

За унапредување на младинското претставување во општина Шуто Оризари ќе настојува да отпочне соработка со агенции, институции, организации, како и локалналната власт од интерес за младите. Ќе се организираат настани, конференции и дебати за наоѓање, решавање и проритизирање на младиснките прашања се со цел донесување конкретни заклучоци за младите од општина Шуто Оризари.

Советот на млади исто така ќе се обиде да вооспостави комуникација и соработка со останатите локални младински совети од интерес на младите.

### IV. Буџетирање

Советот на млади на Општина Шуто Оризари во соработка со претставници од Општина Шуто Оризари ќе воспостави комуникација за градење на соработка со организации/фондации/амбасади и останати национални и меѓународни донатори кои ќе го поддржат процесот на буџетирање преку подготовка на проектни апликаци и за сите активности предвидени се .За овие активности ќе се изнајдат донаторски средства .

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

За реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе биде надлежен Градоначалникот на Општина Шуто оризари, и сите одредени комисии во рамките на Советот, кои имаат допирни точки со млади, кои ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и покренувањето на иницијативи и давање на мислења, сугестии и поденсување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели /

Програмата влегува во сила со објавување во Службен Гласник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 08-1104/42

Дата: 30.12.2024 год.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**С.р. СЕАД ИСМАИЛ**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45, точка 2 од статутот на општина Шуто Оризари,(Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.01/97), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**
**Одлука за работата на Совет на млади на Општина Шуто Оризари за 2025 година**

1. Се прогласува одлуката за работата на Совет на млади на Општина Шуто Оризари за 2025 година.
2. Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се оббјави во Службен Весник на Општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/78
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ“ бр 5 / 02 ) член 14 став 1 точка 3 иточка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари,, бр.1/97), Советот на општина Шуто Оризари седницата , одржана на 25.12.2024година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на**
**ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**
**во Општина Шуто оризари за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Годишната Програма за ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ за Општина Шуто оризари за 2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програма за ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ во Општина Шуто Оризари за 2025 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Шуто Оризари“

Бр: 08-1104/42
Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на СОВЕТ
НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
С.р.СЕАД ИСМАИЛ

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ“ бр 5 / 02 ) член 14 став 1 точка 3 и точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр.1/97), Советот на општина Шуто Оризари на 38-та одржана на 15.12.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активности на Општина Шуто Оризари во областа на еднакви можности**
**за 2025 година**

Вовед

Програмата за активностите во областа на еднакви можности меѓу жените и мажите за 2025 година, Општина Шуто Оризари има за цел да ја промовира и унапредува родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, со кој се забранува и казнува секаков вид на дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето, трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 60% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат согласно во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,$^{01}$ - 24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение (одлука) од Градоначалникот.

---

[1] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20)

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 30% од просечна исплатена нето плата ,под услов вработениот да работел најмалку шест(6) месеци во календарската година кај работодавачот.

Износот утврден во став 2 како регрес за годишен одмор неможе да изнесува повеке од 60% од нето исплатената просечна месечна нето плата по работник, односно по колективен договор на ниво на работодавач.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 –Други трансфери.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3)  (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Шуто Оризари се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари", а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

Бр: 08-1104/21
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 45 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11, 192/15,209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( "Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник број 239

од 19.11.2019 година ), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казненно – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на република Северна Македонија ( "Службен весник Република Северна Македонија" бр. 51/20 ), Колективниот договор во општина Шуто Оризари бр. 09-970/1 од 01.11.2022 година, и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/86
Дата: 30.12.2024 год.

**Градоначалник на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 88 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36, став 1, точка 15 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 – та (триесет и осмата) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Шуто Оризари", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 08-1104/20
Дата: 30.12.2024год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р.Сеад Исмаил**

Врз основа на член 88 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлуката за за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/87
Дата: 30.12.2024 год.

**Градоначалник на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 8, став 2 и став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19, 53/20, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 162, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 161/16 и 229/20), член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот

за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Правилник**
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 08-1104/49
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 8, став 2 и став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19, 53/20, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 162, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 161/16 и 229/20), член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот

за работа на Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основните училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – основно образование, трансферирани од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година, Програма Н1 и подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на општинските основни училишта:

- „Браќа Рамиз – Хамид“
- „26-ти Јули“.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секое општинско основно училиште врз основа на претходно доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари ќе се врши по следните критериуми:

- вкупен број на ученици по училишта;
- број на ученици во предметна настава;
- број на ученици со посебни потреби;
- број на ученици – корисници на бесплатен превоз;
- тип на објектот на училиштето;
- начин на греење / централно или самостојно /;
- трошоци за тековно одржување на објектите;
- историски податоци од претходната година и,
- останати неизмирени обврски од претходни години.

**Член 4**

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се изземени од методологијата, распределбата се врши согласно горе утврдените критериуми.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата до општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари ќе се насочуваат преку Одделението за финансиски прашања на општина Шуто Оризари месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за образование и наука.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на општина Шуто Оризри", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 08-1104/49
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 5/02), член 8, став 2 и став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 244/19, 53/20, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 162, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.М." бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 161/16 и 229/20), член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Правилникот**
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за усвојување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр:09-1104/88

**Градоначалник на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 8, став 2 и став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19, 53/20, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 184, став 3 и 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 21/18; 198/18; 140/19; 146/19; 275/19; 311/20; 294/31 и 150/22), член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на

Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Правилникот**
**за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 08-1104/50
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 8, став 2 и став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 244/19, 53/20, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 184, став 3 и 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр. 21/18; 198/18; 140/19; 146/19; 275/19; 311/20; 294/31 и 150/22), член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/1997) и член 70 од Деловникот за работа на

Советот на општина Шуто Оризари, Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.15.2024 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари.

### Член 2

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година, Програма В1 и подпрограма В10 – згрижување и воспитание на деца, се врши финансирање на јавната општинска установа – детска градинка:

- ЈОУДГ „8-ми Април“

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секоја јавна општинска установа – детска градинка врз основа на претходно доставените податоци од страна на јавната општинска установа – детска градинка и нејзините годишни финансиски планови.

### Член 3

Распределбата на блок дотацијата по јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари ќе се врши по следните критериуми:

- број на сместени деца во детската градинка;
- број на сместени деца со посебни потреби;
- трошоци односно цена по дете( месечна цена за престој на дете)
- должина на период за греење;
- програмски активности на институциите;
- трошоци за тековно одржување на објектите;
- историски податоци од претходните години и,
- останати неизмирени обврски.

### Член 4

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се иземени од методологијата, распределбата се врши согласно горе утврдените критериуми.

### Член 5

Средствата за блок дотацијата до јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари ќе се насочуваат преку Одделението за финансиски прашања на општина Шуто Оризари месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на општина Шуто Оризри", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 08-1104/50
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 5/02), член 8, став 2 и став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 244/19, 53/20, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 184, став 3 и 4 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М." бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 21/18; 198/18; 140/19; 146/19; 275/19; 311/20;

294/31 и 150/22), член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за усвојување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните општински установи – детски градинки на подрачјето на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/89
Дата:30.12.2024 год.

**Градоначалник на општина Шуто Оризари**
**С.р. Курто Дудуш**

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11, 192/15,209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни

службеници ( "Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник број 239 од 19.11.2019 година ), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казненно – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на република Северна Македонија ( "Службен весник Република Северна Македонија" бр. 51/20 ), Колективниот договор во општина Шуто Оризари бр. 09-970/1 од 01.11.2022 година, и член 36, став 1, точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари ( "Службен гласник на општина Шуто Оризар" бр. 01/97), Советот на општина Шуто Оризари на својата 38 (триесет и осма) Седница на Совет, одржана на 25.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица - Градоначалник, бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон,според бројот на жители во општината, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година.

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Шуто Оризари, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 60% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат согласно во висина од 700 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од $12,^{01}$ -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение (одлука) од Градоначалникот.

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 30% од просечна исплатена нето плата ,под услов вработениот да работел најмалку шест(6) месеци во календарската година кај работодавачот.

Износот утврден во став 2 како регрес за годишен одмор неможе да изнесува повеке од 60% од нето исплатената просечна месечна нето плата по работник, односно по колективен договор на ниво на работодавач.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 –Други трансфери.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

---

[2] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20)

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Шуто Оризари се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари", а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

Бр: 08-1104/21
Дата: 30.12.2024 год.

**Претседател на**
**Советот на општина Шуто Оризари**
**С.р. Сеад Исмаил**

Врз основа на член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11, 192/15,209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( "Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15,

154/15, 5/16, 80/16, 127/16,142/16,2/17,16/17 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник број 239 од 19.11.2019 година ), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казненно – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на република Северна Македонија ( "Службен весник Република Северна Македонија" бр. 51/20 ), Колективниот договор во општина Шуто Оризари бр. 09-970/1 од 01.11.2022 година, и член 45 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари„ бр. 01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Со ова Решение се прогласува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување на „Службен гласник на општина Шуто Оризари", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Бр: 09-1104/86
Дата: 30.12.2024 год.

**Градоначалник на општина Шуто Оризари**
**С.р.Курто Дудуш**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.05/2002) и член 36 став 1 точка 15 од статутот на Општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97) донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на еднократна парична помош на две семејства, поради тешки социјални услови за живот**

**Член 1**

Се усвојува одлуката за доделување на еднократна парична помош на три лица поради тешки социјални усволи за живот во износ од 15.000,00 денари.

1. Лицето Исмани Февзије на адреса Буковиќ, ул 1 бр.16 – Скопје
2. Лицето Исени Ебрар ул.Индира Ганди 31 бр.33 – Скопје
3. Лицето Дурмишова Семрана ул.Патерис Лумумба бр.6-1

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Шуто Оризари

Бр: 08-1104/97

Дата:30.12.2024 год.

Претседател на совет
на Општина Шуто Оризари
с.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за окална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97), Градначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**
**Одлука за донеделување на еднократна парична помош на две семејства, поради тешки социјални услови за живот.**

3. Се прогласува одлуката за доделување на еднократна парична помош на три лица по износ од 15.000,00 денари по семејство.
   - Лицето Исмани Февзије на адреса Буковиќ, ул 1 бр.16 – Скопје
   - Лицето Исени Ебрар ул.Индира Ганди 31 бр.33 – Скопје
   - Лицето Дурмишова Семрана ул.Патрис Лулумба бр.6-1 – Скопје

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Весник на општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/99
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Дудуш Курто

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 05/2002) и член 36 став 1 точка 15 од статутот на општина Шуто Оризари (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01/97), Советот на Општина Шуто Оризари на 38-та седница одржана на ден 25.12.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на**

**Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува одлуката за Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2025година.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Шуто Оризари

Бр:08-1104/19

Дата: 30.12.2024 год.

Претседател на
Совет на Општина Шуто Оризари
С.р. Сеад Исмаил

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 05/02) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари, („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.01.97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За прогласување на**

**Одлука за усвојување на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година**

1. Се прогласува одлуката за усвојување на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службениот Весник на општина Шуто Оризари.

Бр: 09-1104/911
Дата: 30.12.2024 год.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
С.р. Курто Дудуш